**СОДРЖИНА:**

I. ВОВЕД....................................................................................................4

II. МЕТОДОЛОГИЈА.....................................................................................7
II.1 Предмет на истражување.....................................................................7
II.2 Цел и карактер на истражувањето.......................................................8
II.3 Задачи на истражувањето.....................................................................8
II.4 Хипотези.................................................................................................9
II.5 Варијабли на истражувањето.............................................................11
II.6 Методи, техники и инструменти на истражувањето........................11
II.7 Популација и примерок.......................................................................11
II.8 Статистичка обработка на податоците..............................................12
II.9 Организација и тек на истражувањето..............................................12

III. ПРЕГЛЕД НА БОЛОЊСКИТЕ НАСОКИ И ЦЕЛИ:..........................13
III.1 Теоретски и историски преглед........................................................13
III.2 Од Берлин до Берген: утврдување на новите болоњски насоки ..........17
III.3 Утврдувањето на слабостите и идните предизвици во спроведувањето на болоњските реформи на министерските конференции во Лондон, Лувен и Будимпешта..........................................................................................18
III.4 Консолидирање на Европскиот простор за високо образование .........23

IV. ИМЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА БОЛОЊСКИТЕ ПРЕПОРАКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........................................................................25
IV.1 Усвојување на систем на лесно препознатливи и споредливи степени и воведување на Додаток на диплома ..........................................................28
IV.2 Усвојување на систем базиран на три циклуси: додипломски, постдипломски и докторски студии..........................................................34
IV.2.1 Национална рамка за квалификации...............................................38
IV.3 Воведување на систем на кредити - ЕКТС.........................................40
IV.4 Промоција на Болоњскиот пакет за мобилност..................................43
IV.5. Промоција на европската соработка во осигурувањето на квалитетот, Обезбедување на квалитет во високото образование во Република Македонија ..................................................................................................54
IV.6 Промоција на европската димензија во високото образование ...........60
IV.7 Агендата за доживотно учење и нејзината имплементација во РМ ........ 62
IV.7. 1. Социјалната димензија во високото образование ..........................68
IV.8 Студентите и Болоњскиот процес.......................................................71
IV.9 Зголемување на актрактивноста и компетитивноста на европскиот простор на високото образование ...............................................................75
IV.10 Докторските студии и синергијата помеѓу европскиот простор на високото образование и европскиот простор на истражување .....................78

V. ИМЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА БОЛОЊСКИТЕ ПРЕПОРАКИ ВО ГЕРМАНИЈА: компаративни согледби ...................................................86
V.1 Усвојувањето на систем на лесно препознатливи и споредливи степени и воведување на додаток на диплома ...........................................................88

V.2 Усвојување на систем базиран на три главни циклуси - додипломски, пост-дипломски и докторски студии ....90
V.3 Воведувањето на систем на кредити ЕКТС во Германија ....94
V.4 Промоција на мобилноста во Германија....95
V.5 Промоција на европската соработка во осигурувањето на квалитетот во Германија....101
V.6 Промоција на европската димензија во високото образование во Германија....103
V.7 Агендата за доживотно учење: искуството во Германија....104
V.7.1 Социјална димезија: искуството во Германија ....108
V.8 Вклучување на студентите: искуството на германските униврзитети ....112
V.9 Зголемување на атрактивноста и компетитивноста на европскиот простор на високото образование во Германија....113
V.10 Имплементацијата на третиот степен – докторски студии на германските универзитети ....114
V.11 Заклучоци и Препораки:....117

VI. БОЛОЊА ПРОЦЕСОТ 2010 - 2020: СЕГАШНИ И ИДНИ ПРЕДИЗВИЦИ: Високото образование и светската глобализација ....122
VI.1 Предизвиците во високото образование на Република Македонија до 2020....124

VII. ЗАКЛУЧОК....130

VIII. ПРИЛОЗИ ....134

IX. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ....138
Линкови: ....142

# I. ВОВЕД

***Високото образование во Европа има витално значење во придонесот кон остварувањето на Европа на знаење, што е исклучително креативен и иновативен процес ... Европа може да успее во овој зафат само ако драстично ги зголеми талентите и капацитети на сите нејзини граѓани, целосно ги ангажира во доживотното учење, и активно ги вклучи во високото образование.[1]***

Во изминатата декада, поголемиот број од европските земји се соочија со предизвикот на спроведување на нови, модернизирани реформи во европското високо образование како клучни стратегии во создавањето на конкурентна, високо-квалификувана, оспособена интелектуална и работно-способна сила која може, не само да им излезе во пресрет на предизвиците на новото време на глобализација, туку и да се истакне со знаење и квалификации покрај останите кадри од другите земји во светот. *Политичката и економската глобализација на земјите во светот, пред сè европските, ја имплицираа потребата од образовна глобализација, како есенција на нивната одржливост, со посебен фокус на високото образование како основен столб на кој ќе се темели нивната идна манифестација.[2]* Во оваа насока, во измината декада во Република Македонија се превземаа низа активности во насока на модернизирање на нашето високо образование, во согласност со усогласните европски насоки, методи и техники за спроведување на реформи, уште повеќе познати како болоњски реформи, усвоени од истоимената Болоњска декларација.

Болоњската декларација[3] е примарен документ кој се користи од страна на земјите потписнички за воспоставување на општа рамка за модернизација и реформа на високото образование во Европа, односно усогласување на архитектурата на Европскиот систем за високото образование (ЕНЕА). Имплементација на болоњските реформи имаат суштинско значење во креирањето и идното оддржување на европскиот простор за високо образование т.н. ЕНЕА[4]. Република Македонија го официјализираше превземањето на оваа усогласена европска обврска во 2003 година на Берлинската

---

[1] Министрите одговорни за високото образование во земјите-учеснички во Болоњскиот процес, Ловен / Louvain-la-Neuve комунике, април 2009

[2] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија/ стр.265

[3] Болоња декларација за првпат е усвоена во 1999 година од страна на министрите одговорни за високото образование во 29 европски земји

[4] EHEA – European High Education Area, види: www.ehea.info

министерска конференција, меѓу останатите 46 европски земји и со тоа не само што се вклучи во кругот на интегрирано европско образование, туку и одговорно ги превзеде сериозните обврски во оддржувањето на сопствениот и на европскиот простор за европско образование. Со оглед на ова обврзување, Република Македонија ја носи одговорноста за усогласување на европската димензија на високото образование, како и спроведување на препорачаните насоки и цели на европската образовна политика во согласност со своите особености и специфики на сопствениот образовниот систем. *Трансформацијата на високото образование во нашата земја треба да се остварува во динамика соодветна со динамиката на промените во земјите во Европа, со цел активно вклучување во европскиот простор на високо образование. Следењето на современите трендови во високото образование во Европската унија и пошироко, не само што овозможува засилување на неговата улога во развојот на демократијата, граѓанското општество, и развојот на пазарното стопанство на земјата, туку и овозможува вклучување на Република Македонија во глобалните интегративни процеси, со свој сопствен идентитет.*[5] Целта на Болоњскиот процес е креирање единствен европски систем на високо образование, односно универзитетска настава и истражување со истовремено признавање и задржување на различните национални специфичности (култура, јазик, традиција итн.). На тој начин, би требало да се оствари пофлексибилен и поефикасен систем на високо образование во цела Европа, кој би бил конкурентен на глобалниот светски пазар на знаење. [6]

Токму затоа понудата од информации кои би дале подетален приказ за досегашната имплементација на болоњските реформите во Република Македонија, споредбено со земја потписничка како што е С.Р. Германија, е неопходен и потребен чин, особено поради прегледот на досегашните и создавањето на идните стратегии и насоки за спроведување на реформите во нашата земја. Искуството на високо развиените европски земји, како Германија, укажува на фактот дека напредокот во областа на образованието се смета за примарен фактор во економскиот развој, а секундарен следствено е порастот на знаења, односно порастот на бројот на високо-образовани кадри, како активни учесници на пазарот на трудот, во случај кога нивните образовни и работни капацитети соодејствуваат со барањата на пазарната економија[7]. Следењето на квалификационата структура на расположливата работна сила, значи и

[5] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија/ стр.265
[6] Ана Паваловска-Данева, доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје/ Глобус бр. 96
[7] Трајан Гоцевски, „Економика на образованието", стр. 294

навремено оспособување и подготвување на високообразовните кадри за понатамошните општествени активности и потреби.[8] Професионалното и трудово ангажирање во сите општествени домени и структури е еден од најважните предизвици на Европската декларација за високо образование, т.н Болоња декларација. Потребата да се создаде комплетна, компактна и стабилна Европа, ја зачетна идејата да се зајакнат сите интелектуални, културни, социјални, научни и технолошки расположливи средства. [9] Зајакнувањето на интелектуалните, образовните, културните, социјалните, научните и технолошки капацитети на граѓаните од сите генерации е сложен процес кој подразбира вклучување на сите демократски, политички, економски, финансиски и човечки ресурси во едно општество. Предизвиците да се постигнат квалитетни и практични резултати, се дополнително потешки кога станува збор за земја која сеуште е во фаза на утврдување на своите демократски, економски и социјални вредности и принципи, како што е Република Македонија. Од тие причини, секој обид да се направи увид на состојбите во високото образование и степенот на спроведеност на релевантните ЕУ насоки во последната и идната декада, треба да ги земе во предвид и паралелните промени кои ги диктираат општествено-политичките текови, стратегии и начини на дејствување.

Овој труд има за цел да ги детектира клучните предизвици и перспективи на Болоњскиот процес, со кои се соочија земјите потписнички во изминатата декада, и оние со кои ќе мора да се соочат и успешно да ги надминат, во наредната декада, до 2020 година. Причината поради која ќе се направи теоретска анализа на досегашните спроведени цели од Болоњската декларација во високо-образовниот систем во Република Македонија е со цел да се стекнат сознанија за степенот на досегашната хармонизација со реформите во европското високо образование и начинот на модернизирање на нашето високо образование. Со цел да се добијат поквалитетни сознанија, искуствата од Македонија како кандидат земја-членка на Европската унија, ќе бидат споредени со искуството на имплементираните Болоњски реформи во С.Р. Германија, како земја-членка на ЕУ, и како специфичен пример во однос на својот образовен систем.

Добиените информациите од компаративните искуства, би овозможило стекнување квалитетни сознанија за разликите, сличностите и позитивните примери на спроведување на болоњските реформи, но и на националните образовни политики, кои

[8] Трајан Гоцевски, „Економика на образованието“; стр. 294
[9] Трајан Гоцевски, „Економика на образованието“; стр. 294

би биле од корист и за двете земји. Компаративните сознанија треба да понудат и информации за степенот на компатибилноста на високо-образовните системи со потребите на домашниот и меѓународниот пазар на труд, како особено значајни сред процесите на глобализација и справувањето со финансиската и економска криза во Европа и светот.

## II. МЕТОДОЛОГИЈА

### II.1 Предмет на истражување

Предмет на истражување на овој труд ќе биде спроведувањето на болоњските реформи, односно Болоњските препораки од потпишувањето на декларацијата па се до 2010 година, како и идните предизвици до 2020 година. Попрецизно, ќе се направи преглед и увид на досегашната имплементација на Болоњските препораки во Република Македонија. Ќе се истражува искуството на имлементирање на процесот во Република Македонија, компаративно со податоците од искуството на ЕУ земја-членка: С.Р.Германија, како и утврдување на целите кои треба да се постигнат во високото образование во Европа и во нашата земја до 2020.

Предметот на истражување ќе ги опфати следниве фактори:

- ✓ Особеностите на Болоњскиот процес;
- ✓ Европската образовна политика: високото образование и националните политички агенди – случајот на Македонија и Германија;
- ✓ Високото образование и пазарната економија, т.е. пазарот на трудот;
- ✓ Одржливост на квалитетот сред новите квалификациони рамки на високото образование;
- ✓ Придонесот од новите измени во високото образование;
- ✓ Идни предизвици и перспективи;

### II.2 Цел и карактер на истражувањето

Цел на истражувањето е да се испита теоретската и практична имплементација на болоњските насоки и цели во високото образование во Република Македонија во последната декада, и да се утврдат предизвиците и целите кои ќе треба да се реализираат до 2020 година.

Ова истражување ќе биде емпириско и евалуациско. Ќе се користи методот на теоретска анализа, аналитичко-дедуктивниот метод, и историски-компаративниот метод, а ќе биде насочено кон детектирање на одредени недоследности и пропусти при имлементирањето на болоњските насоки во високото образование во Република Македонија. Со ова истражување ќе се проверат различните апсекти на Болоњскиот процес и ќе се укаже на потребата од прецизна и темелна стратегија за идна оддржливост на квалитетот во високото образование. Истражувањето ќе биде современо, насочено кон истражување на актуелните проблеми од досегашните спроведени промени со Болоњскиот процес, како и кон утврдување на идните цели до 2020 година. Ова истражување ќе биде теоретско, дескриптивно и квалитативно.

### II.3 Задачи на истражувањето

Целта на истражувањето ќе се конкретизира низ неколку задачи:

1. Да се испита генезата на дефинирање на болоњските насоки за модернизирање на европското високо образование во последната декада;
2. Да се испита актуелната состојба од досегашната имплементација на болоњските насоки во Република Македонија;
3. Да се стекнат сознанија за практичното усвојување и примена на три цикличниот систем (додипломски, магистерски и докторски степен) во Република Македонија, во споредба со Германија.
4. Да се стекнат квалитетни сознанија за имплементацијата на ЕКТС во високото образование во Република Македонија, во споредба со Германија;
5. Да се стекнат квалитетни сознанија за степенот и квалитетот на мобилност во нашето високо образование, во споредба со Германија;
6. Да се стекнат сознанија за начинот на обезбедување на квалитет во високото образование во Република Македонија, споредбено со Германија;

7. Да се стекнат сознанија за степенот на квалитетот од утврдувањето и примената на националната квалификациона рамка во нашата земја, споредбено со Германија;
8. Да се стекнат сознанија за начинот на промовирањето на европската димензија во високото образование во Република Македонија, споредбено со Германија;
9. Да се стекнат определени сознанија за примената на европската „Агенда за доживотно учење“ во Република Македонија, споредбено со Германија.
10. Да се стекнат сознанија за начинот на промовирање на атрактивноста на Европската област за високо образование во Република Македонија и Германија;
11. Да се дојде до сознанија за проблемите и предизвиците со кои се соочуваат Универзитетите при спроведувањето на болоњските насоки во Република Македонија, споредбено со Германија;
12. Да се стекнат сознанија за степенот на ангажираност на студентите во процесот на спроведување на болоњската агенда;
13. Да се стекнат компаративни сознанија за искуствата во Македонија и Германија во врска со усвојувањето и практичната примена на националните образовни политики и стратегии во однос на болоњските насоки и цели;
14. Да се стекнат сознанија за степенот на практичната соработка меѓу универзитетите и бизнис заедницата во Република Македонија, споредбено со Германија;

**II.4 Хипотези**

Општа хипотеза е дека Република Македонија се соочува со предизвикот на практичната примена на болоњските насоки и цели во последната декада, и утврдувањето на идните перспективи.

Посебни хипотези би биле следниве:

1. Имплементирањето на болоњските реформи во последната декада, не е рамномерно успешно спроведено и сеуште со соочува со низа тешкотии и проблеми;

2. Досегашната имплементација на болоњските реформи во Република Македонија не е доволно анализирана и евалуирана;
3. Системот базиран врз три циклуси (додипломско, магистерско и докторско ниво) се соочува со низа предизвици, особено во однос на спроведувањето на третиот циклус-докторски студии во нашата земја;
4. Имлементација на ЕКСТ во ВО систем во Република Македонија се соочува со низа предизвици ;
5. Степенот на мобилност (на студенти, наставен и административен кадар), не се наоѓа на задоволително ниво и се соочува со низа предизвици и проблеми;
6. Обезбедувањето на квалитет во високото образование во Република Македонија, се соочува со низа предизвици и проблеми;
7. Спроведувањето на националната квалификациона рамка во Република Македонија, се соочува со низа предизвици и проблеми;
8. Промовирањето на европската димензија во високото образование во Република Македонија, не е на задоволително ниво;
9. Спроведувањето на европската „Агенда за доживотно учење во ВО систем на Република Македонија не е на задоволително ниво;
10. Промовирањето на атрактивноста на европската област за високо образование во Република Македонија, не е на задоволително ниво;
11. Универзитетите во Република Македонија се соочуваат со низа тешкотии и проблеми при спроведувањето на болоњските насоки;
12. Ангажираноста на студентите во процесот на спроведување на болоњската агенда е на незадоволително ниво;
13. Усвојувањето и практичната примена на националните образовни политики и стратегии во однос на болоњските насоки и цели се соочува со низа тешкотии и предизвици;
14. Практичната соработка меѓу универзитетите и бизнис заедницата во Република Македонија е на незадоволително ниво;

### II.5 Варијабли на истражувањето

Врз основа на формулираните хипотези на истражувањето можат се дефинираат следниве варијабли:

- ***Независна варијабла*** во ова истражување ќе бидат професијата, работното искуство, одговорностите и националната припадност на испитаниците.
- ***Зависна варијабла*** во ова истражување ќе бидат ставовите и мислењата на испитаници во однос на степенот на спроведливост на болоњските препораки во високото образование во нашата земја.

### II.6 Методи, техники и инструменти на истражувањето

За собирање на податоците согласно дефинираниот предмет, целта и задачите на истражувањето, ќе се користи аналитичко-дедуктивниот метод, историско-компаративниот метод, и методот на теоретска анализа, заснован врз дедуктивно-индуктивно заклучување. Техники на истражувањето ќе бидат: техниката на интервјуа, од типот лице во лице, анализа на документи и скалирање. Инструмент на анкетирањето ќе бидат прашалник со прашања од комбиниран тип (отворен и затворен, односно Да/Не/Не знам прашања и описни прашања) и скали на процена. Со помош на податоците од инструментите ќе ги утврдиме поставените хипотези и ќе ја утврдиме варијабилноста на нивните одговори во однос на нивната професија, работно искуство и национална припадност.

### II.7 Популација и примерок

Сите претходно познати статистички податоци влегуваат во популацијата на истражувањето. При истражувањето ќе се користи стратификуван примерок, а ќе опфати 3 сегашни и 1 поранешен проректор за настава и тоа: сегашниот и поранешниот про-ректор за настава на државниот универзитет Св.„Кирил и Методиј“ во Скопје - УКИМ, како и 2 про-ректори за настава на приватните универзитети: ФОН и „Гоце Делчев“ во Штип; истражувањето ќе опфати и 3 испитаници од Министерството за наука и образование во Република Македонија и тоа: раководител на секторот за високо образование во МОН, раководител на секторот за инспекциски надзор во високото образование во МОН, и член од секторот за спроведување на

програмата ТЕПМУС во Р.Македонија во МОН. Истражувањето ќе опфати и 2 испитаници од Техничкиот универзитет во Дрезден, Германија, и тоа: 1 раководител на одделот за спроведување на болоњските реформи и про-ректор за настава 2. раководител на одделот за спроведување на програмите за мобилност. Вкупниот број на испитаници ќе биде 9.

Временскиот примерок на истражувањето ќе го опфаќа периодот од март 2010 до ноември 2011 година.

### II.8 Статистичка обработка на податоците

Податоците добиени со примена на квалитативните методи и техниката на интервју ќе се обработуваат квалитативно, а добиените информации од спроведените интервјуа (односно одговорите од прашањата) квантитативно ќе се анализираат и соодветно интерпретираат.

Крајната анализа на податоците ќе се изврши со нивно компјутерско внесување и преку одделни етапи на квалитативната анализа, која ќе подразбира индексирање, групирање, категоризација и завршна интерпретација со користење на компјутерските програми EXCEL и WORD или пак во бројчан, процентулен и графички приказ.

### II.9 Организација и тек на истражувањето

Истражувањето ќе биде организирано во развојни етапи, почнувајќи од изборот на проблемот, па се до крајните резултати или извештај од истражувањето. Во текот на истражувањето ќе биде даден детален осврт на секоја етапа одделно, а целокупните истражувачки активности во временски рамки ќе се одвиваат 16 месеци, 15 месеци за за спроведување на инструметите за истражувања и еден за обработка на податоците.

# III. ПРЕГЛЕД НА БОЛОЊСКИТЕ НАСОКИ И ЦЕЛИ:

## III.1 Теоретски и историски преглед

Секое модерно и демократско општество кое се стреми да одговори на сегашните и идни предизвици, не смее да ја занемари пошироката општествена, политичка и економска улога на образованието. *Прашањето дали треба да се развива високото образование не е прашање на добра волја, туку обврска од чие исполнување зависи дали земјата ќе се најде во улога на статист или активен играч во процесите на глобализација, дали ќе ги трпи последиците од глобализацијата или ќе ги ужива благодетите, дали ќе избере „безбедност" пропаѓајќи во својата статичност или ќе ги прифати промените и храбро ќе се впушти во развивање на своите потенцијали и компетитивност и истите ќе ги пласира на светскиот пазар како конкурентни квалитети.*[10]

Имајќи ги во предвид предизвиците на 21 век, брзо растечката светска пазарна економија и рапидниот пораст на човечкиот потенцијал во светски рамки, водечките земји во Европа пред повеќе од 12 години, усвоија нови стратешки цели за пораст и развој на квалитетот на европското високо образование. Имено, во мај 1998 година во Сорбона, министрите за образование на четирите земји: Франција, Германија, Италија и Велика Британија донесоја заедничка одлука дека е повеќе од потребно во наредната декада да се хармонизира архитектура на Европскиот систем за високо образование во европските земји, односно да се создаде заеднички европски простор за високо образование, односно ЕНЕА: ***European area of higher education***[11].

Со цел да се потврди оваа заедничка стратегија се потпиша заедничка декларација, т.н Сорбонска декларација. Главните насоки од оваа заедничка декларација се фокусираа на:

- Подобрување на транспарентноста на меѓународни курсеви и признавање на квалификациите со значење на постепена конвергенција кон една заедничка рамка на квалификации и циклуси на студии[12];

[10] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија 2006-2015/ стр.265

[11] The Bologna Declaration of 19 June 1999, Joint declaration of the European Ministers of Education, стр. 3

[12] The Bologna Declaration of 19 June 1999, Joint declaration of the European Ministers of Education, стр. 3

- поттикнување на мобилноста на студентите и на наставниот кадар во Европската област и нивна интеграција на Европскиот пазар на трудот[13];

- Проектирање на заеднички систем на ниво на степен за студенти (диплома) и дипломирани (магистерски и докторски степени)[14].

Оваа декларација пред се имаше за цел да ги зајакне ВО инситуции и да подготви да одговорат на непходните потреби за доживотно учење на што повеќе луѓе, како и да ја развие мобилноста на студентите и академскиот кадар, кој се сметаше и се уште се смета за главен и неизбежен дел од вистинската европска интеграција. Токму затоа, Сорбонската декларација, многу набрзо беше поддржана од Чешка, Белгија, Бугарија, Данска, Романија и Швајцарија, и истата наиде на официјално одобрување во јуни 1999 год. кога 31 министри од сферата на високото образование од 29 земји, се сретнаа во Болоња[15] и ја потпишаа Декларација од областа на високото образование во Европа до 2010, уште позната и како Болоњска Декларација.[16] Со потпишувањето на Болоњската декларација, земјите потписнички[17] се согласија за изготвување на програма, односно акционен план за развој на високото образование во Европа до 2010 година. Оваа декларација стана примарен документ кој се користи од страна на земјите потписнички за воспоставување на општа рамка за модернизација и реформа на високото образование во Европа. Воедно, сите земји потписнички се здобија со можност за ползување на специфичностите на сопствените образовни системи и креирање на еден единствен европски систем.[18].

Во изготвувањето на Болоњската декларација учествуваа и претставници на клучните меѓународните институции, како што се Европската комисија, Советот на Европа и на здруженијата на универзитетите, ректори, УНЕСКО - CEPES во функција на како консултативни членови, како и Европската асоцијација на студенти.[19] Во

---

[13] The Bologna Declaration of 19 June 1999, Joint declaration of the European Ministers of Education, стр. 3

[14] The Bologna Declaration of 19 June 1999, Joint declaration of the European Ministers of Education, стр. 3

[15] Од 1998 година, па се до 2010 година начинот на избирање на одржување на министерските средби соодејствуваат со мапи на различни европски градови од Болоњскиот процес, имено Париз (на Универзитетот Сорбона), Болоња, Прага, Берлин, Берген, Лондон и Лувен / Louvain-la-Neuve

[16] Declan Kennedy, Áine Hyland, Norma Ryan, Writing and Using Learning Outcomes: a Practical Guide/ Implementing Bologna in your institution, стр. 2

[17] Нови земји потписнички кој се приклучија на тогашните 15 земји членки на ЕУ, беа Исланд, Норвешка и Швајцарија и 11-кандидати за членки земји на ЕУ: Бугарија, Чешка Република, Естонија, Унгарија, Латвија, Литванија, Малта, Полска, Романија, Словачка и Словенија

[18] Declan Kennedy, Áine Hyland, Norma Ryan, Writing and Using Learning Outcomes: a Practical Guide/ Implementing Bologna in your institution, стр. 2

[19] *ec.europa.eu/education/higher-education/doc1290_en.htm* / Higher education in Europe 2009: Developments in the Bologna process – page 13.

понатамошниот развој на Болоњските цели и насоки, истите играат важна улога во спроведувањето на процесот.

Болоњската декларацијата ги втемели основните суштински 6 цели и насоки кои се срјта на Болоњскиот процес:

- Донесување на систем со лесно читливи и споредливи степени[20];

-Воведување на систем кој се базира главно на два главни циклуси;

-Воспоставување на систем на кредити (како на пример ЕКТС);

-Поддршка на мобилноста на студентите, наставниот кадар и истражувачите;

-Промовирање на европската соработка во обезбедувањето на квалитет;

-Промовирање на европската димензија во високото образование (во смисла на развој на наставна и меѓуинституционална соработка).[21]

Болоња декларацијата посведочи дека со својата независност и автономија, универзитетите треба да гарантираат дека високото образование и истражувачките системи постојано ќе се адаптираат на промените, општествените потреби и научните прогреси. Со Болоњската декларација, воедно се формулираше и целта за зголемување на меѓународната конкурентност на Европскиот систем за високо образование и се нагласи потребата овој систем да го привлече вниманието од целиот свет.

Во мај 2001 година во Прага, неколку нови земји се приклучија на Болоњскиот процес: Хрватска, Кипар, Лихтенштајн и Турција. Министрите го усвоија таканареченото Прашко Комунике [22] кое ги постави насоките за наредните две години се до Министерската Конференција во Берлин во 2003 година. Прашкиот самит ги утврди целите и насоките усвоени претходно, донесувајќи и три нови клучни насоки:

- Промовирање на стратегијата за доживотно учење[23];

Промовирањето на идејата за доживотно учење, се смета за есенцијален, круцијален елемент од ЕХЕА. Идејата за создавање на Европско општество и економија базирани врз знаења, може и треба да се реализира токму преку оваа стратегија за доживотно учење кое не само што може да одговори на предизвиците на

[20] The Bologna Declaration of 19 June 1999, Joint declaration of the European Ministers of Education, стр
[21] The Bologna Declaration of 19 June 1999, Joint declaration of the European Ministers of Education, стр. 4
[22] TOWARDS THE EUROPEAN HIGHER EDUCATION AREA Communiqué of the meeting of European Ministers in charge of Higher Education in Prague on May 19th 2001, стр.1
[23] TOWARDS THE EUROPEAN HIGHER EDUCATION AREA Communiqué of the meeting of European Ministers in charge of Higher Education in Prague on May 19th 2001, стр.2

компетитивноста и употребата на новите технологии, туку воедно да ја подобрат и социјалната кохезија и квалитетот на живот.[24]

- Вклучување на студентите и високообразовните институции како рамноправни учесници во Болоњскиот процес. [25]

На состанокот во Прага, студентите беа признаени како еднаков партнер во процесот на одлучување: Европската студентска организација ESIB[26] стана консултативен член на Болоњската follow-up (BFUG) [27] група заедно со Советот на Европа, Европската Универзитетска Асоцијација EUA и Европската Асоцијација на институции за високо образование-EURASHE. [28]

- Промовирање на атрактивноста за EHEA[29]. Промовирањето на атрактивноста на ЕХЕА пред се, се однесува на зајакнување на квалитетот на високото образование и истражувачката област со цел зголемување на меѓународната атрактивност и компетитивност. Со цел реализирање на оваа болоњска насока, еден од факторите се однесува на продлабочување на соработката меѓу сите европски земји-потписнички, и нивните релеванти ВО институции.

Насоките утврдени со Болоњската декларација се важни не само за подобрување на образовните системи, туку се особено значајни за стабилизирање на промените кои ги придружуваат болоњските реформи како што се: трансформирање на традиционалниот систем на образование; акредитацијата; понуда на јавна услуга од страна на приватното образование, контролирање на децентрализацијата, пораст на моќта на универзитетите, како и зајакнување на образованието кое е во служба на граѓаните и економијата во услови на прогресивен пост-индустриски свет.[30] Дел од болоњските реформи може да изгледаат радикални само поради современото легализирање на национализмот, етатизмот[31] и индустиското организирање на

---

[24] TOWARDS THE EUROPEAN HIGHER EDUCATION AREA Communiqué of the meeting of European Ministers in charge of Higher Education in Prague on May 19th 2001, стр.2

[25] TOWARDS THE EUROPEAN HIGHER EDUCATION AREA Communiqué of the meeting of European Ministers in charge of Higher Education in Prague on May 19th 2001, стр.3

[26] ESIB - The National Unions of Students in Europe

[27] BFUG - Bologna Follow-up Group – Група за следење и континуиран развој на Болоњскиот процес. Групата е составена од претставници на сите земји потписнички, како и на Европската комисија, а претседава земјата според ротирачкото претседателство на ЕУ.

[28] EURASHE – European Association of Institutions in Higher Education

[29] TOWARDS THE EUROPEAN HIGHER EDUCATION AREA Communiqué of the meeting of European Ministers in charge of Higher Education in Prague on May 19th 2001, стр.4

[30] E. Stephen Hunt, U.S. Network for Education Information Manager, U.S Department of Education, United States, *Improving recognition across systems* стр.25

[31] Етатизам: политички и стопански систем во кој решавачкиот збор во сите економски и општествени односи го има државата, односно нејзиниот бирократски апарат.

оптшеството.[32] Но, со оглед на влијателните промени во Европа во однос на работата, миграцијата, социјалната политика дипломатијата, и високото образование, Болоњскиот процес може само да допридонесе во зајакнувањето на капацитетите на Европа во глобални рамки.[33]

### III.2 Од Берлин до Берген: утврдување на новите болоњски насоки

Во периодот од 2003 до 2005 се оддржаа уште две конференциски средби во врска со утврдувањето на понатамошниот развој на Болоњскиот процес. Првата средба беше оддржана во Берлин во 2003 година, а втората во Берген, во 2005. На овие средби беа приклучени уште 7 во 2003[34] и 5 во 2005[35] нови земји потписнички. За нас е значајно што во 2003 година и Република Македонија се приклучи кон европското семејство за развој на високото образование и со тоа ги превзеде сите обврски за реализирање на целите и насоките на Болоња, нудејќи свој придонес кон креирањето на единствен простор за ВО - ЕХЕА. Сите нови земји потспинички се обврзаа да понудат задоволителен развоен план за имплементација на болоњските цели во својот образовен систем. 36

Главниот придонес од конференцијата во Берлин[37], беше донесувањето на одлуката за забрзување на процесот, односно реализирање на три главни препораки до 2005 и тоа: обезбедувањето на квалитет, на институционално, национално и европско ниво; усвојувањето на систем базиран врз два циклуса и признавањето на степените, вклучувајќи го и обезбедувањето на диплома суплемент – Diploma Supplement, автоматски и бесплатно за сите дипломирани од 2005 година; [38] Покрај усвојувањето на систем базиран врз два циклуси, се донесе и одлука да се вклучи и третиот степен од циклусот- докторските студии. Паралелно со оваа одлука, се потврди и потребата од што потемелен развој на истражувачката област во европското високо образование.

[32] E. Stephen Hunt, U.S. Network for Education Information Manager, U.S Department of Education, United States, *Improving recognition across systems* стр.25
[33] E. Stephen Hunt, U.S. Network for Education Information Manager, U.S Department of Education, United States, *Improving recognition across systems* стр.25
[34] Во Берлин 2003 беа приклучени следните земји: Албанија, Андора, Босна и Херцеговина, Република Македонија, Светата Столица, Русија, Србија и Црна Гора
[35] Во Берген, 2005 беа приклучени и Азербејџан, Грузија, Ерменија, Молдавија и Украина
[36] Higher education in Europe 2009: Developments in the Bologna process – стр. 15
[37] На ова конференција Европски центар за високо образование (УНЕСКО-CEPES) се приклучи на работата на BFUG како консултативен член
[38] "Realising the European Higher Education Area", Communiqué of the Conference of Ministers responsible for Higher Education in Berlin on 19 September 2003 – стр.3

Две години подоцна, се одржа наредната министерската конференција во Берген[39], која пак е особено значајна поради утврдувањето и донесувањето на стандарди и насоки за обезбедување квалитет во Европскиот простор за високо образование – ЕНЕА. Средбата во Берген е исто така значајна и поради одлуката на министрите за високо образование да ја зајакнат социјалната димезија на процесот, како и да ги засилат напорите околу отстранувањето на пречките за мобилност.[40] Воедно Бергенското комунике, ги утврди и главните приоритети околу: исполнување на стандардите и насоките за осигурување на квалитет како што е предложен во ENQA извештајот; исполнување на националните рамки на квалификации; доделување и признавање на заеднички степени; како и креирање на можности за флексибилно учење - патеки во високото образование, вклучувајќи ги и постапките за признавање на претходното учење.[41]

### III.3 Утврдувањето на слабостите и идните предизвици во спроведувањето на болоњските реформи на министерските конференции во Лондон, Лувен и Будимпешта

Лондонското комунике[42], пред се го потврди развојот на настаните во две клучни области: а) социјалната димензија, за што министрите се согласија да ги развијат националните акциони планови за следење на соодветното влијание, како и б) глобалната димензија, за што министри се договорија да усвојат стратегија за развој на оваа димезија во високото образование во Европа. На средбата во Лондон, покрај евалуацијата на дотогаш сработеното, беа утврдени и слабостите на спроведените болоњски насоки, како и идните предизвици кои ќе треба да се надминат и по 2010 година. Едни од клучните предизвици за кои ќе биде потребен напор и силна волја за

---

[39] Higher education in Europe 2009: Developments in the Bologna process – page 15. На оваа конференција беше донесена одлука да се зголеми бројот и на консултивни членови со: Меѓународната Пан-европска структура; Сојузот на индустрии и работодавци на конфедерациите на Европа (СПЕУ, подоцна бизнис Европа); Интернационалното образование IE; како и Европската асоцијација за обезбедување квалитетно високо образование: ENQA и UNICE.

[40] The European Higher Education Area - Achieving the Goals, Communiqué of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education, Bergen, 19-20 May 2005, стр. 4

[41] The European Higher Education Area - Achieving the Goals, Communiqué of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education, Bergen, 19-20 May 2005, стр. 2-3

[42] На состанокот на министрите во Лондон, одржан на 17 и 18 мај 2007 година, беше предвидена пресвртница со создавањето на првото правно тело како производ на Болоњскиот процес - European Quality Assurance Register (EQAR)[42]. Целта на ова правно тело беше да се преобрази во регистар на агенции за обезбедување квалитет што е во согласност со европските стандарди и насоки, и кој би бил главен индикатор за стекнување на легитимното право за работа во Европскиот простор за високото образование – ЕНЕА.[42]

надминување е мобилноста на студентите, наставниот и административниот кадар во Европа. За да се надмине ова пречка, министрите во Лондон ја посочија потребата од соработка со Владите на земјите потписнички како клучен фактор во остварувањето на прогрес во оваа област.[43] *„На национлно ниво потребно е имплементирање на алатки за понатамошно интезивирање на мобилноста и на кадарот и на студентите. Ова подразбира охрабрување на бројот на заеднички програми и создавањето на флексибилна курикула, како и укажување и потикнување на нашите институции да превземат што поголема одговорност за порастот на мобилноста“*[44]

На средбата во Лондон беа посочени и насоките за подобрување и постигнување на поголеми резултати во донесувањето на: квалификациони рамки за образование, кои не само што треба да го подигнат нивото на мобилност, туку и да го зголемат степенот на вработување; спроведувањето на социјалната димезија, како база на еднаквите можности; вклучување на што поголем број земји во агендата за доживотно учење и со тоа зајакнување на улогата и работата на групата за следење на Болоња; како и што поголемо ангажирање околу признавањето на степените на образование врз база на донесените 2-3 циклични системи, со цел што поефикасен пораст на степенот на вработеност кај младите генерации. *„Подобрувањето на степенот на вработување во релација со три-цикличните системи подразбира зголемување на одговорностите на сите одлучувачки тела. Поконкретно, тоа подразбира што подобра комуникација меѓу Владите и ВО институции, односно меѓу вработените и одлучувачите со цел рационализирање на болоњските реформи. Во таа насока, нашите влади треба да гарантираат и осигурат дека вработувањето и кариерните структури во јавниот сервис се сосема компатибилни со новиот цикличен систем. Ги повикуваме институциите на идни развојни партнерства и соработки со одговорните во тековниот процес на создавање на програми/курикули базирани врз научни знаења“*[45]

Наредната министерска средба во Лувен [46]2009 овозможи да се направи преглед на дотогашните остварувања на Болоњскиот процес и да се утврдат приоритетите на

[43] London Communiqué Towards the European Higher Education Area: responding to challenges in a globalised world, стр. 2
[44] London Communiqué Towards the European Higher Education Area: responding to challenges in a globalised world, стр. 2
[45] London Communiqué Towards the European Higher Education Area: responding to challenges in a globalised world, стр. 7
[46] Communiqué of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education, Leuven and Louvain-la-Neuve, 28-29 April 2009, стр. 2-6

Европскиот простор за високо образование - ЕНЕА до 2020. На овој состанок, министрите особено ја потенцираа важноста на доживотното учење, особено во декадата по 2020 година, кога порастот на човечкиот потенцијал и капацитет, не само што би овозможило реализирање на „иновативна Европа базирана врз знаење"[47], туку и би овозможило поголемо ангажирање на граѓаните од секоја возраст, пол и национална припадност. Програмата за доживотно учење е една сериозна стратегија во исполнувањето на овие цели.

Дополнително, соочувањето со предизвиците на глобализацијата и забрзаниот технолошки развој ја зголемува што поголемата потреба од транспаретност, отвореност, размена на информации, знаење и човечки капацитети, која единствено може да се реализира преку зајакната мобилност на сите студенти и наставен кадар. Преку стекнувањето на искуство од различен тип, студентите и наставниот кадар не само што би ги зајакнале сопствените квалитети, туку и би стекнале соодветни компетенци потребни за прилагодување на побарувачките на пазарот на трудот.

Со оглед на тоа што високото образование е јавна одговорност, за реализирање на овие клучни болоњски насоки потребна е целосна посветеност на сите високообразовни институции, кои пак од друга страна треба да ги имаат на располагање сите потребни ресурси за успешно имлементирање на сите усвоени во реформи кои се во служба и функција на сите идни академски граѓани. Токму затоа, ВО институции ја носат главната одговорност да ги:

- ✓ подготват учениците за живот како активни граѓани во едно демократско општество;[48]
- ✓ подготват студентите за нивните идни кариери и да им овозможат личен развој и напредок; [49]
- ✓ да понудат програми базирани врз широки, напредни знаења, кои би создале основа за стимулирање на истражувањето и иновации.[50]

---

[47] The Bologna Process 2020 - The European Higher Education Area in the new decade, Communiqué of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education, Leuven and Louvain-la-Neuve, 28-29 April 2009, стр. 1

[48] The Bologna Process 2020 - The European Higher Education Area in the new decade, Communiqué of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education, Leuven and Louvain-la-Neuve, 28-29 April 2009, стр. 3-4

[49] The Bologna Process 2020 - The European Higher Education Area in the new decade, Communiqué of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education, Leuven and Louvain-la-Neuve, 28-29 April 2009, стр. 3-4

[50] The Bologna Process 2020 - The European Higher Education Area in the new decade, Communiqué of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education, Leuven and Louvain-la-Neuve, 28-29 April 2009, стр. 3-4

Соочувањето со овие предизвици ни од далеку не е лесна задача, ниту пак е есклузивна одговорност на ВО инситуции. Подеднаква одговорност носат и одговорните политички органи, и студентите и наставниот и административен кадар, но воедно и на работодавачите, граѓанскиот сектор, меѓународните организации, како и европските институции.

*„Потребните тековни реформи во високото-образовните системи и политики треба да бидат цврсто вградени во европските вредности на институционалната самостојност, академската слобода и социјалната еднаквост и бара целосно учество на студентите и наставиот кадар.“*[51]

Со оглед на изминувањето на скоро една декада од востанувањето на основите на Болоњските процес, т.е. болоњските насоки и цели за создавање на ЕХЕА, и потребата од креирањето на нови стратегии за идната декада до 2020 година, министрите за високо образование уште еднаш се сретнаа во Будимпешта[52] и Виена во пролетта 2010 година.

Средбите во Будимпешта и Виена се особено значајни не само поради дефинирањето на новите предизвици и стратешки цели во реализирањето на ЕХЕА, туку и поради укажувањето на потребата од:

- интензивирање на политичкиот дијалог меѓу земјите учеснички во Болоња процесот, како и зајакнувањето на соработката со партнерите од целиот свет, со цел уште повеќе да се продлабочат регионалната и прекуграничната соработка и следствено на тоа да се овозможи Европското високо образование да стане уште повидливо на светската мапа.[53]

- засилување на напорите за спроведување на мобилноста на студентите и наставниот кадар, усовршување на наставните програми, подобрување на квалитетот за високото образование и подобрување на можностите за вработување на пазарот на трудот.[54]

---

[51] The Bologna Process 2020 - The European Higher Education Area in the new decade, Communiqué of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education, Leuven and Louvain-la-Neuve, 28-29 April 2009, стр. 6-7

Забелешка: На средбата во Лувен, се донел и заклучок дека до 2020 година, најмалку 20% од оние кои дипломираат во Европскиот простор за високо образование треба да имаат студија или обука во странство.

[52]Budapest-Vienna Declaration on the European Higher Education Area, March 12, 2010.

На оваа средба, министрите го поздравија зачленувањето на уште една земја-учесничка во Европскиот простор за високо образование: Казахстан, со што бројот на земји-потписнички достигна до 47.

[53] Budapest-Vienna Declaration on the European Higher Education Area March 12, 2010, стр. 2, член 7

[54] Budapest-Vienna Declaration on the European Higher Education Area March 12, 2010, стр. 2, член 8

- интезивирање на академската слобода, автономност и одговорност на високо-образовните институции, како принципи на европското образование, кои ги потикнуваат мирните демократски општества и ја зајакнуваат социјалната кохезија. [55]

- интезивирање на обврските на академската заедница, односно институционалните раководители, професори, истражувачи, административен кадар, но и на студените кои имаат клучна улога во создавањето на ЕНЕА. Одговорноста кон студентите, стекнувањето со знаење, вештини и компетенции за продолжување на кариерата и овозможување на професионален и личен развој е обврзувачка за сите одлучувачки структури на европско, национално и институционално ниво.[56] .

- зголемување на напорите за правилното имплементирање на социјалната димезија со цел обезбедување на еднакви можности за квалитетно образование за сите општествени групи, особено во време на економска и финансиска криза, кога високо-образовните институции ги немаат на располагање потребните ресурси за правилен социјален и економски развој.[57]

Имплементација на Болоњскиот процес до 2010 година потврди дека различните цели на процесот како што се: изготвувањето на флексибилни наставни програми, обезбедувањето на квалитет во ВО, признавањето на квалификационите рамки, развојот на мобилноста, спроведувањето на социјалната димезија и сл. се во различен степен спроведени кај земјите-учеснички, поединечно. Една од клучните причини за различниот степен на спроведените реформи на кои укажале студентите и наставниот кадар, е несоодветното спроведување и доследното објаснување на целите и задачите на Болоњскиот процес. Истовремено досегашните евалуации, според изготвените извештаи на BFUG – Болоња групата за следење, една од клучните причини за назадување или неправилно спроведување на болоњските насоки е недостатокот на комуникацијата и разбирањето на Болоњскиот процес меѓу чинителите и општеството во целина, односно недоволното разбирање на промените што се создаваат со болоњските реформи од страна на граѓаните, студентите и општеството во целина. Резултатите од ова истражување покажуваат дека корегирањето на одредени пропусти од овој тип, со цел реализирање на ЕНЕА до 2020 година, на европско, национално и особено институционално ниво е повеќе од неопходно. Доколку тоа подразбира симплифицирање на правилата и насоките за

[55] Budapest-Vienna Declaration on the European Higher Education Area March 12, 2010, стр. 2, член 8
[56] Budapest-Vienna Declaration on the European Higher Education Area March 12, 2010, стр. 2, член 9
[57] Budapest-Vienna Declaration on the European Higher Education Area March 12, 2010, стр. 2, член 10

целосна имплементација на договорените принципи на Болоњскиот процес и акционите стратегии, особено на национално и институционално ниво, тогаш истите треба да бидат подготвени и спроведени во најскоро време.

### III.4 Консолидирање на Европскиот простор за високо образование

Општиот заклучок од погоре изнесената генеза на дефинирањето и развојот на болоњките насоки и цели во последната декада е дека: крајната цел на сите земји-имлементатори на болоњските препораки е консолидирање на Европскиот простор за високо образование. Токму затоа целите на Болоња декларацијата треба да бидат имплементирани и спроведени, исклучиво со сета неопходна почит кон културните и јазични разноликости, националните образовни системи и универзитетска автономија.

Паралелно „спроведувањето на образовната политика, како суштинска вредност на ЕУ, заштитена со принципот на супсидијарност, е возможно само доколку секоја земја-членка/земја потписничка понесе одговорност за сопствената националната стратегија во обликувањето и спроведувањето на образовните системи за општо и стручно образование, нивната културна и јазична разновидност, како и одговорноста за содржината на наставниот материјал.“ [58]

Во таа насока, Република Македонија како земја-потписничка на Болоњската декларација од 2003 година, ја понесе својата одговорност да ги спроведе неопходните реформи за модернизација на високото образование, односно да ги усогласи своите ВО специфики, особености и карактеристики својствени за македонските граѓани, со оние на Европскиот простор за високото образование (EHEA). Почитувањето на општиот европски систем на вредности, насоки, препораки и стратегии за создавање на компетитивен, базиран врз знаења ВО систем, значи пред се почитување на сопствениот систем и успешно интегрирање на сите насоки кои овозможуваат подобрување и усовршување на веќе постоечкиот, претпознатливиот и специфичниот образовен систем во државата. Токму во тоа и се содржи најголемиот предизвик на Република Македонија, но и на секоја земја потписничка на Болоњската декларација. Надминувањето на овој предизвик не само што подразбира понесување на еднаква одговорност од сите вклучени страни, туку и на овој начин доаѓаат до израз сите расположливи општествени, политички и економски капацитети на државата.

[58] Договор од Лисабон, образование, стручно образование, млади и спорт, стр. 160

Активностите и резултатите што досега ги реализирала Република Македонија во однос на спроведувањето на болоњските рефроми ќе бидат разгледани во наредното поглавје.

**Прилог бр. 1: Хронологија на Болоњскиот процес**[59]




[59] проф. д-р Замир Дика Универзитет на Југоисточна Европа, *Обезбедување квалитет,* Болоња гласник, подготвен од Национална Темпус канцеларија Министерсво за образование и наука, стр. 13
Забелешка: Следниот состанок на министри, со цел преглед на досегашниот напредок на Болоњскиот процес, ќе се одржи во Букурешт, Романија од 26-27 април, 2012 година

## IV. ИМЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА БОЛОЊСКИТЕ ПРЕПОРАКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со превземањето на обврската за модернизирање на високото образование преку спроведување на насоки и цели утврдени со Болоњската декларација, Република Македонија од 2003 година па се до ден денес, се соочува со предизвиците и перспективите за реализирање на истите. Успешното спроведување на болоњските препораки во високото образование во нашата земја не само што би претставувало и претставува успех за развојот на нашето транзициско општество во последната декада, туку и значаен придонес кон креирањето на единствен европски простор на високо образование-ЕХЕА.

„Покрај редовните настојувања за подигање на квалитетот на студиите и нивната ефикасност, високото образование се соочува и со обврските за сопствено структурно, организациско и програмско дизајнирање, кое ќе биде транспарентно, конкурентно, компатибилно и препознатливо на европскиот пазар на академски услуги и пошироко. Ваквата нова состојба значи доследно почитување на зацртаните одредби поставени во Болоњската декларација и нивно оживотворување." - пишува во Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, 2006-2015, подготвена од Министерството за образование и наука во 2006 година.[60] „Иницијативите за градење на заеднички европски простор за високо образование ги ставаат високообразовните установи пред сопствено преиспитување и им даваат дополнителен импулс за вложување напори на нивниот пат за активно членство во семејството на европските универзитети и стекнување статус на респектабилни даватели на образовни услуги на широкиот европски академски пазар".[61], велат екпертите од областа на образованието во нашата земја во изготвената стратегија за развој на образованието.

---

[60] *Националната програма за развој на образованието* ја подготви *националната експертска група* конституирана во март 2004г. Беше составена е од 14 членови, независни образовни експерти кои биле и се активно вклучени во образовните процеси во Република Македонија, како и претставници од Министерството за образование и наука. Претседател на Националната експертска група беше заменик-министерот за образование и наука на Република Македонија, д-р Тале Герамитчиоски. Членови на Националната експертска група беа: Д-р Адамческа Снежана; Д-р Велковски Зоран; Д-р Герамитчиоски Тале; Ѓорѓијевски Трајче; М-р Зеколи Шефкет; Исмаили Љатиф; Д-р Јашари Хасан; Киранџиска Сузана; Д-р Мурати Џеладин; Д-р Поповски Т. Зоран; Рушити Агим; Д-р Симоска Емилија; М-р Спасовски Ласте и Хаџишче Аспасија/ Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ Програма за развој на високото образование/Состојба и предизвици стр.263

[61] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованисто во Р.Македонија/ Програма за развој на високото образование/Состојба и предизвици стр.263

Како една од потписничките на Болоњската декларација, Република Македонија, а со тоа и Министерството за образование и наука, се обврза во првото десетлетие од XXI век да ја приспособи својата политика кон Боњонските цели и за да овозможи реализација и успешна имплементација на Болоњските насоки и тоа:

- **Усвојување на систем на лесно препознатливи и споредливи степени и воведување на додаток на дипломата**, со цел овозможување на проток на европските граѓани, пораст на степенот на вработеност и меѓународна конкурентност на европскиот систем за високо образование.[62]
- **Усвојување на систем базиран на три главни циклуси - додипломски, пост-дипломски и докторски студии.** Пристапот кон вториот циклус е условен со успешно завршен прв циклус на студии, кој задолжително треба да трае најмалку 3 години. Степенот постигнат по три години се смета за потребен степен на квалификација на европскиот пазар на трудот. Вториот циклус води кон магистериум, а третиот до докторат.[63]
- **Воведување на систем на кредити,** како што е ЕКТС, како погодно средство за промоција на најширока размена на студентите. Кредитите можат да се акумулираат и надвор од високото образование, вклучувајќи го и доживотното учење, под услови истите да ги признае универзитетот што ги прифаќа студентите.[64]
- **Промоција на мобилноста** со надминување на пречките за слободно движење, особено на студентите: да им се даде можност за учење, да им се овозможи пристап до студиите и релевантните служби; наставниците, истражувачите и административниот персонал: да им се признае и валоризира времето што го минале во Европа на истражување, предавање или учење, без прејудицирање на нивните статутарни права. [65]
- **Промоција на европската соработка во осигурувањето на квалитетот** преку развивање на споредливи стандарди, критериуми и методологија.[66]

---

[62] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ Програма за развој на високото образование/Состојба и предизвици, стр.264

[63] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ Програма за развој на високото образование/Состојба и предизвици стр.264

[64] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ Програма за развој на високото образование/Состојба и предизвици стр.264

[65] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ Програма за развој на високото образование/Состојба и предизвици стр.264

[66] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ Програма за развој на високото образование/Состојба и предизвици стр.264

- **Промоција на европската димензија во високото образование**, особено во развојот на предметните програми, меѓуинституционалната соработка, шемите на мобилност и интегрираните студиски програми, обуката и истражувањето.[67]
- **Доживотно учење**, како суштински елемент на европскиот простор на високото образование. Во Европа како општество базирано на знаење, прифаќањето на концептот за доживотно учење е неопходно за соочување со предизвиците на компетитивноста, користењето на современи технологии и настојувањето да се унапредат социјалната кохезија, еднаквите можности и квалитетот на животот.[68]
- **Вклучување на студентите** како партнери во процесот на изградба на европскиот простор на високото образование.[69]
- **Зголемување на атрактивноста и компетитивноста на европскиот простор на високото образование**, со цел да се прошират можностите за соработка и мобилност со земји надвор од европскиот простор на високото образование.[70]
- **Докторски студии** и синергија помеѓу европскиот простор на високото образование и европскиот простор на истражување, по пат на зајакната улога на истражувањето и оспособувањето за истражување и промоција на интердисциплинарноста.[71] Зголемување на мобилноста на докторско и постдокторско ниво и јакнење на институционалната соработка во рамките на докторските студии.

Реализацијата на овие цели, која треба да се изврши со целосно почитување на културните разлики, јазикот, националните системи на образование и автономијата на универзитетите, треба да овозможи изградба на европскиот простор на високото образование.[72] Ова истражување има за цел да направи увид на досегашната примена

[67] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ Програма за развој на високото образование/Состојба и предизвици стр.265
[68] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ Програма за развој на високото образование/Состојба и предизвици стр.265
[69] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ Програма за развој на високото образование/Состојба и предизвици стр.265
[70] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ Програма за развој на високото образование/Состојба и предизвици стр.265
[71] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ Програма за развој на високото образование/Состојба и предизвици стр.265
[72] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ Програма за развој на високото образование/Состојба и предизвици стр.266

на погоре наведените болоњски насоки, како и да ги претстави идните предизвици со кои нашата земја ќе треба да се соочи до 2020 година. Со цел да се направи подетална анализа на досегашната имплементација, ќе се пренесат и податоци од релевантната состојба во С.Р. Германија.

### IV.1 Усвојување на систем на лесно препознатливи и споредливи степени и воведување на Додаток на дипломата

Со превземањето на обврските за спроведување на структурни реформи во високото образование, Република Македонија, превзема обврска и за усвојување на систем на лесно претпознатливи и споредливи степени, кој ќе подразбира не само трансформирање на веќе постоечкиот традиционален модел на образование, туку и воведување на нови, модерни методи на настава, и флексибилни наставни програми, разбирливи за домашните и странските студенти, и прилагодени на европските модели за стекнување на квалификации во сите три степени на образование.

Самиот процес на трансформирање на „стариот" систем на образование во последната декада, ги соочи универзитетите со широк обем на работа и ангажираност, особено поради коренитата промена на наставните програми од стариот систем, кој се базираа на содржината, а не на очекуваните крајни резултати од наставниот процес. Клучниот недостаток на ваквите програми беше и во одредени сегменти, сеуште е, продуцирање на кадри/ човечки ресурси со солидна теоретска подготовка и со широка наобразба, но без способност за примена на стекнатите знаења, без навика за критичко размислување и индивидуална работа.[73] Една од причините за ваквите услови во образовниот систем во Македонија беше и стереотипниот систем на оценување, недоволната опременост на образовните институции со наставни и нагледни средства, недоволната примена на информатичко-комуникациските технологии (ИКТ) во наставата и недоволната подготвеност на наставничкиот кадар да се соочи со современите трендови во образованието.[74]

Но, и покрај бројните ангажмани на универзитетите во Македонија, се чини дека сеуште не е надминат предизвикот за структурирање на програми со јасна

---

[73] ФИИОМ, Извешта: Анализа на капацитетите за добро управување во образованието- Скопје, декември 2007, стр. 23

[74] ФИИОМ, Извешта: Анализа на капацитетите за добро управување во образованието- Скопје, декември 2007, стр. 33

диференцијација помеѓу содржините, активностите за учење и резултатите од учењето, односно акцентирањето на експлицитниот или декларативен курикулум. Според последните истражувања на Институт за Демократија "Социетас Цивилис", се укажа дека една од главните причини за непостоење на флексибилни наставни програми е неконтинуираното евалуирање и дефинирање на истите, и секако несоодветното концепирање во однос на побарувачките на пазарот на трудот.[75] Забелешките во однос на концептите за креирање на силабусите, најчесто се упатени во однос на транспаретноста, односно вклученоста на сите релеванти страни во создавањето на истите, но и отсуството на правна рамка, односно постоење на одредби кои би го регулирале темелно судирот на интереси во високообразовните установи, во Законот за високо образование на Република Македонија.[76]

Според податоците од ова истражување, главните причини за слабости во модерното дизајнирање на наставните програми, во согласност со потребите на пазарот на трудот, се наоѓаат во отсуството на редовни контакти меѓу универзитетите, студентите и претставниците на бизнис заедницата и индустријата, кои со понудата на своите ставови, гледишта и информации, би овозможиле дефинирање на најдобрите, најефикасните и оддржливи насоки, цели и методи за создавање на наставните програми на ВО институции. Истовремено, една од главните причини е и еклузивната ориентираност кон создавање на кадри за техничка работа на пазарот на трудот, а не кон квалитетно, оддржливо и темелно знаење кое долгорочно треба да понуди развој на човечката мисла и свест. Ваквиот еднонасочен процес во образованието, кој е клучниот проблем на Болоња процесот, воопшто го дестабилизира системот на сите нивоа и место раст во квалитетот, обезбедува пораст во квантитетот, унифицираност на човечката мисла и назадување на човечкиот интелект пред брзиот пораст на работната сила на европскиот пазар на труд.

Во Република Македонија отсутство и правна рамка кои би ги регулирала односите, должностите, методите и активностите на сите релеванти фактори, особено меѓу бизнис заедницата и Универзитетите. Отсуството на правна регулатива која би ги

[75] Ненад Маркови, Иван Дамјановски, Институт за Демократија "Социетас Цивилис", Скопје: "*Анализа на флексибилноста на наставните планови и програми во високото образование и решавање на судирот на интереси во високообразовниот систем во Република Македонија*", Политичка анализа 02/07, стр. 13

[76] Ненад Маркови, Иван Дамјановски, Институт за Демократија "Социетас Цивилис", Скопје: "*Анализа на флексибилноста на наставните планови и програми во високото образование и решавање на судирот на интереси во високообразовниот систем во Република Македонија*", Политичка анализа 02/07, стр. 13

обврзала двете страни што поактивно да се вклучат во развој на меѓусебниот дијалог, развој на информации, подготовка на рамки за што поефикасна примена на оддржливи студиски програми со основани, дефинирани цели на долгорочен план, е клучен недостаток во нашето високо образование. Слабата иницијатива на Универзитети, факултетите, студентите и наставниот кадар во однос на ова прашање, само ги засилува негативните резултати од овој недостаток. На приватните универзитети (ФОН и Универзитетот во Штип), ваквите средби меѓу релевантните преставници се почести, што не значи и поефикасни, затоа што повеќе се во насока на дефинирање на своите бизнис интереси, отколку за надминување на реалните пречки во однос на повеќе болоњски насоки.

Промените кои треба да се извршат во оваа насока, не само што би овозможиле подобрување на квалитетот на ВО систем во нашата земја, туку би овозможило и решавање на догорочни проблеми како: стапката на невработеност, некомпатибилноста на дипломираниот кадар со потребите на пазарот на трудот, стагнацијата во развојот на нови технологии и системи за истражување, неконкурентноста во ЕХЕА итн. Воедно надминувањето на овие клучни недостатоци при креирањето на дизајнот на силабусите, би овозможило пораст на мобилноста на студенски, наставен и административен кадар, за што е потребна остварување институционална, национална и интернационална компатибилност на студиските и предметните програми: би се олеснал начинот за спроведување на останатите болоњски насоки, би се зајакнала мобилноста и во однос на третиот степен на студии, т.е. размена на истражувачи и докторанти, со што на долгорочна база, би се зајакнала и регионалната и меѓународната соработка на нашата земја, би се овозможило пристап кон модерни силабуси за учење на далечина и за електронско учење итн.[77]

Следствено, главните промени во надминувањето на овие предизвици треба да се однесуваат кон:

- Усвојување на правна рамка за регулирање на соработката меѓу бизнис заедницата, Универзитетите и студентите;

[77] Ненад Маркови, Иван Дамјановски, Институт за Демократија "Социетас Цивилис", Скопје: "*Анализа на флексибилноста на наставните планови и програми во високото образование и решавање на судирот на интереси во високообразовниот систем во Република Македонија*", Политичка анализа 02/07, стр. 15

- воспоставувањето на поредовни и поадекватни механизми за ревидирање и обнова на студиските програми и наставните планови, кои би ги земале во предвид и потребите на пазарот за труд;[78]

- упростување на процедурата за ревидирање на студиските програми и наставните планови, а компетенциите да се префрлат на ниво на посебни работни тела на универзитетите;[79]

- задолжителни обуки за академскиот кадар за креирање на наставни програми, и пропишување да стандарди за креација, имплементација и транспарентно претставување на студиските програми и наставните планови пред студентите од страна на високообразовните установи;[80]

Секоја модернизирана студиска програма треба да го следи темпото на напредок од аспект на индивидуалните способности на студентот и да води сметка за неговиот интерес од аспект на негово насочување во дадена научна област, подрачје или специјализација.[81] Токму затоа треба да се концепирани врз база на нормативи, стандарди и методологија кои се прифатени на единствениот европски простор за високото образование така што да овозможат споредливост со програмите на високообразовните установи во тој простор.[82] Дефинирањето и употребата на постигнувањата и компетенциите на студентот (т.н. learning outcomes and competencies) како референтни точки при дизајнирањето на студиските програми е примарна алатка, за рамноправно вклучување во ЕХЕА.[83] Согласно терминологијата на Болоња, под постигнувања на студентот (learning outcomes) се подразбира приказ на се она што студентот се очекува да знае, разбира и може да го направи на крајот од определен

[78] Ненад Маркови, Иван Дамјановски, Институт за Демократија "Социетас Цивилис", Скопје: "*Анализа на флексибилноста на наставните планови и програми во високото образование и решавање на судирот на интереси во високообразовниот систем во Република Македонија*", Политичка анализа 02/07, стр. 15

[79] Ненад Маркови, Иван Дамјановски, Институт за Демократија "Социетас Цивилис", Скопје: "*Анализа на флексибилноста на наставните планови и програми во високото образование и решавање на судирот на интереси во високообразовниот систем во Република Македонија*", Политичка анализа 02/07, стр. 15

[80] Ненад Маркови, Иван Дамјановски, Институт за Демократија "Социетас Цивилис", Скопје: "*Анализа на флексибилноста на наставните планови и програми во високото образование и решавање на судирот на интереси во високообразовниот систем во Република Македонија*", Политичка анализа 02/07, стр. 16

[81] ФИИОМ, Извешта: Анализа на капацитетите за добро управување во образованието- Скопје, декември 2007, стр. 39

[82] проф. Д-р Елизабета Бахтовска, Универзитет "Св. Климент Охридски"- Битола, *Болоња гласник: Реформа на студиските програми согласно Болоња,* стр.10

[83] проф. Д-р Елизабета Бахтовска, Универзитет "Св. Климент Охридски"- Битола, *Болоња гласник: Реформа на студиските програми согласно Болоња,* стр.10

период на студирање. Финализирани во Октомври 2004, дескрипторите од Даблин[84], постигнувањата на студентот ги презентираат во форма на опис на преносливи вештини што студентот треба да ги стекне на крајот на даден степен на образование. Тие се однесуваат на сите дисциплини и ги дефинираат карактеристиките како: решавање на даден проблем, комуникација, истражување, способност за тимска работа итн.[85] Идејата и основното начело на Болоња е таа што, иако студиските програми се разликуваат на различни европски универзитети, тие сепак ќе им овозможат на студентите да се стекнат со компетенции карактеристични за дадениот степен на образование.[86]

Универзитетското признавање на стекнатите квалификации и компетенции, се реализира преку Додатокот на диплома, или уште позната како Diploma Supplement[87]. Додатокот на диплома ја придружува високообразовна диплома, овозможувајќи стандардизиран опис на типот, нивото, контекстот, содржината и статусот на студиите кои се комплетирани од страна на нејзиниот сопственик. Воедно, истата им овозможува на европските граѓани промовирање на вработеноста и интернационалната конкуретност на европскиот високо образовен систем[88] Со зголемувањето на бројот на мобилни граѓани кои бараат фер признавање на нивните стекнати квалификации надвор од нивните матични земји, непризнавањето и лошата проценка на квалификациите прерасна во глобален проблем.[89] Со оглед на тоа што оригиналните акредитиви само по себе не обезбедуваат доволно информации, многу е тешко да се измери нивото и функцијата на квалификацијата, без подетални објаснувања.[90] Токму затоа додатокот на дипломата може во голема мера да помогне во соочувањето со овие

[84] Примената на овие дескриптори во описот на квалификациите на нашиот високообразовен систем, ќе обезбеди дефинирање на врските и еквивалентноста помеѓу квалификациите во Република Македонија и оние од останатите високообразовни институции во Европа па и во светот. Битно е да сите фактори вклучени во високообразовниот процес разберат дека квалификациите стекнати за ист степен на образование треба да бидат еквивалентни во определени аспекти, но не и исти. Квалификациите од ист степен можат да бидат различни по големина и домен и да имаат различна намена. Под еквивалентност се подразбира дека квалификациите што се предмет на разгледување исполнуваат дадени критериуми за даден степен на образование согласно дефинираните дескриптори за тоа ниво./ извор: проф. Д-р Елизабета Бахтовска, Универзитет "Св. Климент Охридски"- Битола, *Болоња гласник: Реформа на студиските програми согласно Болоња,* стр.11

[85] проф. Д-р Елизабета Бахтовска, Универзитет "Св. Климент Охридски"- Битола, *Болоња гласник: Реформа на студиските програми согласно Болоња,* стр.10

[86] проф. Д-р Елизабета Бахтовска, Универзитет "Св. Климент Охридски"- Битола, *Болоња гласник: Реформа на студиските програми согласно Болоња,* стр.10

[87] Види: http://europa.eu/int/comm/education/recognition/diploma.html

[88] Проф.д-р Љубомир Кекеновски и Тони Масевски, Европското високо образование низ призмата на Болоњскиот процес; стр. 32

[89] Види: http://europa.eu/int/comm/education/recognition/diploma.html

[90] Види: http://ec.europa.eu/education/lifelong-learning-policy/doc1239_en.htm

предизвици, како што е мобилноста и пристапот до доживотно учење. Таа ја промовира транспарентноста во високото образование, како и фер и добро информираните судови за квалификации. Воедно овозможува прилагодување на брзите промени во квалификациите.[91]

Националните високообразовни институции го изготвија Додатокот според заеднички утврден образец од страна на Европската комисија, Советот на Европа и УНЕСКО. Додатокот има осум делови од информации кои го идентификуваат носителот на квалификации; нивото на квалификација и функција; содржината и стекнатите резултати; сертификација за додатокот; детали за националниот високообразовниот систем, и останати дополнителни информации.[92] Додатокот на Дипломата нуди:

- ✓ Диплома која е разбирлива, читлива и лесно споредлива во странство;
- ✓ Прецизен опис на нивната академска кариера и квалификациите стекнати за време на периодот на студирање;
- ✓ Објективен опис на нивните достигнувања и компетенции;
- ✓ Полесен пристап до можностите за работа или понатамошни студии во странство;
- ✓ Поттикнување на нивното вработување. [93]

Во Република Македонија, додатокот на дипломата за првпат беше усвоена во 2002 година, кога Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", усвои Правилник за воведување на додатокот на дипломата. Со овој додаток се дефинира обликот, содржината и начинот на издавање на документот. Со оглед на фактот што издавањето на додаток на дипломата не беше започнато до 2005 година, а нашата земја се обврза да ги почитува обврските од Коминикето од Берлин истата година, Интер-универзитетската конференција одлучи да изготви заеднички модел на додатокот на дипломата, кој би го користеле сите универзитети и други високообразовни установи во Република Македонија.[94]

Според превидените пакет мерки понудени од Министерство за образование и наука на Република Македонија во 2006 беше предвидено:

---

[91] Види: http://europa.eu/int/comm/education/recognition/diploma.html
[92] Види: http://europa.eu/int/comm/education/recognition/diploma.html
[93] Види: http://europa.eu/int/comm/education/recognition/diploma.html
[94] Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија 2005-2015, стр. 280, цит.

- Сите Универзитети да изготват заеднички модел на додаток на дипломата кој ќе содржи единствени податоци за образовниот систем во Република Македонија.[95]

- Почнувајќи од 2006 година, секој студент кој ќе дипломира задолжително да добие бесплатен додаток на дипломата на службениот јазик во државата и на еден од светските јазици.[96]

- Министерството за образование и наука треба да ги обезбеди информациите што треба да се содржат во додатокот на дипломата, а се обврска на државата.[97]

- Министерството за образование и наука во пресметките за финансирање на јавното високо образование треба да предвиди и трошоци за изработка на додатокот на дипломата за студентите кои студираат во државна квота.[98]

Важноста на усвојување на систем на лесно препознатливи и споредливи степени преку воведување на додаток на дипломата доаѓа од добивањето на крајниот резултат при примената на истата: понуда на независни информации кои овозможуваат подобрување на меѓународната транспаретност[99], засилување на мобилноста и опфатот на доживотното учење, академско и стручно признавање и соодветно олеснување, заштита на националната автономија и секако зголемување на атрактивноста на студенските кфалификации.

Податоците од ова истражување укажуваат дека издавањето на Додатокот на дипломата од страна на Универзитетите во соработка со Министерството за образование и наука се издава на сите факултети при Универзитетите кои беа предмет на ова испитување и постои соработка со МОН во однос на обезбедување на информации потребни за додатокот на диплома.

## IV.2 Усвојување на систем базиран на три циклуси: додипломски, постдипломски и докторски студии

Уште со самото усвојување на Болоњската декларација во 1999 година, министрите за високо образование донесоја одлука за усвојување на нови модернизирни студиски програми, односно систем базиран врз 2 циклуси: додипломски и постдипломски последователно, и трет циклус: докторски студии,

[95] Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија 2005-2015, стр. 280, цит.
[96] Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија 2005-2015, стр. 280, цит.
[97] Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија 2005-2015, стр. 280, цит.
[98] Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија 2005-2015, стр. 281, цит.
[99] Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија 2005-2015, стр. 281

усвоен во 2005 година. Следствено, студиските програми беа реформирани според понудените болоњски насоки, со тоа што традиционалниот 5+2 модел беше трансформиран во 4+1 или 4 1,5 модел за академски студии и 3+2 за стручно студии/образование. Некои студии со траење пократко од три години беа воведени како "скратен циклус" на студии во рамки на првиот циклус на студии.[100] Првиот циклус студии се бодува од 180 до 240 кредити, што е еквивалент на студиските програми со времетраење од 3 до 4 години. Името на квалификација на националниот јазик е Дипломиран + профилот или на англиски јазик Bachelor + профил. Постдипломските студии (магистерски студии) изнесуваат 60 до 120 кредити, односно со времетраење од 1 до 2 години, во зависност од профилот. Името на квалификација на националниот јазик е Магистер+профилот или на англиски јазик Master + профилот.[101]

Република Македонија со измените и дополнувањата во Законот за високо образование, создаде правна рамка за градење на овој тип на три-цикличен систем според дадените препораки. До усвојувањето на законските измени, додипломските студии на поголемиот број факултети траеја 8 семестри (4 години), а на одделни факултети, односно студиски групи траеја 10 семестри (5 години, на пр.: техничките науки), односно 12 семестри (6 години, на пр.: на медицинските науки).[102]

Според подоцнежните анализи спроведени од невладината огранизација *Аналитика,* во 2008 година и понудените информации во „Како да се постигне квалитетно високо образование во Македонија - преглед на реформите во високо-образовниот процес во Македонија", државните високообразовни институции имаа(т) најголеми потешкотии во прифаќањето на 3+2 моделот за тригодишните додипломски студии, иако често се прифатени од страна на приватните високообразовни институции. Поголемиот дел од факултетите на државните универзитети го задржале четири годишното времетраењето на првиот циклус на студии, а во некои случаи дури и пет или шест години, како што е во сферата на регулираните професии. [103] И покрај имплементирањето на оваа реформа во однос на студиските програми, може да се каже

[100] Национален извештај на Република Македонија, BOLOGNA PROCESS

[101] Национален извештај на Република Македонија, ноември 2008, TEMPLATE FOR NATIONAL REPORTS: 2007-2009, стр.7

[102] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ стр.273

[103] Аналитика; Како да се постигне квалитетно високо образование во Македонија - Преглед на реформите во високо-образовниот процес во Македонија, Декември 2008, стр. 3

дека дел од ВО институции се уште не ги надминале дел од пречките и тешкотиите при имлементирањето на системите, особено поради:

- непостоење на практика за компаративен пристап во редизајнирањето на студиските програми со слични студиски програми во другите земји;[104]

- недефинираните/нејасните критериуми за задолжителниот обем на ангажманот на наставницит;[105]

- слабостите во постапката на дефинирање на студиските профили;[106] и

- слабата поврзаност со пазарот на трудот и немањето увид за компетенциите што ги бара пазарот на трудот на национално и интернационално ниво;[107]

Дел од тешкотиите во однос на примената на три-цикличниот систем се однесува и на фактот што и покрај редовните настојувања за спроведување на студиските измени, ниту Болоњската декларација, дури ни министерските комуникеа ја прецизираат должината на циклусите. Воглавно, во насоките стои дека првиот циклус треба да трае „минимум три години", додека пак Мастерот да изнесува меѓу 60 и 120 ЕКТС кредити.[108] Поради овој факт, голем број од земјите во Европа кои се изјасналe дека го спровеле три-цикличниот систем, тврдат дека сеуште се спроведуваат и подолги програми во специфични дисциплини, кои не се во согласност со типичната структура на Болоњскиот студиски систем[109], како што е случајот и со Република Македонија и студиите по медицина и сл.

Истражувањата во однос на степенот на спроведливост на овој три-цикличен систем, говорат дека најголем одзив во последната декада се појавил во централна и југоисточна Европа, во чии земји веќе постоела одредена форма на три-цикличната структура, и покрај големите различности со Болоњскиот модел, како што е случајот со Република Македонија.[110]

---

[104] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ стр.274

[105] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ стр.274

[106] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ стр.274

[107] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ стр.274

[108] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 16

[109] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 16

[110] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 17

Според ова актуелно истражување, спроведено во 2011 година, може да се воочи дека во новата декада усвојувањето на трицикличните студиски програми е скоро целосно комплетирано во делот на првите два циклуса, но во однос на третиот циклус на докторски студии, поголемиот дел од универзитетите, особено приватните се уште се соочуваат со предизвикот на концепирање на истите. Во моментов, само три Универзитетити ја имаат обезбедено потребната акредитација за реализирање на докторски студии и тоа: УКИМ, Битолски, Св. „Климент Охридски" и Штипски Универзитет „Гоце Делчев". ФОН како приватен факултет сешуте ја нема добиено потребната акредитација, иако е во фаза на подготовка на програмите за третиот циклус за наредната 2012/2013 година. Со донесувањето на квалификационата рамка и измените и дополнувањата во Законот за високо образование од страна на МОН минатата година, се забрза и спроведување на насоките за третиот циклус, но во периодот што претстои треба да евалуираат евентуалните резултати од оваа примена. (Информациите од спроведеното истражување се наведени на крајот од ова истражување.)

Според Законот, универзитетите се должни да креираат структурирани студиски програми кои траат најмалку три години со полно работно време, а се бодуваат со 180 ЕКТС. Името на квалификација на националниот јазик е Доктор + профилот или на англиски Доктор по филозофија (Doctor of Philosophy) + профилот.[111] Со новите измени и дополнувања во Законот за ВО, Министерството предложи студиската програма за докторски студии главно да опфаќа активна истражувачка работа под менторство и да вклучува:

- организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви;

- независен истражувачки проект под менторство (докторски проект);

- меѓународна мобилност: најмалку еднонеделен престој;

- предавања и друг вид комуникациски активности;

- публикации во меѓународни научни списанија и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд;

- изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект.

[111] Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ стр.274

Со цел следење на квалитетот и негово подобрување студиската програма за докторски студии се предлага да се евалуира најмалку на секои три години.[112]

Спроведувањето на измените во пракса и заживувањето меѓу академските кругови е подолготраен процес кој подразбира и подобро и посуштинско разбирање на насоките, но и менување на досегашните традиционални навики, особено поради фактот што во нашата земја уште претходно постоеше докторското ниво, секако со други критериуми. Генерално, може да се смета дека нашата земја вложи сериозни напори да ги спроведе потребните измени во студиските програми и да го прилагоди својот систем на европскиот. Согледувањето на дополнителни компаративни искуства, и начини на решавање на тековните пречки се секогаш корисни и потребни.

### IV.2.1 Национална рамка за квалификации

Една од главните алатки на Болоња процесот кој овозможува опис и разбирливи информации во однос на стекнувањето квалификации во сите три циклуси и степени на образование и Националната рамка за квалификации.[113] НРК ги вклучува референците на три-цикличната структура, како и употребата на генерички дескриптори базирани врз резултатите од учењето, компетенциите и стекнатите кредити во првиот и вториот циклус.[114] НРК исто така е тесно е поврзана со примената на ЕКТС и Додатокот на диплома. Со усвојувањето на Рамката за квалификации на ЕХЕА во 2005 година, Република Македонија, исто како и останатите земји-потписнили се обврза на развој и спроведување на својата национална рамка за квалификации.

Спроведувањето на квалификационата рамка, во измината декада претставуваше еден амбициозен процес не само поради трансформирањето на дотогашните традиционални пристапи и методи на оценување, туку и поради потребата националниот развој да биде компатибилен со општата Европска рамка на квалификации.[115]

Со овој тип на предизвици со соочи и нашата земја при спроведувањето, односно редизајнирањето на студиските програми на ВО институции, воедно

[112] http://mon.gov.mk/novosti/696-2011-01-13-13-10-11
[113] NQF - National Qualifications Framework
[114] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 23
[115] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 23

задржувајќи ја компатибилноста со националната рамка за квалификации на ЕНЕА. Но, по успешното надминување на предизвиците, Република Македонија конечно ја усвои националната рамка за високообразовни квалификации на 21 ноември, 2010 година.[116] Националната рамка за квалификации ги претставува особеностите на македонскиот високообразовен систем.[117] Има четири нивоа и шест поднивоа при што кај шестото ниво - стручните студии, има разграничување меѓу студиите со 240 и оние со 180 кредити, а во седмото ниво, односно нивото на последипломските студии се разграничени специјалистичките студии од магистерските студии[118].

Националната рамка на високообразовните квалификации претставува единствен меѓународно препознатлив опис на ниво на националниот високообразовен систем со кој се опишуваат сите високообразовни квалификации и резултати на учење.[119]. Оваа рамка се разви со цел да се направат квалификациите потранспарентни за високообразовните институции и претпријатијата, и да се гарантира квалитетот и олесни процесот на препознавање и признавање на квалификациите. Со тоа, би се олеснила мобилноста како за студентите кои ги продолжуваат своите студии, така и за оние кои одат на пазарот на трудот.[120] Во иднина сите работодавачи од стопанството и нестопанството ќе треба да ги прилагодуваат своите Правилници за систематизација согласно нивоата на Националната рамка која ја усвои Владата со која се уредуваат начините за стекнување и користење на високообразовните квалификации во Македонија.[121] Со тоа на македонските граѓани ќе им се овозможи препознавање на стекнатите квалификации со европскиот високообразовен простор и пазарот на труд.

Националната рамка има за цел да им обезбеди поддршка на високообразовните установи, студентите и останатите при разјаснувањето на потенцијалните правци за напредувањето и преносот на кредитите особено во контекст на поширокото учество во процесот на доживотно учење. [122] Дали и како ќе се реализира ова во пракса, останува цел кој треба да се набљудува и анализира во иднина.

---

[116] Врз основа на член 99 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09 и 115/10), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17. 11. 2010 година, донесе У Р Е Д Б А за Националната рамка на високообразовните квалификации

[117] УРЕДБА за Националната рамка на високообразовните квалификации, член 4, стр. 2

[118] УРЕДБА за Националната рамка на високообразовните квалификации, член 4, стр.2

[119] УРЕДБА за Националната рамка на високообразовните квалификации, член 2, стр.1, цит.

[120] УРЕДБА за Националната рамка на високообразовните квалификации, член 3: Цели на НР, стр.1, цит

[121] Види: http://www.lisica.mk/statija/12058, Никола Тодоров, министерот за образование и наука, цит.

[122] Види: http://www.lisica.mk/statija/12058, Никола Тодоров, министерот за образование и наука, цит.

Националната рамка содржи дескриптори на квалификации кои претставуваат опис, односно мерлив показател на резултатите од учењето и постигнувањата. Општите дескриптори на квалификации ги одразуваат вообичаените постигнувања на студентотот, а со специфичните дескриптори се одредуваат резултатите од учењето за поединечна студенска програма од соодветниот циклус на студии и нив ги подготвува високообразовната установа.[123] Специфичните дескрипитори се доставуваат до МОН и се објавуваат на интернет страниците на високообразовните установи.[124] МОН води регистар на високообразовните квалификации, а постапката на потврдување на компатибилноста на националната со европската рамка на високообразовни квалификации ќе се изведува најмалку на секои пет години.[125]

Според мислењето на мнозинството од испитаниците од ова истражување, освен од резултатите од ФОН, Националната квалификациона рамка во нашата земја не е прецизно дефинирана, и потребни се дополнителни измени за надминување на непрецизностите, нејасностите и оние информции кои нудат погрешни насоки за толкување. Имено, постои проблем во дефинирањето на регулираните професии, како и недефинирањето на 3+1 студиските програми, каде и како би се интегрирале со новите регулирани професии, исто како што е проблематична 5+1 студиската програма, и пропусти во дефинирањето и разбирањето на болоња што води кон погрешно толкување, насочување и спроведување.[126]

### IV.3 Воведување на систем на кредити - ЕКТС

Воведувањето на единствениот систем на кредити, за првпат претставен како алатка во рамки на Еразмус/Сократ програмата, првично имаше за цел да го олесно признавањето на овие курсеви за размена на студенти, по враќањето во нивните матични институции.[127] Меѓутоа по усвојувањето на овој систем, т.н. ЕКТС[128]-

---

[123] УРЕДБА за Националната рамка на високообразовните квалификации, член 5, стр. 2
[124] УРЕДБА за Националната рамка на високообразовните квалификации, член 5, стр. 2
[125] УРЕДБА за Националната рамка на високообразовните квалификации, член 7, стр. 3
[126] проф. д-р Зоран Велковски, редовен професор на инситутот по педагогија при Филозофскиот факултет-УКИМ и поранешен про-ректор за настава на УКИМ, цит.
[127] Види: http://www.esib.org/index.php/issues/Academic%20Issues/83-european-credit-transfer-system.html
[128] ЕКТС кредитите се нумеричка вредност (помеѓу 1 и 60) доделени по единица на курсот кои ги опишуваат задачите на студентот треба да ги заврши. Тие задачи кои траат во просек една студиска година опфаќаат: предавања, практична работа, семинари, вежби, теренска работа, индивидуална работа - во библиотеката или дома - и испити и други методи на евалуација. ЕКТС е заснован на редовно оптоварување на студентот и не се ограничува само на контакт часовите. ЕКТС кредитите се релативна, а не апсолутна мерка за залагањата на студентот. Тие само го определуваат обемот на работа за една

Европскиот кредит трансфер систем, во рамки на Болоња процесот, истиот прерасна во сериозен инструмент кој не само што им овозможува трансфер на студиските искуства меѓу различни институции, туку им овозможува и поголема мобилност на студентите, како и пофлексибилни начини за стекнување дипломи.[129]

На овој начин, ЕКТС игра значајна улога за порастот на транспаретноста на наставата и студиите во странство, а воедно и го олеснува признавањето на меѓународните студии. Ова барем функционира во теорија. Но што се донесува во примената на системот во пракса, имплементацијата на ЕКТС во повеќето земји-учеснички во Болоњскиот процес, наиде на проблематична имплементација, која сеуште не ги надминала сите пречки, каков што е случајот со Република Македонија.

ЕКТС во Република Македонија е уреден во согласност со законодавството за имплементирање на ЕКТС стандардите. Спроведување на универзитетите во нашата земја, согласно Болоњските препораки во изминатите години беше реализирано според понудениот систем за трансфер и акумулација на кредити. Денес, спроведувањето на ЕКТС во нашата земја се смета за заокружен процес. Меѓутоа, самата имплементација наиде и сеуште наидува на низа пречки и слабости, особено во примената на методологијата, како и во однос на транферот, односно признавањето на стекнатите кредити на странските универзитети. Една од причините за овој недостаток е дефинирањето на бројот на кредити кога тие го одразуваат ангажманот на наставникот, а не времето што му е потребно на студентот да го совлада конкретниот материјал/предмет. Ваквиот пропуст во крајна линија најблиску го погодува степенот на мобилност на студентите на национално и меѓународно ниво.

Друга воочена слабост во спроведувањето на ЕКТС во нашата земја, е донеодамнешната примена и на европскиот и на американски модел на системот на кредити, според податоците од националниот извештај на Република Македонија од 2009, со што не само што се применуваше различна и често погрешна методологија, туку и ја отежнуваше компатибилноста на студиските програми, а воедно и ја отежнуваше комуникацијата со останатите универзитетски/студиски програми во Европа. Пример за користење на американскиот модел на кредитирање беше Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Според последните информации од ова истражување, во текот на 2010/2011 овој проблем е надминат и е усогласен

година, односно 60 кредити се доделуваат во просек за една нормална додипломски академска година, т.е 30 кредити за еден семестар и 20 кредити за сесија. За една академска година за постдипломски студии, се добиваат 90 кредити.

[129] Види: http://ec.europa.eu/education/lifelong-learning-policy/doc48_en.htm

европскиот модел на систем на кредититање на сите универзитети во земјата (според податоците од МОН)

Успешното реализирање на ЕКТС во голема мера зависи и од издавањето на информативен пакет кој содржи информации за условите за студирање и можностите кои му се нудат на студентот.[130] Во Република Македонија ваков ЕКТС водич за успешно спроведување и реализација на системот, беше издаден во 2009 година. Главната цел на издавањето на водичот беше да го зголеми значењето на доживотното учење; да се формулира рамката за квалификација, но и да им помогне, да ги води студентите, академскиот и административниот кадар низ процесите на високото образование.[131]

Истата година (2009), здружението на граѓани „Младински образовен форум" спроведе проект за мониторирање на степенот на спроведеност на ЕКТС на Универзитетите, односно факултетите во Република Македонија[132]. Предмет на анализа на овој беа: државниот Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје и приватниот „Европски Универзитет".[133] Резултатите од ова истражување покажаа дека еден од клучните недостатоци при реализацијата на ЕКТС е назаинтересираноста на студентите за нивното право за условите за студирање, системот на вреднување и на оценување, и покрај нивното законско право на овие информации. Имено, резултатите од ова истражување покажаа дека досега, на ниту еден студентски форум на опфатените факултети, не е расправано за споменатите прашања.[134]

Преку постојаните контакти со партнерските студенски организаии и асоцијаии, студентите може да стекнат различни искуства за надминувањето на проблемите поврзани со ЕКТС, мобилноста, обезбедувањето на квалитет, корупцијата, студентскиот стандард итн. За жал, податоците од ова истражување покажуваат дека ваквите контакти и соработки се многу ретки и без потребен континуитет.[135]

---

130 Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија/ стр.278-280

131 проф. д-р Ленче Милошева/ЕКТС и Европскиот високо образовен простор/ Болоњски гласник http://www.tempus.gov.mk/Documents/Bologna%20Newsletter_MAK.pdf/ стр. 5

132 ПОП Иванов, Лазар, ЕКТС - Реалност или илузија во високото образование: анализа преку алатката пристап до информации од јавен карактер, Скопје-јануари 2010

133 Во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" како најсоодветни факултети за ова истражување од аспект на имплементација на Болоњскиот систем беа одбрани: Правниот факултет "Јустинијан Први", Факултетот за електротехника и информациски технологии, Филолошкиот факултет "Блаже Конески", Филозофскиот Факултет-Скопје, Архитектонскиот факултет и Економскиот факултет.

134 ПОП Иванов, Лазар, ЕКТС - Реалност или илузија во високото образование: анализа преку алатката пристап до информации од јавен карактер, Скопје-јануари 2010, стр. 51

135 ПОП Иванов, Лазар, ЕКТС - Реалност или илузија во високото образование: анализа преку алатката пристап до информации од јавен карактер, Скопје-јануари 2010, стр. 51

Еден од чекорите за остварување прогрес и напредок на високото образование, а со тоа и надминување на пречките и идните предизвици со кои се соочува ЕКТС е поседувањето на електронски и печатени медиуми во сопственост на студентите[136], поддржани и финансирани од сите релеванти државни институции. Преку ваквите гласила студентите не само што би можеле отворено да ги искажат своите ставови во однос на сите спроведени реформи во ВО, туку и да дадат огромен придонес во соочувањето со идните предизвици на Болоњскиот процес. Секако, во надминувањето на слабостите на ЕКТС во нашата земја, не смее да се занемари и одговорноста на академскиот кадар, кој пред се на студентите треба да им обезбедува високо ниво на партиципативност, но и посветеност во детектирањето на слабостите.

## IV.4 Промоција на Болоњскиот пакет за мобилност

*Мобилноста на наставниот кадар, студентите и административниот кадар е една од суштинските вредности на Болоњскиот процес, создавајќи можности за личен развој, развивајќи меѓународната соработка помеѓу поединци и институции, подобрувајќи го квалитетот на високото образование и процесот на истражување, и нудејќи го јадрото на европска димензија.*[137], стои во министерското комунике усвоено во Лондон, каде промовирањето на мобилноста како суштинска болоњска цел и реформа, прерасна во сериозна и темелен стратегија. Овозможувањето на мобилноста е една од главните цели што треба да се постигне во креирањето на европската област на високото образование – ЕНЕА. Сите досегашни стратегии и насоки за спроведување на мобилноста во пракса наидуваат на препреки и предизвици за надминување од различен тип. Од тие причини, високообразовните институции, административниот персонал, академиците, студентите и универзитетските одбори прават различни напори мобилноста да започне да функционира во пракса, но од тие причини различни земји-потписнички на Болоња декларацијата постигнале и постигуваат различни резултати.

Една од главните причините за потешкотиите при спроведувањето мобилноста во пракса е фактот што отворените дискусии за промоција на мобилноста на

[136] ПОП Иванов, Лазар, ЕКТС - Реалност или илузија во високото образование: анализа преку алатката пристап до информации од јавен карактер, Скопје-јануари 2010 стр. 54

[137] Министрите одговорни за високо образование на земјите учеснички во Болоњскиот процес, Лондон комунике, мај 2007

национално ниво е многу ретка, и следствено информациите околу реалноста за студенската мобилност е многу често некомплетна. Исто така недостатокот од конкретни анализи на националните политики и превземените мерки за промовирање на мобилноста, резултираа со низа недоследности и неправилности.

Според една од неколкуте извршени евалуации на степенот на спроведеност на мобилноста во високото образование од Европската Комисија, се укажува на три суштински предизвици со кои се соочуваат земји-потпсинички:

- Европската политика и развојните програми се исклучително важни катализатори на националните акции за студенска мобилност;[138]

- Дел од земјите-потписнички одвојуваат финансиски средства за поддршка на студенската мобилност, но економската несразмерност помеѓу земјите во ЕХЕА, им создава огромни проблеми на економски послабите земји и граѓани.[139]

- Релативно мал број на земји имаат усвоено цели за мобилност како интегриран дел од нивните стратегии за високо образование.[140]

Едно клучно прашање во врска со мобилноста е дали националните политики за промовирање на мобилноста подеднакво го застапуваат и привлекувањето на странски студенти во својата земја и промовирање на привлечноста за студирањето на други европски универзитети, и дали таа промоција се однесува на сите студенти или само на одредена студенска популација?! Според ова истражување, во Република Македонија потребен е сериозен напредок во однос на привлекувањето на студенти од европските земји кои би студирале на нашите студенти, но и промовирање на можностите за студирање за македонските студенти на европските универезитети. Имено, сите испитаници во ова истражување се изјаснаа дека не се задоволни со мобилноста на студентите и наставниот кадар, и потребен е соодветен напредок во овој правец, како и во однос на сите комплементарни болоњски активности кои го условуваат степенот на мобилност. Мобилноста на административен кадар пак, во целост отсуствува.

Напредок во однос на привлекување на студенти на нашите универзитети, предсе се однесува на земјите од регионот како Албанија, Косово, Србија и Грција, но не и од другите делови на Европа, особено Западна Европа. Посебен проблем се нефлексибилните студиски програми и ограниченоста во спроведување на друг

[138] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 38
[139] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 38
[140] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 38

странски јазик освен англиски, што пак исто така е проблематична пракса. Постојат меѓу-универзитетски договори за соработка, особено на дел од приватните факултети, но спроведувањето во пракса во смисла на размена на студенти и наставен кадар е незначителна.

Во однос пак на мобилноста на студенти од земјите од регионот, исто така постои проблем во однос на некомплетните документации за нострификација на нивните дотогашни стекнати квалификации со цел продолжување на нивното образование во нашата земја. Според резултатите од ова истражување спроведено и во Секторот за инспекциски надзор во високото образование при МОН, чести се практиките, странските студенти од регионот да бидат запишани на приватните факултети во нашата земја без обезбедена нострификација која пак ја обезбедува овој сектор. Најчести причини за тоа се некомплетната или ненавремената доставена документација, што пак е резултат или на студенската неангажираност или недоследното информирање од страна на универзитетот, што пак е од суштинска важност за зајакнување на мобилноста во целост. Приватните универзитети ваквите нерегуларности ги практикуваат пред се поради бизнис интереси, но и поради од маркетиншки агенди за пријавување на што поголем број пријавени студенти.

Во врска со ова прашање, несомнено треба да се анализираат и мерките кои земјите-потписнички ги спроведуваат во своите национални политики и стратегии за промовирање на мобилноста, но и начинот на кој тие ги мониторираат релевантните резултати. Во Република Македонија, освен преку процесот на нострифицирање на дипломите, во Министерстовото за образование и наука, не постојат ни државни, ни универзитетски тела за мониторирање на влезните и излезните студенти и наставен кадар на нашите унивзритети. На дел од универзитети како УКИМ и ФОН, постојат служби кои издаваат Алумни за актуелните дипломирани студенти, но тоа во вистинска смисла не ги концепира сите потребни информации за практично следење на мобилноста. Од овие причини, сите испитаници од ова истражување сметаат дека е потребно постоење на вакви органи за мониторин и евалуација, со цел стекнување реална претстава и на моменталната ситуација, но и детектирање на слабостите со цел нивно надминување во иднина.

Мобилноста како болоњска насока е наразделен дел од политичката агенда и долгорочни цели на секоја држава и токму затоа взаемната размена на информации меѓу ВО институции и релевантните надлежни државни органи за спроведување на мобилноста е повеќе од значајна. Резултатите од истражувањата на Давид Кросиер од

Еурудика, спроведени минатата година укажуваат на фактот дека и покрај потврдите на земјите членки за спроведување на мобилноста во нивните ВО институции, постојат само исклучителни примери каде националните политики се поддржани со детални и веродостојни информации за реалноста во врска со студенската мобилност.[141]

За жал, се поголемиот број на информации во врска со мобилноста на студентите и наставниот кадар е непроверлива, немерлива, неодржлива и непоткрепена со релеванти детални информации. И ова се чини дека е најголемиот недостаток и проблем на спроведувањето на мобилноста. Од тие причини потребно е зајакнување на капацитети за правилно промовирање на мобилноста, на рамноправен начин за сите студенти, усвојување на орган кој би бил надлежен за мониторинг на студенската мобилност, кој пред се би имал задача да понуди веродостојни информации за степенот на мобилност кон и надвор од нашата земја, и секако не помалку важно да се зајакне и продлабочи комуникацијата и соработката меѓу ВО институции (универзитетите, факултетите и институтите) со МОН односно надлежниот државен орган за високо образование.

Во однос на финансиската поддршка, со текот на годините, во многу земји јавните средства наменети за студентската мобилност се зголемија, но спроведувањето на оваа клучна реформа во ЕХЕА, сеуште бара голем ангажман и залагања на национално и институционално ниво.

Република Македонија се соочува со истите предизвици во спроведувањето на мобилноста како и поголемиот број на европски земји. Имено, една од иницијативите што нашата земја ја превзеде во спроведувањето на мобилноста е назначувањето на ЕКТС координатори на поголемиот број на Универзитети. За жал истите не ги спроведуваат во целост потребните активности за успешна мобилност пред се, поради недефираните и ограничените рамки на функционирање и ангажман. Од друга страна, Република Македонија бележи успех во приклучувањето на најзначајните програми за мобилност на европско ниво: Темпус, Седмата рамковна програма, COST, CEEPUS, Еразмус Мундус за надворешна соработка прозорецот, Еразмус Мундус за Западен Балкан и билатералната соработка. (Tempus, the Seventh Framework program, COST, CEEPUS, Erasmus Mundus External Cooperation Window, Erasmus Mundus Western

[141] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 38

Balkan Window and bilateral cooperation).[142] Значајна олеснителна околност во постигнувањето на одреден успех на ова поле, е олеснувањето на визниот режим меѓу Република Македонија и Европската заедница, односно укинувањето на потребните визи за сите земји членки на ЕУ, со исклучок на Данска, Велика Британија и Ирска, привелегија која за разлика од минатите години, кога слодобното движења на македонските студенти беше ограничено, актуелните студенти имаат можност да ја користат.

Други позитивни примери во однос на превземањето иницијативи на национално ниво во однос на надминување на пречките за моблиноста е реализрањето на мобилност врз основа на билатерални договори, како што е Програма за размена за универзитетски студии на Централна Европа – CEEPUS.[143] Во однос на тешкотиите за признавање на студиските престои во странство, во изминатиот период забележани се напори од страна на Економскиот факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, преку програмата за постдипломски студии дизајнирана преку финансиска поддршка на Темпус програмата во областа на Е-бизнис[144], да се случат договори за учење на билатерален и мултилатерален план особено со земјите од Југоисточна Европа. Но, и покрај забележаните позитивни примери од овој тип, сепак станува збор повеќе за исклучоци, отколку за правила, и токму во таа насока треба да се нудат корисни, практични и оддрживи решенија за надминување на овој проблем.

Мобилноста на граѓани, односно студенти, наставен и административен кадар подразбира размена не само на знаења и научно-истражувачка работа, туку и размена на култури, национални обележја и образовно наследство. Токму затоа сите тие граѓани кои меѓу другото, се и еден тип на промотори на својата земја, треба да бидат поддржани од матичните институции и индиректно преку матичните државни надлежни служби. Тоа подразбира зајакнување на капацитети на ВО институции, нивна соодветна поддршка од страна на државните ограни, но и нивно посветено исполнување на обврските кои ги имаат во однос на своите студенти. Според националната стратегија за развој на ВО во Република Македонија 2005-2015[145],

[142] Национален извештај на Република Македонија, 2009, стр. 44/BOLOGNA PROCESS TEMPLATE FOR NATIONAL REPORTS: 2007-2009

[143] Национален извештај на Република Македонија, 2009, стр. 45

[144] Национален извештај на Република Македонија, 2009, стр. 44

[145] На 18.04.2006, во рамките на 129-та седница на Собранието на Република Македонија, беа усвоени "Националната програма за развој на образованието 2005-2015" и следните придружни програмски документи: Програма за развој на предучилишното образование; Програма за развој на основното образование; Програма за развој на средното и на постсредното образование; Програма за развој на високото образование; Програма за развој на ИКТ во образованието; Програма за професионален

подготвувачите на истата ги предлагаат следните мерки кои ВО институции треба да ги превземат во однос на надминувањето на пречките за мобилност:

- да се зајакне наставниот кадар со меѓународно искуство; [146]

- да се развијат студиски програми кои ќе се реализираат на еден од светските јазици;[147]

- да развијат студиски програми кои ќе овозможуваат трансфер на кредити за домашни и странски студенти;[148]

- да се развијат информативни центри кои ќе обезбедуваат јасни и лесно достапни информации за студентите во врска со можностите за меѓународна мобилност;[149]

- да се изградат механизми за олеснување на преносливоста на стипендиите и кредитите; [150]

Со цел да се поткрепат анализите од ова истражување, во прилог ќе бидат претставени дел од истражувањето кое во 2011 го спроведе Младинскиот образовен форум[151], една од малкуте организации во Република Македонија, т.е. претставници на граѓанскиот сектор, која се занимава со проблематиката за реалната состојба на мобилноста во нашата земја. Овие податоци се важни за споменување, пред се поради фактот што ваквиот тип на истражувања во нашата земја се ретки, особено овие кои се обидуваат да ја прикажат реалната состојба на мобилноста во нашата земја.

Резултатите од ова истражувањето покажаа дека:

1. Вкупниот број студенти од земјите-потписнички на Болоњската декларација кои имаат слушано семестар или година на додипломски студии на испитаните факултети е 15. Овие студенти слушале настава на Филолошкиот, Филозофскиот и Правниот факултет. Според дадените одговори, вакви студенти има од следниве земји: Словенија, Хрватска, Полска, Данска, Австрија, Италија. Вкупниот број на студенти од

развој на училишниот кадар; Програма за развој на институционалната поддршка на реформите во образованието; Програма за обезбедување и контрола на квалитетот во образованието; Европско јазично портфолио. Врз Националната програма и придружните програмски документи за развој на образованието во Република Македонија, работеа седумдесетина независни експерти и претставници од Министерството за образование и наука. Финалната верзија на документите беше обликувана во рамките на повеќемесечна јавна расправа во којашто зедоа учество релевантни субјекти од областа на образованието, како и сите заинтересирани македонски граѓани.

[146] МОН, Национална стратегија за развој на образованието, 2006-2015/ стр.283

[147] МОН, Национална стратегија за развој на образованието, 2006-2015/ стр.283

[148] МОН, Национална стратегија за развој на образованието, 2006-2015/ стр.283

[149] МОН, Национална стратегија за развој на образованието, 2006-2015/ стр.283

[150] МОН, Национална стратегија за развој на образованието, 2006-2015/ стр.283

[151] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.17

Македонија кои ги искористиле програмите за мобилност е само 23, и покрај насоките од Болоња дека факултетите, односно универзитетот треба да ја промовира важноста на мобилноста, т.е. да има однапред подготвена стратегија за промоција на овој важен сегмент за европеизација на високото образование.[152]

2. Вкупно 27 студенти, странски државјани, имаат искористено некоја од програмите на Европска унија за мобилност на испитаните факултети на Правниот, Економскиот, Филолошкиот и на Филозофскиот факултет. (На останатите факултети Архитектонски, Машински и на Факултетот за електротехника и информациски технологии немаат вакви студенти.)[153]

3. Само Филолошкиот факултет има Правилник во кој се утврдени критериумите со кои би се вршела селекција меѓу студентите и наставниот кадар кои ќе користат мобилност. Останатите факултети кажуваат дека студентите се селектираат според правила на Универзитетот.[154]

4. Студентите не ги користат програмите за мобилност на ЕУ ЕРАЗМУС и ЦЕЕПУС или факултетот доволно не ги информира за нивно искористување. Бројката на студенти се движи од најмалку 2 до најмногу 7 студенти.[155]

5. Во академската 2010/2011 студентите нема да имаат можност да ја искористат програмата Еразмус, која е дел од програмата „Доживотно учење". Една од причините за целосно замирање на мобилноста на студентите и академскиот кадар кон универзитетите во ЕУ преку искористување на програмата „Доживотно учење" е одлуката со која оваа програма за академската 2010/2011 е ставена во мирување. Актот со кој се регулира изборната процедура за програмата Еразмус, како дел од програмата „Доживотно учење", е во надлежност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Сепак оваа програма е затворена за академската 2010/2011, бидејќи Програмата е затворена со одлука од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.[156]

6. На факултетите отсуствуваат промотивни активности чија цел би била запознавање на студентите со можностите за мобилност. Дополнително, само еден

---

[152] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.18

[153] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.18

[154] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.18

[155] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.19

[156] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.19

факултет има организирано трибина за мобилност за студентите да се информираат на оваа тема, додека останатите факултети немаат организирано ниту една трибина за студентите посветена на ова прашање.[157]

7. Студентскиот парламент нема посебни финансии за промоција на стипендии. Студентскиот парламент како монополизиран претставник на студентската популација, и покрај тоа што располага со средствата уплатени од студентите, не издвојува никакви средства за промоција на мобилноста на студентите.[158]

8. Можностите за мобилност за студентите кои ги нудат студентските организаци (AISEC, ELSA, AEGEE, IAESTE), се поголеми во однос на понудите од факултетите.[159]

9. Три од испитаните факултети (Филолошкиот факултет, Машинскиот факултет и Архитектонскиот факултет) во изминативе 5 години немаат реализирано никаков проект кој се однесува на студенска или на академска размена.[160]

10. студентите (преку студентските организации на факултетите) многу почесто учествуваат во меѓународни спортски манифестации, отколку на манифестации каде имаат можност да ги презентираат своите научни трудови.[161]

11. Бизнис-секторот не е заинтересиран за финансирање студенти на високообразовните институции. (само на Економскиот факултет, Факултетот за електротехника и информациски технологии и на Машинскиот факултет од истражувањето, фирми стипендираат успешни студенти.)[162]

12. Не постои подготвителна програма за странските студенти кои добиле можност да студираат на некој од факултетите кои беа дел од истражувањето. Прецизно кажано, на ниту еден од испитаните факултети не постои подготвителна програма за странски студенти кои добиле можност да студираат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.[163]

[157] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.20
[158] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.20
[159] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.20
[160] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.21
[161] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.22
[162] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.22
[163] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.23

13. Факултетите немаат податоци дали нивните студенти магистерските трудови ги бранат на странски јазик.[164]

Главниот заклучок од ова истражување е дека мобилноста на студентите во Република Македонија е крајно незадоволителна и тоа се должи на неинформираност, отсуство на соодветна финансиска поддршка и на недоволна отвореност на факултетите за меѓународна соработка. Од добиените резултати од истражувањето забележливо е дека:

1. За разлика од мобилноста на студентите, резултатите од спроведената анализа од страна на МОФ покажуваат дека мобилноста на соработничкиот и на наставниот кадар е нешто подобра, но, сепак, далеку од оптимум кој би обезбедил препознатливост на нашите високообразовни институции и унапредување на високото образование во целина.[165]

2. Мобилноста на административниот кадар, исто така, целосно е запоставена, а тоа се должи на високо ниво на рутинизација, отсуство на мотивација за унапредување, непознавање странски јазици и маргинализација на улогата на администрацијата во развојот на факултетите и на универзитетите.[166]

3. Во високообразовните институции во Република Македонија на сите нивоа недостасуваат процедури кои се однесуваат на информирање, селекција, евиденција и отчетност за мобилност на студентите, академскиот и административниот кадар.[167]

4. Најголем дел од факултетите не организираат никакви облици на неформално и информално образование како содржини кои би биле евидентирани во diploma supplement, која од своја страна е алатка за мобилност, но и за вработување.[168]

5.Факултетите не воспоставиле задоволително ниво на соработка со студентските организации во смисла на взаемно информирање, промоција и поддршка на мобилноста на студентите..[169]

---

[164] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.23
[165] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.44
[166] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.44
[167] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.44
[168] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.44
[169] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.45

6. На факултетите не постои соодветна институционална поддршка на мобилноста на студентите, па тоа е некаде дел од надлежностите на координаторите за ЕКТС, некаде е дел од обврските на продеканите за меѓународна соработка, а некаде воопшто нема надлежни лица или тела во рамките на факултетот.[170]

7. Од добиените резултати може да се заклучи дека ни факултетите, ни универзитетите не издвојуваат посебни средства за мобилност. Средствата кои се на располагање доаѓаат од членства во различни конзорциуми во рамки на програмите на ЕУ.[171]

8. Во рамките на високообразовните институции не се води ревносна евиденција за мобилноста која ја остваруваат студентите, академскиот и административниот кадар. [172]

Клучна улога за ниската стапка за мобилност во нашата земја е и се пониските финансиски средства за мобилност на научниот подмладок, младиот научен кадар и за искусните научници, кои во последните неколку години ги издвојува Министерството за образование. Во последните години тие средства станаа симболични и не придонесуваат кон афирмација на научните достигнувања во Македонија која би требало да се постигне преку учества на меѓународни научни собири, студиски престои и усовршувања. Имено, според податоците од ова истражување, државата во последните години  годишно извојува по 75 евра по студент, па според пријавениот број на студенти на Универзитетите, МОН ги доделува потребните финансиски средства, кои понатаму факултетите сами го регулираат распоредувањето на истите. (Германија на пр.одвојува 26.000 евра за секој нов студент)

Вакво едно истражување, како што е горенаведеното, не само што е редок пример на релеванта проценка на моменталната состојба на степенот на мобилност во нашата земја, туку е и особено важно при идното дефинирање и превземање на мерки иницирани на национално ниво за подобрување на моменталната состојба на оваа клучна болоњска реформа. Универзитетите и факултетите, исто како и одговорните државни институции, пред се Министерството за образование и наука, треба сериозно да ги земат во предвид истражувањата и стекнатите информации од овој тип, особено

[170] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.45
[171] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.45
[172] Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* стр.45

затоа што доаѓаат од граѓанскиот сектор. Ваквите истражувања нудат информации со кои ниту ВО институции ниту МОН располагаат.

Улогата на граѓанскиот сектор во едно демократско и стабилно општество игра клучна улога за неговата оддржливост. Аспектот од граѓанскиот сектор не само што нуди мерливост на постигнатите резултати во развојот и напредокот на земјата, туку може да понуди и конкретни решенија или идеи за напредокот во поедничните области, како што е и високото образование. Исклучувањето на јавното мислење од клучните планови или стратегии/програми за подобрување на образовната структура, односно високо-образованата политика во државата пред се, се должи на неискуството во креирањето на заеднички цели, но и во непосветувањето доволна важност на потребата од истото. Со цел создавање на транспаретно, оддрживо и ценето високо образование во Република Македонија, кое што би било конкуретно во европскиот простор и на европските пазари, потребно е подеднакво вклучување и почитување на сите релеванти фактори во креирањето на заедничка стратегија за високо образование.

Воспоставувањето на дијалог и соработка меѓу државниот и граѓанскиот сектор, не само што би овозможило здрава основа за креирање на една заедничка образовна политичка агенда со јасно дефинирани цели и насоки, туку и би овозможило далеку поуспешно, побрзо и попрофесионално имплементирање на мобилноста во нашето образование.

Со оглед на фактот што имплементирањето на болоњските насоки во европските земји, сеуште е дискутабилен, подложен на критики, и недоволно анализиран и евалуиран процес, нашата земја има уште поголема одговорност кон своите граѓани (студенти, наставен и административен кадар), но и пред европската заедница да ги дефинира мерките, интрументите и насоките за успешно имплементирање на сите болоњски насоки, вклучително и мобилноста како суштинска во ЕХЕА.

Зголемувањето на степенот на мобилност на европско ниво не зависи само од спроведувањето на оваа реформа сама за себе. Успехот зависи подеднакво и од успехот на спроведување на квалификационите рамки, обезбедувањето на квалитет, посветеното спроведување на три-цикличниот систем, како и ЕКТС. Болоњските насоки се комплементарни, зависни една од друга и секое помалку успешно спроведување на долгорочен план значи слаба алка во синџирот на реализацијата на стабилен/лна ЕХЕА.

## IV.5. Промоција на европската соработка во осигурувањето на квалитетот, Обезбедување на квалитет во високото образование во Република Македонија

Обезбедувањето и подобрувањето на квалитетот за високо образование, како и воспоставувањето на рамка за обезбедување на квалитет е приоритет на голем број европски земји, вклучително и на Република Македонија. Зајакнувањето на квалитетот во рамки на високо-образовните институции подразбира спроведување на политички цели, процедури и практики кои се креираат со цел да постигнат, одржат или постигнат квалитет во пошироки рамки.[173] Ваквото спроведување значи и утврдување на долгорочната цел за осигурување на сите институции, програми и квалификации се во една усогласена стандардизирана рамка.[174]

Обезбедувањето на квалитет, на долгорочен план значи подобрување и унапредување на високото образование, институциите и студиските програми. За да се постигнат овие цели, европските министри за образование во 2005 година усвоија споредливи критериуми и методологии во високото образование, со цел да се поттикне европската соработка во осигурувањето на квалитетот на високото образование,.[175] Подготвени од Европската асоцијација за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA) во соработка и консултации со нејзините агенции и другите членови на "Е4 групата" (ENQA, EUA, EURASHE и ESU)[176], ги усвои т.н. "Стандарди и насоките за осигурување на квалитет во Европскиот простор за високо образование" (ESG)[177]. Три години подоцна се формира и Регистар за обезбедување квалитет во европското високо образование" (EQAR), како прв правен субјект произлезен од Болоњскиот процес, а во функција на обезбедување на информации до агенциите за обезбедување квалитет во европските земји.[178]

И покрај правните и политички рамки, фундаменталната одговорност за обезбедување квалитет сепак му припаѓа на високо-образовните институции. Внатрешното обезбедување на квалитет во рамки на институцијата, како и развојот на ефикасен "квалитет на култура" е поврзан со степенот на оперативната автономија во

[173] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 24
[174] Види: http://www.ond.vlaanderen.be/hogeronderwijs/bologna/actionlines/QA.htm
[175] МОН, Стратегија за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015/ Визија, стр. 269
[176] Види: http://www.ehea.info/article-details.aspx?ArticleId=24
[177] Види: http://www.ehea.info/article-details.aspx?ArticleId=24
[178] Е4 групата која го усвои овој Регистар организира и форуми на годишно ниво, со цел да разговараат и да ги еволуираат најновите случувања во обезбедувањето квалитет во европското високо образование.

самите институции.[179] Од друга страна т.н. надворешното осигурување на квалитет ги комбинира двете одговорности за смирување на јавноста со давање на информации за квалитетот и стандардите, како и информации за целта и развојните фази на институциите. Следствено, надворешните евалуации се фокусираат или на наставните програми, или на институциите, или на комбинацијата од двете.[180]

Свесноста за важноста од синергијата меѓу надворешната и внатрешната евалуација, како и потребата од размената на искуства во однос на успешните практики, треба да овозможи пораст на транспаретноста и соработката меѓу сите одлучувачи во рамки на НРК: ВО институции, студентите и агенциите за вршење на евалуциите на сите три нивоа: институционално, национално и меѓународно.[181]

Република Македонија за првпат ги прифати овие насоки во однос на обезбедувањето на квалитет во нашето високо образование, со усвојувањето на истите во законот за високо образование од 14 март, 2008 година. Според законот и најновите измени и дополнувања на законот од 9 февруари, 2011 година, обезбедувањето и оценувањето на квалитетот на високото образование во нашата земја го врши Одбор за акредитација и евалуација на високото образование.[182] Овој правно-регулиран систем за обезбедување и оценување на квалитетот треба да ги спроведува следните задачи и одговорности:

a) одобрување, потврдување и признавање на високообразовна установа и на студиски програми, за вршење на високообразовна дејност согласно со овој закон, што се остварува преку акредитација[183]
b) процена на квалитетот за вршењето на високообразовната дејност, управувањето, финансирањето, академските и други активности и нејзините приоритети, што се остварува преку системот на евалуација[184] и
c) други активности и механизми преку кои се развива и одржува квалитетот на високото образование утврдени со закон и актите на телата што го оценуваат квалитетот на високото образование[185]

---

[179] Види: http://www.ehea.info/article-details.aspx?ArticleId=24
[180] Види: http://www.ehea.info/article-details.aspx?ArticleId=24
[181] Извештај на Е4 групата (ENQA-EUA-EURASHE-ESU), *1999–2010 Achievements, Challenges and Perspectives,* стр.35 Е4 групата има клучна улога во донесувањето на сите одлуки, стратегии и извештаи поврзани со болоњските препораки.
[182] Министерство за образование и наука на Р.Македонија/ http://mon.gov.mk/novosti/702-zakonvisoko/ Дополнување на законот за високо образование, член 69, февруари 2011
[183] Министерство за образование и наука на Р.Македонија/ http://mon.gov.mk/novosti/702-zakonvisoko/ Дополнување на законот за високо образование, член 69, февруари 2011
[184] Министерство за образование и наука на Р.Македонија/ http://mon.gov.mk/novosti/702-zakonvisoko/ Дополнување на законот за високо образование, член 69, февруари 2011

Обезбедувањето на квалитет преку спроведување на евалуација од страна на Одбор за акредитација и евалуација на високото образование се врши преку евалуациони методи како што се: надворешна евалуација, самоевалуација, како и преку систем на оценување на квалитетот на академскиот кадар. [186]

Според измените и дополнувањата во Законот за високо образование, вршењето на надворешната евалуација треба да обезбеди стандардизиран квалитет на високото образование во ЕХЕА, и за таа цел се применуваат постапки и стандарди усвоени од Европската асоцијација за евалуација во високото образование (ENQA) и од други институции, организации и асоцијации кои вршат обезбедување на квалитетот на високото образование. [187] „Надворешната евалуација се врши под критериуми утврдени со упатство за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија, кое го донесува министерот надлежен за работите на високото образование“.[188]

Овие измени и дополнувања во Законот за високо образование во однос на обезбедувањето на квалитет преку вршење на евалуација од страна на државните органи, т.е. надворешна евалуација и преку самоевалуација, односно внатрешна евалуација од страна на самите универзитети, во изминатиот период во нашата земја предизивикаа нарушување на комуникацијата меѓу МОН и Универзитетскиот сенат. Причините за отвореното незадоволство кон усвојувањето на дел од измените се однесуваа на насогласувањето со методите за спроведување на истите. Од тие причини, Универзитетскиот сенат понуди неколку решенија за надминување на недоразбирањата во однос на ова прашање и тоа:

- Усвојување на програма за остварување и развој на високообразовната дејност за периодот 2011-2021 година;[189]

---

[185] Министерство за образование и наука на Р.Македонија/ http://mon.gov.mk/novosti/702-zakonvisoko/ Дополнување на законот за високо образование, член 69, февруари 2011

[186]Националниот извештај од април 2009 година, подготвен од Надежда Узелац, советник, Министерство за Образование и наука, Снежана Билиќ - заменик-шеф на Одделот за високото образование; како и претставниците на Темпус канцеларијата во Македонија, ЈИЕУ Тетово, УКИМ Скопје, Државен Универзитет во Тетово и Универзитетот "Гоце Делчев "Штип, нуди преглед на последните развојни фази во однос на Болоњскиот процес во нашата земја, вклучувајќи ги и правните реформи, како и промените во институционалните структури во корист на имлементацијата..

[187] Министерство за образование и наука на Р.Македонија/ Дополнување на законот за високо образование, член 69, февруари 2011, види: http://mon.gov.mk/novosti/702-zakonvisoko, цит.

[188] Поради овој сегмент од членот на Законот, во Република Македонија се појавија жестоки реакции на академската заедница, што резултираше Сенатот на универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ на вонредна седница да донесе едногласен заклучок да бидат повлечени предложените измени на Законот за високо образование, откако биле разгледани забелешките и предлозите на факултетите и заклучокот на ректорската управа. *Има многу проблематични делови, а еден од најпроблематичните е надворешното оценување. - вели универзитетскиот професор Владимир Петрушевски.*

[189]Види:http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=11511840267&id=9&prilog=0&sctIzdanie=22182

- Спроведување на јавни расправи на универзитетите и формирање на совет за финансирање на високото образование.[190]
- Вклучување на универзитетски кадри во подготвувањето на официјалните документи на национално ниво.[191]

Со оглед на спроведувањето на надворешната евалуација на УКИМ во април 2011 година од страна на ЕАУ, овие предлог измени беа ставени во мирување и истите се уште се отворени за понатамошна дискусија и разгледување со цел наоѓање на компромис кој би овозможил напредок во спроведувањето на оваа реформа.

Во нашата земја, според расположливите податоци, внатрешни евалуации на универзитетите во нашата земја, се спроведуваат на редовна основа. Имено, примери на модели со внатрешен ОК систем во универзитетите во Република Македонија се: Моделот на ОК систем имплементиран на Универзитетот Св.Климент Охридски во Битола, како и Универзитетот "Св. Кирил и Методиј " во Скопје.[192]

Во последниот национален извештај на Република Македонија за развојот на болоњскиот процес во нашата земја од 2009 година, се тврди дека: *Комисиите за оценување редовно произведуваат извештаи за евалуација на секој од факултети на УКИМ со цел да се соберат информации, како и за да го промовира квалитетот во рамките на институцијата.[193] Во текот на евалуцискиот период, сите членови на универзитетот подготвуваат годишни извештаи, а понатаму собраните информации се користат како почетна точка за креирање на нивните политики.[194] Истражувањата се рутинска пракса кои се спореведуваат од УКИМ членови и се вршат на крајот од зимскиот и /или летен семестар кога и самите студентите, вклучени како испитаници следат разни програми на обука.[195] Врз основа на резултатите од анкетите и соработката со студентите, Управниот одбор на факултетите предлага мерки за надминување на слабостите. Самата евалуација комисијата на Сенатот ја спроведува со помош на SWOT анализата.[196] Крајниот*

[190] Види:http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=11511840267&id=9&prilog=0&setIzdanie=22182
[191] Види:http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=11511840267&id=9&prilog=0&setIzdanie=22182
[192] Национален извештај на Република Македонија, април 2009 година, стр. 24
[193] Национален извештај од април 2009 година, подготвен од Надежда Узелац, советник, Министерство за Образование и наука, Снежана Билиќ - заменик-шеф на Одделот за високото образование; како и претставниците на Темпус канцеларијата во Македонија, ЈИЕУ Тетово, УКИМ Скопје, Државен Универзитет во Тетово и Универзитетот "Гоце Делчев "Штип, цит. Стр. 25
[194] Национален извештај од април 2009 година, подготвен од Надежда Узелац, советник, Министерство за Образование и наука, Снежана Билиќ - заменик-шеф на Одделот за високото образование; како и претставниците на Темпус канцеларијата во Македонија, ЈИЕУ Тетово, УКИМ Скопје, Државен Универзитет во Тетово и Универзитетот "Гоце Делчев "Штип, цит. Стр. 25
[195] Национален извештај на Република Македонија, април 2009 година, стр. 25, цит.
[196] Национален извештај на Република Македонија, април 2009 година, стр. 25, цит.

*извештајот, изготвен врз основа на резултатите од анализата, потврден од државата, и верифициран од страна на УКИМ телата, се поставува за предмет на расправа во согласност со постапката за надворешна евалуација на Универзитетот*[197].

Според одговорите добиени од ова истражување, сите универзитети спроведуваат внатрешна евалуација чии крајни извештаи ги содржат и ставовите на студентите, добиени преку анкети, и истите понатаму се користас за дефинирање на идните образовни политики на факултетите. Но, недостатокот се однесува на тоа што ваквите клучни информации добиени од студентите како носители на суштината на Болоња, се спроведуваат само наменски, еднаш годишно, и во таа смисла се и неефикасни на долг план. Имено, праксата спроведување на редовни анкети за евалуација на мислењето на студентите во однос на сите клучни прашања во високото образование, не само што е ретка, недоволна и неконтинуирана, туку често се соочува и со слаб одзив од страна на студентите, што пак е круцијален проблем во нашиот ВО систем. Слабиот одзив не само што е индикатор за слабото постоење на студенски став, мисла, критика или анализа, туку ја воочува слабата мотивација, незаинтересираност и апатичност на студентите низ процесот на стекнување на своето знаење.

Во однос на примерите за надворешна евалуација, во рамки на процесите за промовирање на европската соработка во осигурувањето на квалитетот, кои спроведуваат на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј "во Скопје, како дел од Европската програма за институционална евалуација[198], Европската асоцијација го вклучи Универзитетот "Св. Кирил и Методиј "во Скопје во рамки на програмата за надворешна евалуација во 2003 и 2011 година.[199] Во 2008 година беше реализирана првата последователна евакуација. По спроведените надворешни евалуации, екпертските тимови доставија релеванти извештаи, кои содржат клучни препораки за понатамошната работа на УКИМ. Меѓу другото, во 2003 година главната препорака се однесува на интеграцијата на Универзитетот[200], за која УКИМ смета дека сега после неколку години располага со доволно капацитети да се соочи со овој предизвик и е целосно посветен кон реализирањето на оваа цел. За да се постигне успех во оваа

[197] Национален извештај на Република Македонија, април 2009 година, стр. 25, цит.
[198] Национален извештај на Република Македонија, април 2009 година, стр. 26
[199] Извор: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Види: www.ukim.edu.mk
[200] Универзитетски весник, февруари, 2011, „Подготовски за втора надворешна последователна евалуација на УКИМ", стр. 2

насока, потребни се отворени дискусии меѓу сите факултетите за добрите и лошите страни на задршувањето на одредена централизирана моќ или целосно децентрализирање на УКИМ, но и размена на останати позитивни искуства на ова поле.[201] Наредната последователна надворешна евалуација на УКИМ, се спроведе од 11 до 14 април, 2011 година, од страна на определен експертски тим на Европската асоцијација на универзитетите. Според ректорот на Универзитетот, проф. Д-р Велимир Стојковски, експертскиот тим понуди неколку препораки до УКИМ меѓу кои клучни е:

- заживување на докторските студии;

- продолжување со процесот на усогласување на студиските програми со Националната рамка на квалификации;

- зголемување на мобилноста на студентите преку обезбедување стипендии од страна на државата и стопанството;[202]

Во моментов, од страна на МОН е усвоен и прифатен тендер за спроведување на надворешна евалуација на Универзитетите во Република Македонија од страна на Шангајскиот универзитет, и за таа цел потребно е да се комплетираат сите потребни информации до декември 2011 година. Со оваа евалуација, покрај факултетите, ќе се рангираат и студентите и наставниот кадар.

Усвоената национална рамка за квалификации, во голема мера може да им помогне на високообразовните установи во постапката на надворешното оценување на квалитетот преку донесување на појдовните точки за воспоставувањето и определувањето на академските стандарди[203] Воедно може да овозможи надминувањето на предизвиците во однос на целосното спроведување на третиот циклус на студии-докторските студии, подобрување на студиските програми со цел прилагодување на потребите на студентите и новите технолошки и пазарни импулси, како и значајното подобрување на степенот на мобилност во нашата земја.

Овие предизвици, како и обезбедувањето на квалитет во ВО во Република Македонија може да прерасне во позитивна предност само доколку се воспостават и се унапредат националните механизми за обезбедување квалитет со вложување на

[201] Универзитетски весник, февруари, 2011, „Подготовски за втора надворешна последователна евалуација на УКИМ", стр. 3
[202] Извор: електронски медиум: Види: http://mail.tocka.com.mk/index12.php?ID=44137, Изјава на ректорот на Универзитетот, проф. Д-р Велимир Стојковски
[203] УРЕДБА за Националната рамка на високообразовните квалификации, член 3, стр. 1

посветен институционалниот напор, труд и искуство стекнато од универзитетите за хармонизација со европските стандарди за квалитет на високото образование. [204]

### IV.6 Промоција на европската димензија во високото образование

Промоцијата на европската димензија во високото образование, за прввпат беше иницирана со Болоњската декларација во 1999 години, како еден од главните приоритети на образовните реформи во европските земји. Европската димензија се залага за промовирање на мобилноста на студентите, развој на интегрираните студиски програми, меѓуинституционалната и меѓународната соработка, обуката и истражувањето.[205] Подигање на степенот на мобилноста на академските кадри, студенти и персонал при високообразовните институции не само што овозможува пораст на можностите за личен развој, подобра соработка меѓу ВО институции, туку и значително ја зајакнува Европската димензија во високото образование. [206]

Промоцијата на европската димензија во високото образование подразбира:

- развој на модули, курсеви и курикули/наставни програми во согласност со европскиот контекст, ориентација и насоки.[207]

- развој на меѓународна соработка меѓу индивидуи и институции и особено признавање на заеднички степен на диплома. [208]

- развој на шемите за мобилност и интегрираните програми на студии, обуки и истражувања;[209]

- промоција на јазичната разноликост и учењето на јазиците;[210]

Промовирањето на европската димензија во Република Македонија, според горепосолените насоки е разгледувано поединечно или ќе биде разгледувано подолу низ текстот, особено степенот на развој на мобилноста во нашата земја, како срж на европската димензија. Од анализите претставени во поглавјето за степенот на

[204] проф. д-р Замир Дика Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово/Болоњски гласник: ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО КВАЛИТЕТ – КРАТОК РЕТРОСПЕКТИВЕН ОСВРТ, ТРЕНДОВИ И НАЦИОНАЛНИ НАСОКИ, стр.15

[205] Александра Синадиновска-Шумар,/„По повод 10 години Болоњска декларација", Број 9 ноември/2009

[206] TOWARDS THE EUROPEAN HIGHER EDUCATION AREA Communiqué of the meeting of European Ministers in charge of Higher Education in Prague on May 19th 2001, стр. 2

[207] Cristina Bojan, THE EUROPEAN DIMENSION OF HIGHER EDUCATION BETWEEN THE LISBON STRATEGY AND THE BOLOGNA PROCESS, стр. 42, цит

[208] Cristina Bojan, THE EUROPEAN DIMENSION OF HIGHER EDUCATION BETWEEN THE LISBON STRATEGY AND THE BOLOGNA PROCESS, стр. 42, цит

[209] Cristina Bojan, THE EUROPEAN DIMENSION OF HIGHER EDUCATION BETWEEN THE LISBON STRATEGY AND THE BOLOGNA PROCESS, стр. 42, цит.

[210] Cristina Bojan, THE EUROPEAN DIMENSION OF HIGHER EDUCATION BETWEEN THE LISBON STRATEGY AND THE BOLOGNA PROCESS, стр. 42, цит

мобилност во нашата земја може да се заклучи дека сеуште не се надминати предизвиците во однос на развојот на флексибилни наставни програми, и особено развој на меѓународната соработка, особено со земји кои не ги вклучува само земјите од Југоисточна Европа. Во однос на развојот на интегрираните програми на студии,т.е. joint-degree програмите, обуки и истражувања, како и промовирњето на изучувањето на др.странски јазици, може да се заклучи дека се забележува позитивен прогрес, особено во спроведувањето на студиски програми на англиски јазик.

Успешното спроведување на европската димензија се случува на институционално, но и на индивидуално ниво. Според досегашниот увид, може да се заклучи дека спроведувањето засега се реализира на институционално ниво, со оглед на фактот што промивирањето на европскиот идентитет, граѓанство или личен развој се немерливи категории.[211]

Донесувањето на новите измени и дополнувања на Законот за високо образование, се во насока на приближување до европските стандарди и критериуми во високото образование и внесување на европска димензија во студиските програми и препознавање на стекнатите високообразовни квалификации, кои имаат големо влијание во општествениот живот.[212] Со оглед на тоа што Законот, а со тоа и новите измени и дополнувања на законот се дел од Националната програма за усогласување на македонското законодавство со европското, се прави чекор напред кон промовирање на европската димензија и во нашата земја. Но повторно, она што е исклучително важно е спроведувањето на овие законски рамки во пракса. Искуството покажува дека овие процеси не само што се подложни на препреки, туку и се изложени на критики, затоа што токму при нивното спроведување доаѓа до израз реалната слика на општествениот развој, оддржливост и способност на секоја држава поединечно, вклучително и нашата да одговори на целите и задачите кои во крајна линија го креираат европскиот идентитет. Промовирањето на значењето на културното, јазичното и образовното наследство на земјата, со методи комплементарни со оние на европската рамка, ни од далеку не е наивен процес. Ваквиот процес на истакнување на важноста од разноликоста, почитување на сопствениот и туѓиот јазичен и културен идентитет бара спремност, подготвеност, посветност и аналитичност. Поттикнувањето

[211] Cristina Bojan, THE EUROPEAN DIMENSION OF HIGHER EDUCATION BETWEEN THE LISBON STRATEGY AND THE BOLOGNA PROCESS, стр. 43

[212] Петар Поп Арсов, Собрание на Република Македонија, Комисија за европски прашања, Извештај Бр. 14- 764/2, 9 февруари 2011 година, Скопје, , стр. 2

на индивидуланите обележја и вредности, сред европската хуманистичка традиција е обврска и задолжение на секое општество, и пред се на нашата земја, не само поради задоволувањето на потребата од создавање на единствени рамки како што е ЕХЕА, туку и од клучната потреба од лична, колективна и национална идентификација на долг план. Секој чекор напред кон дефинирање и прогрес на сопствените образовни обележја сред понудените насоки и цели, значи чекор напред кон идентификувањето на европскиот идентитет. Промовирањето на европската димензија во ВО е процес кој пред се треба да биде добро разбран, анализиран, дефиниран и заснован врз солидна соработка меѓу ВО инсититуции и одговорните државни органи. Тоа е процес кој нуди нов тип на соработка меѓу универзитетите и општеството, што пак резултира со бројни промени во многу аспекти од работата на универзитетите, и токму затоа постојано треба да биде надгледуван, евалуиран и насочуван кон оддржливата рамка на реализација.

### IV.7 Агендата за доживотно учење и нејзината имплементација во Република Македонија

Актуелната економска криза и последователните промени на глобално ниво, ја засилија потребата од посветување поголемо внимание на придобивките од доживотното учење, односно фокусирање кон развојот на ефективна и оддржлива работна сила подготвена за справување со научното општество, т.е. општество базирано врз знаење. Доживотното учење е суштински елемент на европскиот простор на високото образование. Прифаќањето на концептот за доживотно учење во Европа, е неоходно за соочување со предизвиците на компетитивноста, користењето на современтите технологии и настојувањето да се унапредат социјалната кохезија, еднаквите можности и квалитетот на животот“.[213]

Терминот *доживотно учење* е подложен на различни дефиниции во различни европски земји, пред се поради фактот што опфаќа различен обем и контекст на дејствување. Во најопшта смисла, доживотното учење, сфатено како сенаменска активност на учење, која се презема во текот на целиот живот на поединецот со цел да се подобрат знаењата, вештините и компетенциите, во рамките на личната,

[213] "Realising the European Higher Education Area" Communiqué of the Conference of Ministers responsible for Higher Education in Berlin on 19 September 2003, стр.6

граѓанската, општествената и/или перспективата на вработување е прифатено и во Република Македонија.[214]

Во последните неколку години забележани се позитивни активности во однос на развојот и перспективата на доживотното учење, како што покажува и сликата подолу[215]



- **Розево**: Признаена како агенда во сите ВО ВО институции
- **Црвено**: Признаена како агенда во некои институции
- **Пруги**: Не е признаена како агенда

Прилог бр.4

Сликата погоре укажува на фактот дека скоро во сите земји Агендата за доживотно учење е усвоена од страна на ВО институции, но разликата е во степенот на посветеност на нејзиното целосно интергрирање во образовните системи.[216] Исто така и недостатокот од заедничка дефиниција на концептот за доживотно учење во високото образование, го оневозможува надминувањето на предизвиците при самото имплементирање и ја оневозможува потребната соработка меѓу институциите и државите. И токму ова е главната причина за постоењето на низа од различен тип на курсеви и програми за имплементацијата на овој концепт на учење. Во зависност од националниот контекст, може да се однесува на учење за возрасни, или неформално образование, или едноставно дополнително образование.[217] Следствено, како што постојат различни контексти, така постојат и различни активности и методи за спроведување на овие концепти и тоа: part-time учење, т.е. половично-скратено учење, учење на далечина, комбиниран модел, образование за возрасни, е-образование,

[214] БУОВА, Елизабета/Иван Додовски, Неформалното образование во Република Македонија: состојби и перспективи / Младински културен центар- Битола, 2009, стр. 31
[215] Извор: Eurydice/ Сликата е превземена од истражувањето на David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 34
[216] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 35
[217] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 35

отворен метод на образование, вечерно образование (или образование за викенд), учење во заедница итн.[218]

Во Република Македонија спроведувањето на агендата за доживотно учење се спроведува преку три методи:

1. **Формално образование/учење**, кое се одвива во рамки на различни образовни институции и преку кое се стекнуваат признати дипломи и квалификации.[219]

2. **Неформално образование/учење**, кое се одвива независно од официјалниот образовен систем и вообичаено не води кон стекнување на официјални потврди. Ова образование може да биде организирано на работното место и преку активности на различни друштва или здруженија. Вакво образование може да се добие, исто така, и преку организации и услуги кои служат како дополнување на формалниот систем за образование, како што се музички училишта, спортски клубови, приватни обуки и сл.[220]

3. **Информално образование/учење**, кое е природна појава во секојдневниот живот. За разлика од формалното и неформалното образование/учење, информалното учење не мора да се одвива свесно поради што поединците и сами не го препознаваат како фактор кој придонесува за зголемување на нивните знаења и вештини.[221] . Во континуитетот на доживотното учење повеќе доаѓа до израз неформалното и информалното образование и учење. Неформалното образование, според дефиницијата, се одвива надвор од училиштата, факултетите и центрите за обуки.

За да може да функционираат овие методи и активности за доживотното учење, истите треба да бидат регулирани во правни/законски рамки. Во последните неколку години во Република Македонија се усвоени и спроведени неколку правни регулативи, т.е. стратешки документи и закони, со цел усогласување во европското законодавство, односно препораки, а кои се во функција на имплементацијата на концептот за доживотно учење. Тоа се: *Национална стратегијај за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015; Националната стратегија за вработување; Стратегијата за млади; Стратегија за информатичко општество, други секторски; Законот за волонтерство; Законот за воспоставување на Националната агенција за*

[218] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 35
[219] Види: http://www.no.net.mk/nefob/neformobr/strategija
[220] Види: http://www.no.net.mk/nefob/neformobr/strategija
[221] Види: http://www.no.net.mk/nefob/neformobr/strategija

*европски младински програми и мобилност*[222]*; Законот за образование на возрасни; Иницијативата и акцискиот план за Декадата на вклучување на Ромите; Законот за еднакви можности и Националниот акциски план за еднакви можности, како и политиките на инклузија на маргинализираните и ранливите групи, и последната- Националната стратегија за оддржлив развој.*[223] Со истата законска рамка се регулира имплицитно и во поголема мерка индиректно, доменот на неформалното образование. Законот во кој најекплицитно се обработува неформалното и информалното образование е *Законот за образование на возрасни* (јануари 2008), со што автоматски се исклучува примарното и прет-примарното образование.[224] *Законот за образование на возрасни* опфаќа и регулира еден сегмент од доживотното образовние и не претставува решение за обмислена, севкупна и кохерентна политика за доживотно образование. Овој Закон не го опфаќа доменот на НФО во претшколска возраст и во примарното образование. Овој Закон го нема мандатот да го обезбеди признавањето на претходното образование и обука на работната сила (тие податоци, и покрај дигитализирањето на Агенциите за вработување, не се бележат бидејќи за нив не може да се најде законска основа). *Законот за образование на возрасни,* не е надлежен за организирање систем и развивање меотодологија за прибирање податоци и нивна статистичка обработка.[225] Но, овој Закон може да му овозможи на Центарот за образовние на возрасни да иницира решавање на сите овие прашања во соработка со ресорното министерство и релеватните институции, и конечно, да го ревитализира проектот *Стратегија за доживотно образование*, со кој ќе се профилираат политиките и приодот на државата во создавањето, негувањето и инвестирањето во сопствениот човечки и интелектуален капитал.

---

[222] Со донесување на *Законот за воспоставување на Националната агенција за европски младински програми и мобилност*, и со воспоставувањето на самата институција, нејзината екипираност и интензивна работа на процесот на сопствена акредитација при реленвантните институции на ЕУ, Република Македонија доби пристап до финансиските инструметни кои ги обезбедува Унијата за целосна примена на концептот за доживотно образование. Имено, Националната агенција ја има улогата на овозможува на граѓаните и правните ентитети и НВО-а од Република Македонија активно да земат учество во Програмите на Заедницата за доживотно учење во периодот до 2013 година (Grundtvig, Comenius, Erasmus, Leanardo da Vinci, Jean Monet и Трансверзалната програма), како и програмата Млади во акција. Но, за жал со разоткривањето на скандалот во врска со злоупотребата на доделени ЕУ финансиски средства, од страна на директорот на оваа агенција, истата беше ставена во мирување, додека не се спроведе ревизијата врз трошењето на доделените средства за Македонија. Нови ЕУ средства и одмрзнување на ЕУ фондовите за агенцијата беа усвоени на 9 Ноември, 2011 година.

[223] БУОВА, Елизабета;/ Иван Додовски, Неформалното образование во Република Македонија: состојби и перспективи / Младински културен центар- Битола, 2009, стр. 29

[224] БУОВА, Елизабета;/ Иван Додовски, Неформалното образование во Република Македонија: состојби и перспективи / Младински културен центар- Битола, 2009, стр. 30

[225] БУОВА, Елизабета;/ Иван Додовски, Неформалното образование во Република Македонија: состојби и перспективи / Младински културен центар- Битола, 2009, стр. 30

И покрај напредокот во усвојувањето на стратешки документи и закони во функција на спроведување на агедната за доживотно учење, во Република Македонија се уште не е освоена општа Стратегија за доживотно учење.[226] Доколку се усвои Национална стратегија за доживотно учење како стратешки документ, не само што би овозможил интеграција на сите релеванти институции, туку и би ги обединил сите процеси на образование во нашата земја, од раѓање па до крајот на еден животен век. Концептуално, тоа би овозможило опфат на примарното, секундарното, пост-секундарното и терцијарното образование, иако сите овие сегменти се веќе опфатени со поединечни закони и национални планови кои се усогласени со ЕУ легислативите и европските практики.[227] Но, и покрај постоењето на овој тип на закони, усвојувањето на стратегија за доживотно учење би овозможило обединување и насочување кон европската перспектива и приспособување на постојните системи кон одржлив концепт за поврзување на процесот на образование со пазарот на трудот. Таквиот пристап би овозможил заживување на различните облици на доживотното учење, кои треба да му бидат понудени на секој поединец-граѓанин кој има право на образование, надградба и стекнување на алатки за побрзо прилагодување на потребите на пазарот на трудот, насочувајќи го од најраните периоди во животот. Таквата стратегија треба да биде интегрирана во изводлива временска рамка и да биде реалистично буџетски поткрепена.[228]

Активностите во врска со спроведувањето на агендата за доживотно учење, се финансираат преку општински, регионални или национални јавни фондови.[229] Финансиската поддршка на агендата за доживотно учење се обезбедува и преку приватни извори, како што е од бизнис/индустријата или пак од индивидуалци преку уплата на одредена сума на членарина (fee).[230] Но најчесто, податоците за начинот и износот на финансирање на активностите за доживотно учење, на национално ниво се

[226] Иницијатива за донесување на стратегија е поднесена, но од надлежното министерство освен прифаќањето на иницијативата, афирмативниот став и иницијално спроведениот прашалник во рамки на самото министерство, нема други превземени дејствија кои подразбираат активна, партиципативна и инклузивна работа по неа: Извор: БУОВА, Елизабета;/ Иван Додовски, Неформалното образование во Република Македонија: состојби и перспективи / Младински културен центар- Битола, 2009, стр. 31
[227] БУОВА, Елизабета;/ Иван Додовски, Неформалното образование во Република Македонија: состојби и перспективи / Младински културен центар- Битола, 2009, стр. 32
[228] БУОВА, Елизабета;/ Иван Додовски, Неформалното образование во Република Македонија: состојби и перспективи / Младински културен центар- Битола, 2009, стр. 32
[229] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 36
[230] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 36

недостапни, и тоа е главната причина за непостоење расположлива дата на податоци за вкупниот буџет кој се одвојува за доживотното учење.

Во Република Македонија, во правна рамка агендата за доживотно учење функционира веќе неколку години, но во пракса сеуште се наоѓа на своето примано ниво, пред се поради менталитетот и свеста на граѓаните за потребата од дополнително образование и стекнување на дополнителни квалификации.[231] Имено, во моментов, на дел од универзитетите во нашата земја, се спроведува „Проектот 45", со кои сите мажи над 45, и жени над 35 се вклучуваат во образованието за возрасни, но степенот на вклученост и одзив е незначителен.[232] Во однос на приватните факултети, како што е ФОН, воопшто не е формирана група за образование на возрасни, пред се поради фактот што и покрај конкурсите на факултетот, не се појавиле доволен број на заинтересирани кандидати за формирање на истите, и со оглед на слабиот одзив, не е познато кога и како ќе се продолжи со оваа практика.[233] Од друга страна непостоењето на единствена унифицирана стратегија за спроведување на доживотното учење на сите универзитети, државни и приватни во нашата земја, како и незначителните финансиските средства кои се определуваат за спроведување на овие процеси се круцијани прашања на кои треба да се посвети особено внимание.

Постоењето на веродостојна и оддржлива база на податоци за износот и начинот на трошење на финансиите наменети за доживотното учење може во голема мера да го подобри мониторингот врз активностите за спроведување на агендата. Истовремено, ваквиот тип на информации може да понуди реална кохерентна слика за степенот на постигнатите цели и би помогнало во креирање на идни оддржливи политики и стратегии за надминување на пречките при имлементирањето.[234]

На последните конференциски средби во Лувен и Будимпешта, министрите за високо образование на последните се согласија дека агендата за доживотно учење треба што поефикасно и поагресивно да се спроведе во периодот што следува, односно комплетно да се интегрира во европските образовни системи.[235] Реализирањето на оваа цел е возможна само преку посветено ангажирање на владите и интитуциите. Преку

[231] проф. д-р Зоран Велковски,
[232] д-р Агим Рушити, раководител на секторот за високо образование во МОН, цит.
[233] проф. д-р Ѓорѓи Тоновски, проректор за настава на приватниот Универзитет ФОН, Скопје, цит.
[234] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 37
[235] Во 2008 година беше презентирана и усвоена и "Повелбата за доживотно учење",развиена на барање на францускиот премиер Франсоа Филон, а базирана на серија од 10 обврски направени од страна на универзитетите за решавањето на развојот и имплементацијата на стратегии за доживотно учење, со сет од компатибилни обврски предложни за владите и регионалните партнери.

стратешкото планирање на одговорните страни, доживотното учење може и треба да се интегрира во ВО системи, како и успешно да се промовираат придобивките од истото. Превземањето активности во оваа насока подразбира усвојување на правни и регулаторни рамки, финансиска поддршка на ВО институции, како и усвојување на мерки за поткинување на учеството и стимулирање на соработката со приватниот сектор.[236]

Еднаквите можности во ВО за секој поединец и граѓанин може да прераснат во реалност само тогаш кога начините на стекнување на образование се компатибилни со развојот на општеството на национално и глобално ниво. ВО мора секогаш да располага со методи и стратегии за да може да одговори на предизвиците на новите промени, потреби и околности. Тоа подразбира пред се соработка меѓу претставниците на граѓанското општество, т.е. стручната јавност, ВО инситуции, државните органи и бизнис секторот.

Во нашата земја за жал не постои организиран и континуиран начин за спроведување на процесите на трансформација и во поглед на активностите и мерките за доживотно учење и во поглед на креирањето на политики со вклучување на сите наведени актери, односно релевантни преставници и нивните соодветни придонеси (истражувања, прилози и сл). Во развиените европски земји, постојат конкретни мерки за стимулирање на соработката меѓу приватниот, т.е. бизнис секторот и индустријата и ВО инситуции. Во Република Македонија, за жал ваквите мерки повеќе се исклучок, отколку правило и потребно е превземање поодговорни чекори во однос на ова прашање, исто како што и самиот процес треба да биде повеќе поддржан во финансиска, организациска и во политичка смисла.

### IV.7. 1. Социјалната димензија во високото образование

Промовирањето на доживотното учење е неразделно поврзано за социјалната димензија во високото образование. Концептот за „социјалната димензија", е актуализиран на министерската конференциска средба во Лондон 2007 година, кога работната група предводена до Шветска ги дефинираше целите на социјалната димезија во рамки на Лондонското комунике: „Ние сметаме дека социјалната аспирација на студенските тела, учеството и надополнувањето во високото

[236] David Crosier (coordinator), Simon Dalferth, Teodora Parveva/ Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/ Eurydice: European Commission, стр. 34

образование на сите ниво, треба да ја одразува разноликоста на сите народи".[237] Во оваа насока беа предложени насоки за усвојување на национални стратегии и образовни политики за социјалната димензија, вклучително и акциони планови и мерки за евалуација на степенот на ефикасност од истата.[238] Токму затоа секоја земја поединечено е одговорна за развој на своја стратегија, вклучително и акциони планови, со цел обезбедување на специфичен, карактеристилен и препознатлив пристап во признавањето и спроведувањето на социјалната димензија. Истовремено, болоњската препорака во однос на социјалната димензија подразбира и усвојување на мониторинг систем за контуниран преглед на развојот, како и одржување на споредлива и веродостојна база на податоци за социјалната димензија.[239]

Реализирање на оваа насока е огромен предизвик за секоја земја, затоа што успешното имплементирање подразбира сериозни напори во создавањето на интегрирана стратегија која подразбира синергија меѓу државните акции и институционалните практики, усвоените мерки, стратегијата за доживотно учење, признавањето на квалификациите, прашањата за културните и различните малцинства, студенските водичи и услужни центри, политичкиот дијалог, социјалната политика, анти-дискриминационата заштита, даночниот систем итн.[240] Сите овие сегменти треба да функционираат ефикасно и одговорно со цел постигнување на што подобар резултат во однос на социјалната димензија. Токму затоа размената на искуства и информации со земји со поуспешна имплементација во пракса е од клучно значење за спроведувањето на национална основа. Употребата на соодветни методи и инструменти за спроведување на социјалната димензија во пракса, комбинирана со политичката посветеност и одговорност може да обезбеди оддржчиви резултати на подолг рок. Веродостојното признавање на стекнатите квалификации е само еден од таквите инструменти, кои не само што овозможува постигнување на значајните образовно-политички цели, туку и овозможува промовирање на социјалната димензија,

[237] London Communiqué Towards the European Higher Education Area: responding to challenges in a globalised world, стр.5

[238] Efstathios Michael, Cyprus, Chair of the Social Dimension Coordination Group (2007–2009) first Working Group on Social Dimension (2005–2007), *1999–2010 Achievements, Challenges and Perspectives: Widening access and participation to European higher education*, стр.17

[239] Efstathios Michael, Cyprus, Chair of the Social Dimension Coordination Group (2007–2009) first Working Group on Social Dimension (2005–2007), *1999–2010 Achievements, Challenges and Perspectives: Widening access and participation to European higher education*, стр.17

[240] Efstathios Michael, Cyprus, Chair of the Social Dimension Coordination Group (2007–2009) first Working Group on Social Dimension (2005–2007), *1999–2010 Achievements, Challenges and Perspectives: Widening access and participation to European higher education*, стр.17

овозможувајчи најдобра и најуспешна употреба на компетенциите и талентите во нашето општество.[241]

Во Република Македонија, стратешките мерки за дефинирање на социјалната димензија во ВО, е делумно опфатена во усвоената Национална стратегијата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020, во која стои: *Законската регулатива на Република Македонија нуди добра основа за подобрување на социјалната инклузија преку образованието. Одпочнати се и бројни процеси кои треба да овозможат градење стратегии и воспоставување механизми за користење на образованието во бараната насока. Дел од тие процеси ќе можат да се препознаат во препораките кои следат, што не би требало да ги прави препораките излишни, туку само да ја нагласи важноста на веќе започнатите заложби на општеството кон подобрување на неговата инклузивност.*[242] Следствено, спефичната стратешка цел гласи: *Да се обезбеди целосен опфат на учениците во основното образование, да се обезбеди целосен опфат на учениците во средното образование, да се подигне нивото на писменост на населението, да се подигне нивото на образование на населението, и образовниот систем да се прилагоди на потребите на пазарот на трудот.*[243] Во оваа смисла понудени се и поголем број на мерки кои треба да се превземат во иднина, и истите се однесуваат на јазичните и малцински права, културна разноликост и социјално-општествените околности.[244]

Во однос на постоењето на мониторинг систем и база на податоци во врска со нивото на социјалната димензија во нашата земја, податоците од ова истражување укажуваат на фактот дека на универзитетите во нашата земја, не постојат посебни служби или органи кои спроведуваат мониторирање на овој значаен аспект од болоњскиот процес, поради што сите испитаници од ова истражување се едногласни за потребата од постоење на ваков тип на надлежни служби. Во однос на постоењето на посебна усвоена стратегија за спроведување на социјалната димензија, според поголемиот број од одговорите добиени преку спроведените интервјуа за проверка на оваа теза, истата не е неоходна, со оглед на тоа што веќе е содржана во дел од

[241] Carita Blomqvist, Chair of the Lisbon Recognition Committee, ), *1999–2010 Achievements, Challenges and Perspectives, Fostering mobility for lifelong learning,* стр.24
[242] Национална стратегијата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020, стр. 58
[243] Национална стратегијата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020, стр.58
[244] Повеќе информации: Национална стратегијата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020, стр. 59

стратегиите за одржлив развој и сл. и со оглед на тоа што нејзиното усвојување може во иднина да се искористи за политички цели, маректинг и агенди, и со тоа да не ја исполни својата основна функција.

### IV.8 Студентите и Болоњскиот процес

Учеството на студентите во креирањето на европскиот единственен простор за високо образование (ЕХЕА), е од клучно значење во процесот на креирање стратегии, политики и цели во спроведувањето на болоњските насоки. Република Македонија не е исклучок од ова правило. Важноста на студенската партиципација во Болоњските реформаторски процеси се потенцира, се дефинира и се интегрира во сите клучни документи во последните неколку години. Официјално, клучната улога на студентите во спроведувањето на болоњските директиви се дефинираше со Прашкото Комунике[245] кога студентите беа дефинирани како „полноправни членови на високо-образованата заедница“[246], а со Берлинското Комунике[247], улогата на студентите беше дефинирана со нивното полноправно членство во „високо-образовното управување“.[248] На овој начин, се потврди учеството на студентите и како право и како обврска во академската заедница, во процесите на управување и следствено во создавањето на ЕХЕА.[249] Подготвувањето на студентите како активни граѓани во демократските процеси на секоја земја е дожност, обврска и привелегија, па следствено, правилното насочување, и создавањето на одржливи системи, концепти и услови за реализирање на нивното образование е клучна мисија на долгорочен план.

Со цел учеството на студентите да се имплементира во праска и да се добијат конкретни сознанија за нивните ставови во врска со спроведувањето на болоњските насоки, во мај 2001 година на министерската средба во Прага, беше потврдена работата на Европската Унија на Студенти, уште позната како ЕУА (EUS/ESIB), кога доби статус на официјален набљудувач на Болоњскиот процес, претставувајќи ги студентите

---

[245] Prague communiqué/ *TOWARDS THE EUROPEAN HIGHER EDUCATION AREA* Communiqué of the meeting of European Ministers in charge of Higher Education in Prague on May 19th 2001

[246] Prague communiqué, *FURTHER ACTIONS FOLLOWING THE SIX OBJECTIVES OF THE BOLOGNA PROCESS*, стр. 1

[247] Berlin communiqué/ "*Realising the European Higher Education Area*" Communiqué of the Conference of Ministers responsible for Higher Education in Berlin on 19 September 2003

[248] Berlin communiqué, *Higher education institutions and students*, стр. 5

[249] The European Students' Union/ Alessia Cacciagrano, Bruno Carapinha, Inge Gielis, Liam Burns, Ligia Deca, Mark Sciriha, Olav Oye and Viorel Proteasa, *Bologna With Stu dent Eyes 2009*, стр. 36

од сите европски земји.[250] Член на оваа организација е и Унијата на студенти од Република Македонија. Но, за жал, погубно е сознанието дека Македонската унија на студенти не само што не учествува во креирањето на ставови, политики и стратегии од страна на ЕУС, туки и самата организација е сама по себе дискутабила, со нестабилна, нејасна, неодржлива и политизиран аструктура. Не постојат податоци ниту за профилот на Унијата на студенти (особено електронски профил), ниту податоци за бројот на членови, ниту пак релеванти податоци за ставовите на студентите, методите и активностите во врска со модернизирањето на високото образование во нашата земја. Национално тело од овој тип треба да има клучна и во некои сегменти одлучувачка улога во креирањето на реформаторските процеси во ВО, и соодветеното спроведувањето на болоњските насоки. Отсуството на активна дејност и одговорен анжаман на Македонската унија на студенти е огромен хендикеп не само за квалитетот на нашето високо образование, туку и хендикепт за евро-интеграциските процеси на нашата земја во ЕУ. Понесувањето на одговорност е зрел, демократски чин својствен и за новите модерни општества и за европските граѓани во целост. Македонските студентите мораат да понесат дел од одговорноста во спроведувањето на промените во нашето образование и мораат да ги дефинираат своите задачи и улога во спроведувањето на овие процеси. Нивните обврски не се однесуваат само на пишување протесни писма, организирање на демонстрации или пак само пасивно прифаќање на промените во нивното образование. Потребни се алатки и методи, со кои претставниците на студентити јасно ќе можат да ја дефинираат нивната актулена состојба во рамки на секојдневните случувања, и врз основа на аргументи, оддржливи податоци и факти, да ги концепираат своите ставови и во однос на негативните и во однос на позитивните промени во високото образование. Само на тој начин може да се слушне, почитува и интегрира студенскиот збор, кој на европско ниво добива што поголема важност и што поголема веродостојност. Предизвикот да се надмине овој хендикеп во нашето образование е голем, бара огромни промени, посветеност и пред се утврдување на значењето за потребата од надминување на истиот на национално, колективно и индивидулано ниво.

Според податоците од Националната стратегија за развој на образованието, студенската популација: „нема доволно информации за промените што се случуваат во високото образование. Првичните резултати покажаа дека студентската и покрај тоа

[250] ESIB е унија со претставници на студенти од 36 земји и со повеќе од 10 милиони членови/ извор: http://www.esib.org/index.php/About%20ESU/History.html.

што во трансформациските процеси редовно учествуваат студенти, изостанува дисеминацијата на искуството на целата студентска популација".[251] Истражувањата спроведени при усвојувањето на Националната статегија за развој и на високото образование на Република Македонија, укажаа на неефективност во учеството на студентите во креирањето на образовните политики на Универзитетите, и покрај тоа што студентите по пат на учество на свои членови во универзитетските и факултетските тела имаат можност да ги искажат своите забелешки и идеи. [252]

Резултатите од ова истражувања укажуваат дека не постојат чести средби меѓу менаџерските структури на универзитетите и претставниците на студентите со цел оценување на квалитетот на образовниот процес, и истите треба да бидат спроведувани на што поредовна, поефикасна и континуирана основа. Испитаниците од ова истражување укажуваат на слабостите поврзани со непостоењето на иницијатива, ангажман или заинтересираност од страна на студентите, да се вклучат што поактивно во процесите низ ВО систем, особено поради фактот што сите болоњски насоки се имплеменираат со цел да им се олесни нивниот пат до што поквалитетно образование и што поголеми можности за нивно вработување на пазарот на трудот. Ниската стапка на свесност и информираност во однос на болоњските транформации, и конечни цели од спроведувањето на истите, укажуваат не само на македонскиот традиционален синдром дека „некој друг треба да ги реши нашите проблеми и да покаже разбирање за истите", туку и укажува и на непостоење на една аналитична критична маса која треба да биде главниот двигател на квалитетните реформи во нашето високо образование. Од друга страна, постоењето на страв, правна и социјална незаштитеност при гласното укажување на студенските ставови или посочување на нерегуларности е клучен проблем на државно и законско ниво кој треба да бида решен и надминат во што поскоро време, на што укажуваат и податоците од Државниот сектор за инспекциски надзор во високото образование.

Со цел во иднина македонските студенти да се вклучат што поефикасно како рамноправни оценувачи на образовниот процес и да прераснат во „двигатели на иницијативи за промени кои водат до подобрување."[253] Токму затоа е потребно студентите да бидат одговорни и компетенти. За да се оствари оваа улога на студентите потребно е меѓу другото:

---

[251] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, стр. 290

[252] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, стр. 290
[253] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, стр. 292

- да се почитуваат правата, потребите и интересите на студентите од страна на академскиот кадар и институциите на универзитетот;[254]
- да се оствари демократски однос и двонасочна комуникација;[255]
- да се обезбеди учеството на студентите во оценувањето на квалитетот на образовниот процес;[256]

Еден од начините за функционирањето на студентите како рамноправни членови во одлучувачлите процеси за ВО е усвојувањето и спроведувањето на правна регулаторна рамка со која се дефинираат правата и должностите на студентите. Но нашата земја правното регулирање во теорија не претставува проблем или пак недостаток, во спроведувањето во пракса, како и за поголемиот број од болњските насоки е секако проблем. Како што е посочено погоре во текстот, во фактичката ситуација, која не се однесува на доставување на информации кои на хартија звучат солидно, е неправилното функционирање на едно важно национално тело како што е Унијата на студенти. Тогаш како воопшто може да се зборува за квалитет во правното регулирање на нивните потреби, функција и обврски?! Во услови каде што постои политизирање на функциите кои треба да бидат независни и воопшто учество на партиски политики, онаму каде што приоритет треба да биде единствено квалитетот на образование, не може да станува збор ниту за прогрес, оддржливост или успешност. Отсуството на реална моќ во одлучувачките процеси не само што е реален факт, туку и предизвик кој е маргинализиран во намерата да биде надминат. Секако, одговорноста за ваквата состојба се детектира и во отсуството на потребна финансиска помош, но и во отсуството на редовна, континуирана и конструктивна комуникација меѓу менаџерските тела на универзитетите и студентите. Со оглед на тоа што информациите кои можат да ги понудат студентите од нивното практично секојдневно искусување на промените и реформите кои се спроведуваат во согласност со болоњските препораки, истите треба да бидат не само земени во предвид, туку и испочитувани, интегрирани и признаени за веродостојни.

Само на ваков начин, со обострана одговорност пред се на студентите, но и на ВО институции и релевантите надлежни државни органи, може да се обезбеди прогрес и во признавањето на студентите за рамноправен одлучувачки актер во ВО цели и реформаторски процеси согласно болоњските препораки.

---

[254] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, стр. 293, цит.
[255] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, стр. 293, цит.
[256] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, стр. 293, цит.

## IV.9 Зголемување на актрактивноста и компетитивноста на европскиот простор на високото образование

Со оглед на развојните фази на Болоњскиот процес во насока на создавање единствен европски простор за високо образование, се зголеми и потребата од интезивирање на дијалогот и соработката на национално и меѓународно ниво, со цел надминување на препреките и предизвиците во процесот на создавање на конкурентно модерно општество базирано врз знаење и компетентност. Со освојувањето на стратегијата за „Европското високо образование во глобална рамка"[257] во 2007 година, министрите на земјите потписнички на Болоњскиот процес, утврдија 5 клучни аспекти кои треба во иднина да ја закната меѓуевропската соработка, како и меѓународната соработка со останатите земји во светот. [258] Тоа се:

- Подобување на информираноста за ЕХЕА
- Промовирање на европското високо образование со цел пораст на соодветна светска атрактивност;
- Интезивирање на политичкиот дијалог;
- Зајакнување на соработката базирана на партнерство;
- Напредување во признавањето на квалификациите;[259]

За постигнување успех во реализирањето на овие цели, приоритет е нивното спроведување на национално ниво, со цел што поуспешно да бидат спроведени и на меѓународно ниво. Болоњскиот процес во овој случај игра клучна улога на катализатор за што поголема глобализација и интернационализација на европското високо образование во светски рамки.[260] Превземањето на регионални и национални иницијативи во насока на промовирањето на глобалната димензија на европското високо образование е обврска, должност и одговорност на секоја земја-потписничка на Болоњската декларација, вклучително и нашата земја, Република Македонија.

Надминувањето на меѓународните бариери во високото образование и истражувачката дејност, како што е далечината, јазикот и традицијата, се секогаш

---

[257] "European Higher Education in a Global Setting", 2007

[258] Barbara Weitgruber, Austria, Chair of the Working Group EHEA in a Global Setting (2007–2009); *1999-2010 Achievements, Challenges and Perspectives: Europe's role in the global higher education setting,* стр. 29

[259] Barbara Weitgruber, Austria, Chair of the Working Group EHEA in a Global Setting (2007–2009); *1999-2010 Achievements, Challenges and Perspectives: Europe's role in the global higher education setting,* стр. 29, цит.

[260] Juan Ramon de la Fuente, *1999- 2010 Achievements, Challenges and Perspectives: Europe's role in the global higher education setting,* стр. 29, цит.

полесно надминливи во сопствената земја, Но, Меѓународната асоцијација на универзитети (IAU), ги поддржува и драгоцените придобивки од соработката со земјите-парнери надвор од границите на својата матична земја. Токму затоа, обезбедувањето на ваквата соработка меѓу регионите надлежни институции за високо образование овозможува почитување на сите интереси и пристапи, како и активно учество на релевантните одлучувачи, со што сите вклучени парнери би стекнале еднакви придобивки во однос на подобрувањето и зајакнувањето на високото образование.[261]

Од досегашните анализи на спроведувањето на болоњските насоки и цели во Република Македонија што укажа на фактот од константната потреба од соработка и соодветен дијалог меѓу сите вклучени страни: ВО инситуции, државни надлежни органи, студенти и граѓански релевантни институции, може да се потврди дека промовирањето на европското високо образование го заокружува целиот процес. Со цел да се зголеми информираноста за ЕХЕА во нашата земја, како и соодветна промоција на бенефициите од истото, потребна е соодветна статегија, мерки и методи за спроведување и соодветен материјал за информирање во една организирана, континирана временска рамка. За таа цел потребни се финансиски средства, човечки ресурси, посветена работа и фокусираност кон конечната посакувана цел – прераснување во една оддржлива, заснована врз знаење, водечка образовна сила која ќе биде конкуретна не само на европскиот пазар, туку би понудила свои потенцијали во создавањето на европскиот простор за високо образование во светски рамки.

За да се реализираат овие цели во Република Македонија, неоходен е политички и општествен дијалог меѓу одлучувачите, раководителите, менаџерите, студентите, администрацијата, претставниците на бизнис заедницата и индустријата, и секако претставниците на граѓанскиот сектор. Нерамноправно вклучување на сите овие актери во болоњскиот процес доведува до создавање препреки, прекин во континуитетот на прогресот и неодржливост на образовниот систем во Република Македонија. Ваквиот дијалог подразбира цврсти и стабилни расположливи ресурси за негово спроведување и од аспект на институции и од аспект на човечки и финансиски ресурси. И токму на овој начин доаѓа до израз способноста на секоја земја поединечно

[261] Juan Ramon de la Fuente, *1999- 2010 Achievements, Challenges and Perspectives: Europe's role in the global higher education setting*, стр. 29, цит.

да се справи со предизвиците и недостатоците при спроведувањето на болоњските препораки.

Доколку ваквиот дијалог на интерно ниво во земјата функционира, воспоставувањето на дијалог на екстерно ниво треба да се одвива на поорганизиран и поедноставен пристап. Резултатите од ова истражување укажуваат на постоење одреден дијалог меѓу поголемиот дел на релевантни учесници во спроведувањето на болоњските процеси, но отсуството на дијалог меѓу ВО инситуции и студентите, државните одговорни органи, граѓанскиот сектор и администрацијата, укажува на постоење проблеми и недостатоци особено во спроведувањето на мобилноста и агендата за доживотно учење. Тоа пак резултира со послаби резултати во меѓународната соработка.

И покрај постоењето на програмите за мобилност или програмите за возрасни од агендата за доживотно учење, сепак отсуствува размената на информации и искуства со соседните или другите европски земји. Примери за соработки на универзитетско ниво или студенски асоцијации постојат, и истите се успешни во постигнувањето во своите цели, но конретна рамка и стратегија за зајакнување на меѓународната соработка на нашата земја на државно ниво, сеуште не е освоена. Исто така она што е особено значајно при усвојувањето на идни цели и активности е располагањето со потребни релеванти информации. Во таа смисла отсуството на база на податоци за бројот на реализирани соработки, бројот на усвоени документи за регионална/меѓународна соработка[262] итн, го оневозможува прогресот во концепирањето на нови методи, мерки и насоки во подобрувањето на нашето образование кон светските образовни трендови. Во однос на регионалните иницијативи, Република Македонија пројавува задоволителни ангажмани, особено со формирањето на ЕРИСЕЕ, каде Република Македонија е активен учесник во сите настани.[263]

Размената на информации и искуства меѓу Република Македонија и други земји на ниво на студенски асоцијации, здруженија или индивидуални средби секако дека се корисни и во корист на промовирањето на модерните идеи за транспаретност, отвореност, образование, знаење и сл. но, потребата од овозможување напредок и прогрес во овој сегмент е секако неопходна. Со превземањето конкретни активности за

[262] Една од институциите која може да воспостави практика за периодично мониторирање на сите меѓународни документи во областа на образованието, за кои Македонија презела обврски е Секторот за меѓународна соработка во рамките на МОН

[263] ФИООМ, Анализа на капацитетите за добро управување во образованието, Извештај, стр.25

надминување на овие предизвици, би се зајакнала и регионалната соработка базирана врз партнерства и следствено би се остварил и прогрес во признавањето на квалифакциите на меѓународно ниво, што пак е најсуштинскиот сегмент во унифицирањето на европскиот образовен систем и клучен во порастот на ефикасноста и моќта на европскиот пазар на труд. Ова ја поткрепува и препораката дефинирана на светската конференција за високо образование на УНЕСКО во 2009 година: „Меѓународната соработка во високото образование треба да се заснова на солидарност и взаемно почитување, како и промовирање на хуманистичките вредности и интеркултурен дијалог. Како таква треба да охрабрена без разлика на економската криза."[264]

### IV.10 Докторските студии и синергијата помеѓу европскиот простор на високото образование и европскиот простор на истражување

Докторските студии како трет степен на едукација во системот за високо образование се смета за една суштинска алатка за зајакнување на капацитетите на научната и истражувачка дејност. Токму поради тоа, министрите за високо образование на состанокот во Берлин, во 2003 година, ги интегрираа докторските студии како нареден, трет степен во стекнувањето образование.[265] Движечката сила позади ова интегрирање беше Европската асоцијација на универзитети – ЕАУ[266], која докторските студии ги посочи како мост кој го поврзува европскиот простор за високо образование: ЕХЕА и европскиот истражувачки простор: ЕРА.[267] Спроведувањето на докторските студии, како прв чекор во истражувачаката кариера е одлучувачка и во промовирањето на атрактивноста на Европа во контекст на привлекување на млади истражувачки таленти.[268]

Европската асоцијација на Универзитети ги усвои и потврди препораките за начинот на спроведување на докторските студии во 2005 година, врз основа на

---

[264] Communiqué of the 2009 World Conference on Higher Education: The new dynamics of higher education and research for societal change and development Види:
http://www.mondialisations.org/php/public/art.php?id=32002&lan=EN

[265] *"Realising the European Higher Education Area"* Communiqué of the Conference of Ministers responsible for Higher Education in Berlin on 19 September 2003, стр.4

[266] EUA - European University Association

[267] Lesley Wilson, Secretary General, European University Association (EUA), 1999–2010 Achievements, Challenges and Perspectives: *The bridge between European higher education and research,* стр.26

* ERA: the European Research Area

[268] Lesley Wilson, Secretary General, European University Association (EUA), 1999–2010 Achievements, Challenges and Perspectives: *The bridge between European higher education and research,* стр.26

сознанијата од европските универзитети за општествените промени во секоја земја во однос на потребата од поефикасна критичка маса, зголемена супервизија и секако понудите и можностите на пазарот на трудот и во јавните и во приватните сектори. [269] Воедно, со реализацијата н проектот „ Докторските програми за Европското општество на знаење“ (European Knowledge Society) се отвори и дијалогот меѓу универзитетите и министерствата за образование за реформи на докторските програми.[270]

Спроведувањето на докторските студии во европските универзитети во голема мера зависи од политичките декларации кои го трасираат патот кон практичната фаза. Во таа смисла, усвојувањето на законска рамка за спроведување на третиот циклус е исто така значаен сегмент од политичките стратегии на национално ниво.

Во нашата земја, структурата на докторските студии е дефинирана со Законот за високото образование во Република Македонија (чл.96, Сл. весник на РМ, бр35/08,103/08 и 26/09), а комплементарната научна-истражувачка дејност со Законот за научноистражувачка дејност на Република Македонија („Сл. весник на РМ“ 13/1996, 29/2002). Во таа смисла, и усвојувањето на предлог-елаборатите за докторски студии во нашата земја, се врши врз основа на овие закони, како врз основа на статутите на универзитетите. Таков пример е државниот универзитет УКИМ во Скопје, Република Македонија. чл.253 , Сл. весник на РМ, бр 156/08). Предлог-програмите за докторски студии се усоглуваат и со болоњските принципи за високото образование донесени со Болоњската декларација чиј потписник е и Република Македонија.[271]

Република Македонија е една од ретките земји во Европа, која веќе имаше востановено структура за докторски студии во последните декади, но со прифаќањето на Болоњските препораки, се обврза да го спроведе потребниот модернизиран модели на докторски студии во своето високо образование, како дополнителен чекор напред кон консолидирањето со Европскиот простор за високо образование. До целосното имплементирање на оваа болоњска насока, во нашата земја согласно традиционалниот модел постоеше програма за докторски студии врз база на ментор-студент, и следствена одбрана на докторската дисертација. Но, со усвојувањето на промените, оваа структура за реализирање на третиот циклус од студиите се промени во насока на

[269] Lesley Wilson, Secretary General, European University Association (EUA), 1999–2010 Achievements, Challenges and Perspectives: *The bridge between European higher education and research,* стр.27

[270] Проф. Д-р Марика Башеска – Ѓорѓиеска УКЛО, Економски факултет-Прилеп, *Докторските студии - трет циклус во високото образование на РМ*, ппп, стр. 4

[271] УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ТРЕТ ЦИКЛУС (ДОКТОРСКИ СТУДИИ) ПО ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ ОД ОБЛАСТА НА ПЕДАГОГИЈА СКОПЈЕ, СЕПТЕМВРИ 2011: 1.1. Законска рамка, стр. 3

методите за спроведување на научно-истражувачката дејност од страна на студентот. Имено, како што е усвоено на УКИМ, а чиј пример е проследен и во останатите државни и приватни универзитети во нашата земја, согласно измените во Законот за ВО, Докторските студии траат три години, и истите изнесуваат 180 ЕКТС-кредити.[272] Студиските докторски студии се од:

1. обука за истражување, што изнесува 30 ЕКТС-кредити;
2. едукација, што изнесува 30 ЕКТС-кредити; и
3. пријава, изработка и одбрана на докторската дисертација, што изнесува 120 ЕКТС-кредити[273].

Обуката за истражување опфаќа:

- три предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување, што изнесува 12 ЕКТС-кредити (сите предмети од оваа група изнесуваат 4 кредити), и тоа: предметот научноистражувачка етика, еден предмет од групата предмети методологија на истражување и уште еден предмет од понудената листа на други предмети од обуката за истражување, која, по предлог на носителите на студиските програми, ја потврдува Универзитетскиот стручен совет за докторски студии;
- докторски семинари, конференции и работилници од истражувачка практика, што изнесува 18 ЕКТС-кредити;[274]
- Едукацијата опфаќа предмети од полето, областа и од потесната област на истражување, што изнесува 30 ЕКТС-кредити.[275]

Во однос на наставата за спроведување на доктоските студии, истата се извршува организира во два основни облика:

• групна настава,

• индивидуална настава.[276]

---

[272] УКИМ, *ПРАВИЛНИК за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,* февруари 2010: IV. Структура на студиските програми Член 27

[273] УКИМ, *ПРАВИЛНИК за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,* февруари 2010: IV. Структура на студиските програми Член 28

[274] УКИМ, *ПРАВИЛНИК за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,* февруари 2010: IV. Структура на студиските програми Член 28

[275] УКИМ, *ПРАВИЛНИК за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,* февруари 2010: IV. Структура на студиските програми Член 29

Групната настава претставува основен облик на докторските студии. За да се одржува групна настава, бројот на студенти треба да е минимум 5. Индивидуалната настава се одржува во вид на консултации.

Докторските програми исто така нудат нови можности за вработување за студентите, особено надвор од академскиот круг, што пак ја потврдува потребата од силна соработка меѓу универзитетите и индустријата. Според истражувањата на Европската аосцијација на Универзитети, спроведени на 33 универзитети, 18 водечки компании од 20 европски земји, се дојде до сознанија дека и универзитетите и индустријата ги сметаат докторските програми усвоени врз база на соработка, за клучен мост меѓу подржувањето на иновацијата и регрутирањето на кадри.[277]

Усвојувањето на докторски програми врз база на соработка меѓу универзитетти и партнерите од бизнисот и индустријата е клучниот метод за постигнување на успех во обедувањето на образованието, истражувањето и иновацијата. Соработката подразбира и доверба и обострано признавање на потребите и критериумите за реализација. Во отсуство на доверба и нестабилен систем на вредности, невозможно е да се оддржи контунирана, продуктивна комуникација меѓу инволвираните страни, ниту пак да се постигне прогрес на општествено ниво.

Според податоците од стратегијата за развој на образованието 2005-2015, во Република Македонија постои намалелна соработка меѓу универзитетите/факултетите и економските субјекти/јавниот сектор во однос на научно-истражувачката дејност, што пак дополнително влијае врз мотивацијата на академскиот кадар за реализација на научно-истражувачки активности.[278] Резултатите пак од ова истражување укажуваат дека во Република Македонија соработката меѓу Универзитетите и претставниците на бизнис-економскиот сектор е незначителна, сведена на индивидуални ангжамани, пред се поради недоследната рамка во легислативното дефинирање на начинот, целта и методите за соработка, како и поради слабата финансиска поддршка за реализирање на што поголем број соработким кои на долг рок можат да обездат образовен, економски, социјален и евро-интергативен прогрес на нашата земја. Токму затоа е ребалансирање на буџетот за високо образование, во однос на финансиската поддршка што се извојува за научно-истражувачката дејност во нашата земја, особено земајќи го во предвид

[276] УКИМ, *ПРАВИЛНИК за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје*, февруари 2010: IV. Структура на студиските програми Член 34

[277] Lesley Wilson, Secretary General, European University Association (EUA), 1999–2010 Achievements, Challenges and Perspectives: *The bridge between European higher education and research*, стр.26

[278] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, 2005-2015, стр.300

фактот што и нашите соседни земји направија чекор напред во ребалансирањето на буџетот, особено што „буџетот за научно-истржувачка дејност на Република Македонија изнесува 0,3%, за разлика од Босна каде е 1%[279]. Истовремено, начинот на кој наставниот кадар треба да ја реализира својата научно-истражувачка дејност не е прецизиран со дополнувањата и измените во Законот за ВО, особено во однос на начинот на финансирање на научните проекти во корист на Универзитетите, наставата и студентите.“[280]

Во таа насока, Министерството за образование и наука ги посочи следните мерки за подобрување на состојбата во однос на научно-истражувачката дејност во високото образование:

1. Студиските програми за сите три циклуси на високото образование да овозможат градење на компетенции значајни за „општество базирано на знаење“;[281]
2. Усогласување на квалификациите на докторско ниво со сеопфатната европска рамка на квалификации, со користење на пристап базиран на постигнатите резултати;[282]
3. Лицата вклучени во програми од третиот циклус да имаат третман на студенти и на истражувачи во рана фаза (млади истражувачи);[283]
4. Олеснување на регулацијата на докторските програми;[284]
5. Подобрување и осовременување на условите за постдипломски и докторски студии;[285]
6. Изработка на национална стратегија за развој на научно-истражувачката работа;[286]
7. Формирање на научно-истражувачки единици при универзитетите чија задача ќе биде планирање и координирање на научно-истражувачките активности;[287]

[279] Проф. д-р Зоран Велковски, редовен професор на Институт за педагогија при Филозофскиот факултет, УКИМ и поранешен проректор за настава, цит.
[280] Проф. д-р Зоран Велковски, редовен професор на Институт за педагогија при Филозофскиот факултет, УКИМ и поранешен проректор за настава, цит.
[281] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, 2005-2015, стр.301, цит.
[282] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, стр.301, цит
[283] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, стр.301, цит
[284] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, стр.301, цит
[285] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, стр.301, цит
[286] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, стр.301, цит
[287] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, стр.301, цит

8. Зголемување на финансиските средства за обезбедување на услови за научно-истражувачка работа;[288]
9. Поттикнување на меѓународните научно-истражувачки проекти, особено во сферата на докторските студии;[289]
10. Укинување на царините и даноците за додадена вредност за набавка на хардвер и софтвер, опрема и хемикалии за истражување;[290]
11. Поврзување на универзитетите со истражувачко-развојните единици во стопанството;[291]
12. Зголемување на издвоените финансиски средства за науката од општествениот производ и изнаоѓање други извори на средства за финансирање на оваа дејност;[292]
13. Воспоставување систем за увид во доменот на применетите истражувања.[293]

Посочените препораки од страна на Министерството за образование и наука усвоени во 2007 година, секако дека во значајна мера може да ги подобрат условите за развој на оддржливо, конкуретно и компетентно општество базирано брз знаење, само доколку се овозможи правилна, одговорна и посветена имплементација во пракса. Тоа значи дека невозможно е постигнување на успех во овој сегмент доколку сите вклучени страни не ги дефинираат и спроведат своите обврски и задолженија. Во таа смисла, постоењето на статегија која би понудила рамка со методи, мерки и активности кои можат и треба да ги превземат и ВО институции и претставницитите од индустријата, во значајна мера би го олеснила процесот на спроведување на горенаведените препораки. Усвоената национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија дел I/II (2009 - 2030), изработена од Министерството за животна средина и просторно планирање, насловена: *Подобра иднина преку Промени - користење на нашето богато општествено, културно и природно наследство на урамнотежен начин*, детектира дел од предизвиците во однос на овие прашања и нуди општи насоки за надминување на истите:

*Постои потреба да се ремоделира политиката за* ***високо образование****, со посебен осврт на димензиите за одржлив развој. Во тој поглед неопходна е координација со други економски и социјални политики, со цел да се обезбеди*

[288] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, стр.301, цит
[289] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, стр.301, цит
[290] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, стр.301, цит
[291] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, стр.301, цит
[292] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, стр.301, цит
[293] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, стр.301, цит

*конзистентна политика насочена кон повисок економски раст и одржлив развој. Веќе е во процес подобрувањето на правната рамка за високо образование. Во таа насока, Министерството за образование и наука, го следи постојани и е во тек со сите случувања каде што функционира Болоња процесот, и ги има имплементирано сите подзаконски акти што ги имаат донесено и останатите земји каде што се применува овој систем на високо образование. Високото образование е во корелациона врска со бизнис заедницата, со цел вложување средства за подобрување на квалитетот на високото образование, како и продуцирање и регрутирање на квалитетни кадри кои би биле со високо ниво на квалификуваност, откако ќе излезат на пазарот на труд.*[294]

Исто така дел од недостатоците и проблемите за надминување детектирани се и во Националната стратегија за вработување 2010, усвоена во 2006 година, но сепак постоењето на слабости во однос на недостаток од информации базирани врз анализи, евалуации и истражувања од сите општествени сегменти како што се ВО институции, граѓанскиот сектор и индустријата, и нивното соодветно интегрирање во ваквиот тип на стратегии е забележително.

Истовремено, во надминувањето на моменталните предизвици од овој аспект, клучна улога има способноста на ВО институции за предвидување на промените и успешно прилагодување кон нив. Разбирливо е дека образовниот систем не е во состојба да се менува со иста брзина како индустријата, но она што може да го направи е да ги обучи студентите со вештини кои би им овозможиле брзо и лесно прилагодување кон новите услови на пазарот. Тоа подразбира обучување со вештини како што се: критичкото мислење  креативност и храброст, како најзначајни во денешната „економија заснована на знаење".[295]

За да може успешно да се реализираат овие процеси, неопходно е да бидат и соодветно финансиски поддржани, со што би ја зајакнале соработката меѓу универзитетите и индустријата на национално ниво, туку би ја стимулирала и меѓународната високо-образовна и научна-истражувалка соработка на регионалните универзитети.[296] Последователно, во значајна мера би се потикнала соработката меѓу стопанските субјекти и би овозможило трансфер на размена и развој на заеднички

---

[294] Министерството за животна средина и просторно планирање, национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија дел I/II (2009 - 2030), *Подобра иднина преку Промени - користење на нашето богато општествено, културно и природно наследство на урамнотежен начин: 3.6. Социјални прашања- невработеноста како главен проблем*, стр. 18

[295] Центар за истражување и креирање политики; *Како до поквалитетно високо образование* 2009, стр.13

[296] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, 2005-2015, стр.302

истражувања за потикнување на општествено-економскиот развој на заедницата.[297] На таков начин би се потикнала и иновативната работа, и би се овозможило трансфер и размена на технологии, знаења и капацитети, односно развој на мобилноста на докторско и постдокторско ниво и јакнење на институционалната соработка во рамките на докторските студии. Сите овие фази во голема мера можат и треба да ја зајакнат меѓународната комтетитивност на европското високо-образование и истражувања. Со своите залагања во оваа насока, Република Македонија би стекнала значајни бенифити и во поглед на афирмација и во поглед на стекнување што поголема финансиска и економска стабилност.

Токму затоа, успешното спроведување на реформите во високото образование, особено од аспект на докторските студии придонесуваат за создавање на образовни, конкуренти, компетенти и мобилни кадри, кои се способни да се афирмираат и прилагодат на глобалните процеси и промени, и со тоа да ја афирмираат и својата матична земја која ги произвела. Со зајакнување на областа на истражувањето и научната дејност во нашето високо образование, би се овозможило трасирање на одржлив пат кон меѓународната соработка со останатите европски земји од ЕУ и вклучување во реномираните програми за истражување и развој на технологии. На овој начин не само што би се реализирала посочената синергија меѓу докторските студии во нашата земја со европскиот просто за високо образование и истражување, туку и би овозможило промивирање на нашите образовни капацитети во ЕУ.

[297] МОН, Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, 2005-2015, стр.303

# V. ИМЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА БОЛОЊСКИТЕ ПРЕПОРАКИ ВО ГЕРМАНИЈА: компаративни согледби

Федералната влада на С.Р. Германија[298], покраините и ВО институции, исто како и останатите 47 земји земји-потписнички, во последната декада го спроведуваат досега најголемиот реформски процес во високото образование-Болоњскиот процес.[299] Во последните десетина години, германскиот високо образовен систем спроведе низа на реформи во согласност со болоњските насоки, со цел пораст на својата и европската меѓународна компетитивност. Засновани врз идеите за нов јавен менаџмент, на ВО институции им се додели поголема автономија од финансиски, организациски и кадарен аспект, односно сопствена селекција на студенти, и во некои покраини, и одредување на сопствените школарини за прием.[300] И покрај карактеристичноста на германскиот високо образовен систем, како федерален систем, Владата и покраините ја усвоија т.н Excellence Initiative[301], федералистичка реформа, што подразбира наптревар меѓу 16те покраини во однос на финансирањето, студентите, истражувањето, школарините за прием итн.[302]

Од самиот почеток, германските институциите на високото образование ги сметаа реформите од Болоњскиот процес како стратешки фокус на нивните заеднички напори и го прифаќаат целите на процесот за свои, и можеби најзначајно е тоа што ја препознаа можноста да ги интернационализираат нивните студиски програми во заедничката Европска област на високото

[298] Сојузна Република Германија е составена од 16 покраини, како резултат на обединувањето на Германија преку Договорот меѓу Сојузна Република Германија и Германската Демократска Република на 3 октомври 1990 година. Секоја покраина има свој устав и влада. Федералниот Устав (Grundgesetz) предвидува дека Покраината - Länder има право да донесува закони, доколку не се надминува законодавната власт. Образовното законодавството и администрацијата на образовниот систем пред се, се одговорност на Länder/Покраините. Länder/ Покраините соработуваат едни со други во рамките на постојаната конференција на министрите за образование и култура на Länder на Сојузна Република Германија (abbr.: Kultusministerkonferenz - KMK) за прашања од значење за сите Länder. По Уставните реформи во 2006 година, федералното ниво има само минимално влијание врз образовните политики на Германија.

[299] Marc Kaulisch/Jeroen Huisman - Higher education in GERMANY/Country report, October 2007, стр. 13

[300] **Hartwig** Lydia1, 1Bavarian State Institute for Higher Education Research and Planning, Munich, Germany, *Recent developments in higher education funding in Germany and the role of marketisation (0259)*, стр. 1

[301] *Excellence Initiative* е заеднички усвоена политичка и образовна реформа која има за цел да ја промовира истражувачката област и институции на германските универзитети. Целта е да се зајакне научно-истражувачката сфера и што повеќе да се доближи до граѓаните, односно да се извршат промени во академската средина, а со тоа и во економијата и општеството во целина. Надлежни тела за нејзиното спроведување се Германската истражувачка фондација (German Research Foundation, DFG) и Германскиот совет за наука и општество (German Council of Science and Humanities), кои овозможија 1.9 милиони евра за финасирање на проекти за дадената цел.

[302] **Hartwig** Lydia1, 1Bavarian State Institute for Higher Education Research and Planning, Munich, Germany, *Recent developments in higher education funding in Germany and the role of marketisation (0259)*, стр. 1

образование. Во Германија, процесот на спроведување на болоњските реформи подразбира потребата од партнерски пристап и вклученост на сите институции на високото образование, студентите и двете страни на индустријата, што пак внесува голема динамика во германскиот високо образовниот дијапазон и врши значително влијание на националниот систем за високо образование. [303] Надлежни органи за спроведување на болоњските насоки во високото образование во С. Р Германија се сојузната влада, покраините и ВО институции, секој во рамките на својата надлежност.[304] Самиот реформаторски процес е поддржан од сојузната група за „развој на болоњскиот процес" која се состои од претставници на универзитетската ректорска конференција[305], германската програма за академска размена – ДААД[306] и Германската национална асоцијација за акредитација. Други организации кои се вклучени во групата се студентски асоцијации, Асоцијација на работодавачи, на Синдикатот и на Националната асоцијација за студентски прашања.

Болоњскиот центар на Германската ректорска конференција[307] , основан во јули 2007 е наследник на Болоњскиот сервисен центар (Bologna Service Centre) и Болоњскиот комуникациски центар (the Bologna Cometence Centre) основани во 2004 и 2005, последователно. Тие се финансирани од Германското Сојузно министерство за образование и наука. Воведувањето на нови нивоа во студиската структура претставува значаен предизвик за високообразовните институции, и во таа смисла Болоњскиот центар служи како клучен советодавач, координатор и посредник за поддршка на германските универзитети. Преку своите активности, вклучувајќи го и следењето и ширењето на "добра практика", Болоњскиот Центар се стреми да ја даде суштината на визијата на заедничката европска високо образовна област и по 2010 година.

С.Р Германија е карактеристичен пример на земја со специфичен ВО систем, но и европска земја која нуди позитивни примери на искуство при спроведувањето на дел од болоњските препораки. Но, и покрај постигнатите успеси во однос на неколку клучни болоњски реформи, и Германија, како и Република Македонија сеуште се соочува со низа предизвици при спроведувањето на болоњските насоки како што се:

[303] Dr. Peter A. Zervakis, Head Bologna Centre, German Rectors' Conference, Germany/ The dilemma of proposing common standards for implementing learning outcomes in decentralized curricular develop., стр. 13
[304]Види: http://www.bmbf.de/en/3336.php
[305]HRK: http://www.bolognanet.hrk.de/
[306]DAAD: http://eu.daad.de/eu/bologna/06970.html
[307]Болоњскиот центар на Германскиот ректорски совет е посветен на успешното спроведување на Болоњските реформи во Германија Види: http://www.hrk-bologna.de/bologna/de/home/3222_4003.php

признавањето на академските квалификации и достигнувања, признавањето на знаењето и вештините стекнати надвор од високото образование, подобрување на мобилноста и на можностите за вработување, прилагодување на променливите рамковни услови, особено во поглед на демографијата и глобализацијата, како и соочување со потребата од еднаквите можности и флексибилност на високото образование - социјалната димензија на Болоњскиот процес. [308] Од овие причини, секоја размена на информации и компаративни согледби во врска со имплементација на болоњските препораки во Македонија, со овие во Германија, може да биде од корист при детектирањето на обостраните предизвици кои треба да се надминат, но и дефинирање на заеднички перспективите во однос на создавање на европскиот простор за високо образование.

Компаративниот пристап во оваа студија е подржан со информации од спроведено истражување на германскиот технички универзитет во Дрезден – ТУ Дрезден, во текот на месец мај 2010 година. Истражувањето беше реализирано врз база на интервјуа и подготвен прашалник, наменет за одговорните лица за спроведување на болоњските насоки на универзитетот: со г. Андре Хоне[309], генерален секретат за планирање и контрола на студиите и студиските програми на Техничкиот Универзитет во Дрезден, и про-ректор за насатава, како и со г-ѓата Керстин Крусе[310] координаторот за Еразмус програмата за студенти на ТУ-Дрезден. Податоците добиени од овие истражувања се во функција на компаративна анализа на поставените хипотези за имплементацијата на болоњските реформи во Република Македонија, но и во функција на детектирање на предностите и слабостите на спроведените болоњски реформи во Германија, во изминатата декада.

### V.1 Усвојувањето на систем на лесно препознатливи и споредливи степени и воведување на додаток на диплома

Развојот на глобалните мрежи и новите системи на образование овозможија брз пораст на можностите, како за општеството, така и за поедницот. Ваквите можности овозможени со процесот на глобализација се суштински за развојот на квалитетот во високото образование, и следствено порастот на компеннции и стручност на

[308]Види: http://www.bmbf.de/en/15553.php

[309] Andre Höhne, Sachbearbeiter Umstellung Studiensystem, Dezernat Akademische Angelegenheiten, Planung und Controlling SG Studien ind Prüfungsangelegenheiten

[310] Kerstin Kruse TU Dresden International Office/Akademisches Auslandsamt

студентите. Во оваа смисла, образовниот систем и типот на студиски програми која се спроведува им овозможува на поединецот, и на општеството да одржат рамнотежа меѓу можностите и ризиците од глобализацијата.[311]

Во оваа смисла, Германскиот високо-образовен систем, особено во последната декада, се обидува да одговори на предизвиците на процесите на глобализацијата и да го развие најдобриот, најуспешниот и најодржливиот концепт на себе-идентификација на глобалната сцена, но и да одговори на европските барања и насоки за консолидирање со ЕХЕА. Токму затоа, Германските универзитети сеуште се соочуваат со предизвиците на напуштањето на стариот традиционален систем на високо образование и целосно прифаќање и спроведување на Болоњските стандарди. Меѓутоа, неспорни се големите напори и превземени активности од страна на германските кооридnаторни тела во зголемувањето на степенот на меѓународна размена на студенти или академски кадар, во рамки на своите национални или Европски програми за високо образование.[312]

Со цел интернациоанизирање на германскиот ВО систем, сите релевантни тела како Универзитетите за применети студии (Fachhochschulen), насочените факултети за уметност и музика, академскиот кадар, студентските организации, како и нивните партнери од индустријата се вклучија во превземањето соодветни активности кои креативно ја концепираа меѓународната интеракција. Меѓу другото, овие активности вклучуваат:

- усвојување на мултинационални студиски и/или системи/програми со лесно претпознатливи степени кои ги комбинираат специјализираните образовни компетенции од туѓите европски ВИ институции, и сопствените прилагодени и ефективни програми;[313]

- прилагодување на студиските програми со цел зајакнување на меѓународната соработка за образование и научно-истражувачка дејност, вклучувајќи ги и програмите за стекнување првиот/вториот степен на образование, надополнети со комплементарни и оптимизирани кредитни системи, молуларизирани студии и правила за академско признавање на студиите и стекнатите степени.[314]

Ваквите превземени мерки од страна на ВО германски институции, во соработка со сите останати релеванти субјекти, ги поставија основите за развој на

[311]HRK: International Strategy of the German Rectors' Conference (HRK) - *Principles and Guidelines*, стр.2
[312] International Strategy of the German Rectors' Conference (HRK) - *Principles and Guidelines*, стр.5
[313] HRK, Prize „*Outstanding Achievements in International Higher Education Cooperation*", стр. 3
[314] HRK„ Prize „*Outstanding Achievements in International Higher Education Cooperation*", стр. 3

студенскиот индивиуален ангажман, потик на мотивацијата, како и пораст на меѓународната мобилност, соработка и меѓународна размена. [315]

Со цел олеснување и поуспешна реализација на овие цели, во Германскиот високо-образовен систем беше воведен и Додатокот на диплома уште во 1999 година по препорака на Германскиот ректорски совет[316] и Советот на Министри и образование на германските покраини.[317] Со цел издавање на документ за признавање на стекнатите квалификации и академски признанија, додатокот на дипломата во голем степен го овозможува спроведување на процедурата за акредитација на студиските програми. Со цел да го олесни и поддржи овој процес, Германскиот ректорски совет овозможува издавање на електронски примерок од додатокот на Диплома - Diploma Supplement Deutschland (DSD), која е целосно компатибилна со моделот на европскиот додаток на диплома, и овозможува полесно стекнување на поребните документи, карактеристични за германскиот образовен систем.[318]

Ваквиот пример на издавање на додатокот на дипломата е едноставен, лесно спроведлив и ефикасен начин на примена, кој не само што го подобрува процесот на акредитирање на стекнатите квалификации, туку овозможува и стекнување на база на податоци и информации, особено важни за следење на степенот на спроведените болоњски реформи. Во оваа смисла, изненадува фактот што во Република Македонија не се направат поголеми напори во превземањето на позотивни искуства на спроведување, од овој тип.

### V.2 Усвојување на систем базиран на три главни циклуси - додипломски, пост-дипломски и докторски студии

Пред интергирањето на три-цикличниот систем во Германија, базиран на три степени: додипломски, мастер и докторски студии, на германските универзитети се спроведуваа студиски курсеви/системи кои водеја до стекнување на комбиниран степен на образование од додиплмоски и пост-дипломски студии. [319] Надминувањето на овие традиционални системи, го забрза Болоњската декларација, која понуди насоки

[315] HRK, Prize „*Outstanding Achievements in International Higher Education Cooperation*", стр. 3
[316] Hochschulrektorenkonferenz (HRK)- German Rectors' Conference
[317] Kultusministerkonferenz (KMK) - Standing Conference of Ministers of Education of the German States
[318] HRK: *National higher education system*: Germany, стр. 2
[319] Katharina Schuster, Frank Hees, Sabina Jeschke: *Dipl-Ing Rest in Peace? The Implementation of the Bologna Process in Germany's Engineering Education,* стр.1 (38)

за транформирањето на моделот 4+1/4+2 во најчестата форма 3+2. Праксата во Германија е задолжителна на сите нивоа, исто како и во Република Македонија.

Според информациите добиени од ТУ во Дрезден, голем број на факултетити се соочиле со потешкотии при имлементирањето на системот 3+2, со оглед на фактот што новиот модул за повеќето студенти функционира како училиште, а не како универзитетско образование, и второ, за одредени студии времето од 3 години е прекратко да се стекне солидно знаење и пракса од дадената област. Според новата стратегија за високо образование, Германија се повеќе посветува внимание на прилагодувањето на наставните програми со потребите на пазарот на трудот. Во таа смисла, на праксата во Германија се посветува многу позначително внимание отколку во Македонија, и не само како про-форма, туку со цел да им се обезбеди на што поголем борј дипломирани студенти соодветна работа и со тоа што поголема ефикасност на германскиот и европскиот пазар на трудот.

Недоследностите во дефинирањето на временската рамка, и изоставувањето на некои карактеристични неменливи традиционални модели (пр.медицинските студии), создадоја низа на проблеми и недостатоци и во германскиот во систем, поради невозможноста од стекнување на потребниот степен на квалификации во ограничената временска рамка. Имено, иако поголемиот број на технолошки универзитети во Германија, во последните години ги имлементирааа bachelor и master степените, а во тек е и спроведувањето на 3-от степен докторски студии, сеуште постојат тешкотии во напуштањето на степенот „Diplom-Ingenieur“[320], кој е компатибилен на професионалниот Мастер по инжињерство на универзитетот во Мелбурн, и одговара на истите стекнати квалификации и компетенции.[321] Со долго-годишната традиција во инжињерството, особено во автомобилската индустрија и продукцијата на челик, дипломираните студенти од германските универзитети беа познат и популарен извоз на човечли капацитет и потенцијал. Нивната академска титула: Дипл.-инж. гарантираше солидно стекнато образование комбинирано со техничка експертиза и истата овозможуваше сигурни атрактивни работни позиции.[322] Меѓутоа, со спроведените измени во студискиот систем и менувањето на степените на стекнато образование, титулата „дипл.-инж.“, во иднина полека ќе исчезне од академската

[320] Дипломиран инжињер.
[321] Katharina Schuster, Frank Hees, Sabina Jeschke: *Dipl-Ing Rest in Peace? The Implementation of the Bologna Process in Germany's Engineering Education,* стр.1 (38)
[322] Katharina Schuster, Frank Hees, Sabina Jeschke: *Dipl-Ing Rest in Peace? The Implementation of the Bologna Process in Germany's Engineering Education,* стр.1 (38)

средина.[323] Токму ова е една од причините зошто расте загриженоста на германските академски кругови и претставниците на граѓанскиот сектор за рапидниот пад на репутацијата на германските инжињери со превземањето на новиот образовен систем.[324]

Овој пример на увидени слабости во новиот студиски три-цикличен систем, спроведе во пракса, е особено важен за анализа и компарација со спроведениот систем во Република Македонија. Постоењето на вакви недоследности поради брзото и отсуството на релеванти анализи при дефинирањето на оваа болоњска насока, е карактеристично за поголемиот број на европски земји. Токму затоа потребно е посебен увид и преглед на постоењето на ваков тип на слабости и нивно соодветно надминување на национално и меѓународно ниво.

Денес, 82 проценти од сите студиски курсеви во германиските институции за високо образование (11.500 од вкупно 14.100 предмети) се трансформирани во две циклуса: додипломски / магистерски студии од почетокот на зимскиот семестар 2010/2011[325] Но, во Германија сеуште постојат јавни дебати за начинот на прифаќање на оваа болоњска насока во однос на организирањето на студиските курсеви и сеопштото прифаќање на дипломите. За таа цел универзитетскиот ректорки совет има усвоено и доставено заеднички структурни цели за акредитација на дипломите и магистерските, со цел да се подобри студиозноста на курсевите, да се намали бројот на испити што треба да се положат во краток период, и да се олесни мобилноста и признавањето на квалификациите.[326] Истовремено, германските институции за високо образование, креаторите на политиките и работодавците настојуваат дипломата да стане атрактивна професионална квалификација, додека во исто време се создаваат

[323] Katharina Schuster, Frank Hees, Sabina Jeschke: *Dipl-Ing Rest in Peace? The Implementation of the Bologna Process in Germany's Engineering Education*, стр.2 (39)

[324] Katharina Schuster, Frank Hees, Sabina Jeschke: *Dipl-Ing Rest in Peace? The Implementation of the Bologna Process in Germany's Engineering Education*, стр.2 (39)

[325] http://www.kmk.org/fileadmin/veroeffentlichungen_beschluesse/2003/2003_10_10 Laendergemeinsame-Strukturvorgaben.pdf: Повеќето додипломски курсеви се наменети за стандарден период на студирање од 6 семестри. Сепак, приближно 20% од додипломските курсеви се наменети за стандарден период од 7 семестри, и уште 7% за период од 8 семестри. Магистерските студии се главно дизајнирани да траат 4 семестри, но исто така има и магистерски студии кои трајат 3 или 2 семестри. Педесет и три (53) отсто од сите студенти се запишани на новите додипломски / магистерски студии во зимскиот семестар 2008/2009. Повеќе од три четвртини од студентите во прва година (78,2%), се запишани на студиските курсеви кои се трансформирани.

[326] http://www.kmk.org/fileadmin/veroeffentlichungen_beschluesse/2003/2003_10_10 Laendergemeinsame-Strukturvorgaben.pdf

интересни можности за академско континуираното образование и кариера во академскиот свет преку магистерски и докторски програми.[327]

Универзитетите работат напорно на спроведување на реформите, но и ним исто така им се потребни партнери кои постојано би ги поддржувале со фино подесување на различни профили на различни видови на универзитети и степени. Зајакната соработка со консултанти од индустријата и бизнисот во Германија, во процесот на акредитацијата на пример, се покажува корисна за двете страни: бизнис претставниците добија полесен пристап до детални информации за студиските програми, можност да ги прошират своите неформални мрежи, и активно да придонесат кон планирањето и осигурувањето на квалитетот на универзитетските програми.[328] Универзитетите покрај профит, добиваат практична проценка од консултантите од бизнис секторот за своите програми како и насока како да ги насочат новите студиски програми кон потребите на пазарот на трудот и интересот на студентите.[329] На долг рок, универзитетите ќе можат да ја користат нивната автономија и предноста во студиски програми за регрутирање на најдобрите студенти, многу повеќе отколку во минатото. Овој процес не е за утврдувањето на студиската структура, туку за креирање на флексибилни програми за студирање за сите три степени.

Резултатите од ова истражувањето говорат дека во Германија, донесувањето на законски регулативи како поддршка на адаптирањето на новиот дуален систем, односно трансформирањето на новиот студиски систем, т.е. степени: диплома и мастер, и следствено третата фаза-докторски студии е поддржан со усвоениот Пакт за високо образование[330], во меѓусебна согласност на Федералната Влада и Покраините.

[327] Ländergemeinsame Strukturvorgaben für die Akkreditierung von Bachelorund Masterstudiengängen (Beschluss der Kultusministerkonferenz vom 10.10.2003 i.d.F. vom 04.02.2010), стр.7

[328] Ländergemeinsame Strukturvorgaben für die Akkreditierung von Bachelorund Masterstudiengängen (Beschluss der Kultusministerkonferenz vom 10.10.2003 i.d.F. vom 04.02.2010), стр.10

[329] Ländergemeinsame Strukturvorgaben für die Akkreditierung von Bachelorund Masterstudiengängen (Beschluss der Kultusministerkonferenz vom 10.10.2003 i.d.F. vom 04.02.2010), стр.11

[330] *Пактот за високо образование 2020* има цел да му овозможи на германскиот систем за високо образование да се соочи со предизвиците на иднината. На пример, помеѓу 2011 и 2020 години, бројот на студентите запишани на прв семестар се очекува да се зголеми за 275.000. Тоа е заедничка цел на Сојузната влада и државите да се зголеми националниот просек на нови студенти на 40 отсто на групата од една година, со што значително би се зголемил бројот на дипломи и други квалификации на ниво на покраините. Во првата фаза, Пактот овозможува, на почетокот од 2010 година, високообразовните институции да прифатат повеќе од 90.000 нови студенти. Во јуни 2009 година, федералната влада и државите се согласија да го надополнат Пактот за високо образование 2020 со дополнителен 275.000 учесници за периодот 2011 и 2015 година. Пактот за високо образование обезбедува солидна финансиска основа за зголемување на бројот на студенти до 2015 година. Во конкретна смисла, федералната влада и државите инвестираат околу 22.000 евра за секој дополнителен студентот на прв семестар, а во текот на првата фаза на Пактот до 2010 година односно приближно 26.000 евра за место, во текот на следната

Паралелно, во Република Македонија индикативен е недостигот од квалитетната дискусија, размената на искуства, на информации меѓу ВО институции, МОН, студентите и претставниците на индустријата, што пак резултира со забелешки во однос на креирањето на нефлексибилни и неатрактивни студиски програми.

Подготовката на планови, цели и стратегии за развој на ВО во Германија се спроведува преку зајакната соработка и комуникација меѓу сите релеванти министерства по однос на ова прашање, како што се министерствата за финасии, технологија, економија, информатичкото министерство и сл. кои не само што го поддржуваат министерството за образование, култура и наука во спроведувањето на реформите, туку и го надледуваат процесот и следствено реагираат каде што е потребно. Во однос на Република Македонија, соработката на ниво на министерства (на пример, соработката со министерството за економија, за финансии и сл) во однос на зајакнување на процесите во високото образование не е на задоволително ниво.

### V.3 Воведувањето на систем на кредити ЕКТС во Германија

*„Европскиот кредит трансфер систем ќе се развие во натпреварувачки инструмент, и оние кои ќе се подготват со време, ќе имаат јасна преднос во однос на останатите".*[331]

Во последната декада во Германија, ЕКТС[332] се разви и прерасна во подинамичен систем за оценување на квалификациите и компетенциите на студентите. Самиот процес на имплемнтирање се соочи со неколку тешкотии, особено поради постарите генерации на наставев кадар, кои имаа проблем со напуштањето на стариот систем на оценување, обемот на работа и пренатрупаноста со информации за секој студент поединечно, кој ги налага ЕКТС. Во таа смисла, во Германија, исто како и во Република Македонија сеуште постојат одредени препреки за комплетното спроведување на ЕКТС, но генерално, спроведувањето на ЕКТС во Германија и Македонија се смета за успешно спроведена болоњска реформа на ниво на универзитетите. Кредит трансфер системот во ТУ Дрезден се однесува само на завршните испити, но не и на модулите

---

фаза до 2015 година. Овие средства даваат можност да се создадат нови работни места, а со тоа и да се подобри нивната положба и престиж:

[331] Peter Gaehtgens, HRK President, *Introduce credit points quickly at all higher education institutions*, стр.3,

[332] ЕКТС е квантитативна мерка за целокупното оптоварување на студентот во постигнувањето на очекуваните резултати од студиите и стекнувањето на диплома. Од 2005 година, сите студенти имаат право на бесплатен додатокот на дипломата

Информации за досегашната имплементација на ЕКТС, мобилноста и останатите реформи од Болоњскиот процес се утврдени со Националната програма за развој на образованието во РМ (2005-2015), која го опфаќа и високото образование и ги дефинира приоритетите кон кои треба да се стремат ВОИ за целосна имплеметација на Болоња. Во Германија тоа е Пактот за високо образование, усвоен од сојузните влади и Универзитетскиот ректорски совет во 2010.

### V.4 Промоција на мобилноста во Германија

Спроведувањето на мобилноста како клучна алатка во создавањето на ЕХЕА, во Германија е поддржано од страна на сојузната влада и покраините, како и од работната група насловена "Продолжување на Болоњскиот процес". Во 2010 година, федералното министерство за образование и истражување/наука на Германија BMBF[333]донесе стратегија значително да го зголеми финансирањето на мобилноста до 2015 година. На овој начин се прават обиди не само да се зголеми степенот на меѓународната размена на студенти, наставен и административен кадар, туку и да се зајакне соработка помеѓу универзитетите. Воедно на овој начин се поддржуваат и четири годишните програми за стекнување диплома кои вклучуваат интегрирани периодите на студирање во странство, двојни програми и курсеви за јазик и сл.[334]

Политичката цел на Германија е до 2015, за 50% повеќе дел од студентите да завршат дел од нивните студии во странство и за 20% повеќе од германските студенти да поминат најмалку еден семестар во странство.[335] Поставената цел за пораст на квалитетот и транспарентноста во рамките на студиите, како и пораст на компатибилност на дипломи и подобрувања во процедури за признавање, е можна само со доследна употреба на соодветните болоњски инструменти. [336] Во таа смисла, правилната употреба на модулите и кредитните поени во согласност со Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) е од особена важност.

Германија исполни важен критериум во однос на признавањето на студии во странство со ратификацијата на Лисабонската Конвенција.[337], односно Конвенцијата за признавање на квалификациите за високото образование во европскиот регион развиен

[333] BMBF-Federal Ministry of Education and Research (Bundesministerium fuer Bildung und Forschung )
[334] Види: http://www.bmbf.de/en/15945.php
[335] Види: http://www.bmbf.de/en/15945.php
[336] Види: http://www.bmbf.de/en/15945.php
[337] Convention on the Recognition of Qualifications concerning Higher Education in the European Region Lisbon, 11.IV.1997: http://conventions.coe.int/Treaty/EN/Treaties/Html/165.htm

од страна на Советот на Европа и УНЕСКО[338]. Конвенцијата е донесена со цел да се олесни признавањето на квалификациите стекнати во една од државите потписнички на Конвенцијата во друга држава членка. Република Македонија исто така ја ратификува оваа клучна конвенција за признавање на квалификациите во 2002 година, со усвојување на „Законот за ратификација на конвенција за признавање квалификации кои се однесуваат на високото образование во европскиот регион."[339] Оваа конвенција ја потврдува потребата од кохерентно, транспаретно и применливо користење на критериуми од страна на секоја земја при признавањето на квалификациите.[340] и е клучна при преносот на квалификациите во рамки на размената односно мобилноста на студенти. Признавањето на стекнатите квалификации на студентот, секако се невозможни без усогласениот ЕКТС.[341]

Финансиската поддршка за спроведувањето на мобилноста, и во Германија исто како и во Република Македонија игра клучна улога за постигнувањето успех и напредок. Измената на актот за помош и обука (BAföG)[342], кој стапи на сила на 1 јануари 2008 година, значи дека целиот курс на студии, вклучувајќи го и првиот степен, може да биде финансиран од надлежните министерства во покраините. Финансирање од една година може да се обезбеди и за периодите на студирање надвор од ЕУ во рамки на образованието и обуката Ова финансирање може да биде продолжено најмногу до пет семестри под одредени околности. Една од најважните улоги за развој на мобилноста на студентите во Германија, секако ја игра германската академија/мрежа за размена (DAAD), како и Еразмус програмата која обезбедува стипендии за студии во странство. Оваа програма со текот на времето стануваат се

---

[338]Конвенцијата за признавање на квалификациите од високото образование во европскиот регион е усвоена 11 април, 1997 г. Во Лисабон, од страна на Советот на Европа и УНЕСКО

[339] Сл. Весник на Р. Македонија, бр.47 од 30.06.2002 година

[340] Конвенцијата за признавање на квалификациите од високото образование во европскиот регион на Советот на Европа и УНЕСКО забранува да се земаат предвид надворешни фактори, како вероисповедта и уверувањето или статусот на кандидатот, при признавањето на квалификациите. *Дел 3: Основни принципи што се однесуваат на оценувањето на квалификациите Член III.1:* Носителите на квалификации издадени од страна на членките, ќе имаат адекватен пристап до поставеното барање на соодветното тело за оценување на овие квалификации. Во овој поглед нема да постои никаква дискриминација по било која основа, како што се полот, расата, бојата, хендикепираноста, јазикот, религијата, политичката или друга определба, националност, етничка или социјална припадност, припадност кон националното малцинство, сопственост, раѓање или друг статус, или, во поглед на било какви други околности што не се во врска со квалитетите на квалификацијата за која се бара признавање. За да се обезбеди ова право, секоја членка презема на себе да ги направи сите соодветни аранжмани за оценување на молбата за признавање на квалификациите единствено врз основа на здобиените знаења и вештини.

[341] ЕКТС во Република Македонија е целосно се имплементира во 2006/07 година, слично како и во Германија, каде ЕКТС системот е солидно имплементиран, но потребни се дополнителни измени за да функционира 100%.

[342] Види: http://www.das-neue-bafoeg.de

поатрактивна во контекст на Универзитетската соработка и програми кои водат кон заеднички степени, како во Германија, така и за соодветната партнер земја. ДААД е особено значајна програма за стипендирање на студенти и во Република Македонија, и важи за една од привелегираните типови на програми за стипендирање.

Но, Германија, исто како и Република Македонија се соочува со низа предизвици при спроведувањето на оваа суштинска болоњска алатка, пред се поради фактот што оваа земја долго време беше прилично затворена за надворешните студенти. Исто така пречка за пораст на бројот на мобилноста, беше понудата на студиски програми и информации исклучиво на германски јазик. Тоа резултираше со слаба мобилност на студенти од другите ЕУ земји во Германија, и секако слаба мобилност на наставниот и административниот кадар во и вон Германските универзитети. На пример, Еразмус програмата за нон ЕУ земји, плус САД, Латинска Америка и Австралија е одлично применета на Техничкиот универзитет во Дрезден, но модулите/описот на курсот и преносот на оценките е на германски јазик. Студентите од ТУ Дрезден најчесно престојуваат во Франција и Шпанија, а 10-15 студенти годишно доаѓаат студенти на размена од В.Британија, што за еден ваков признаен универзитет е прилично мала бројка. Од Југоисточна Европа, бројот на студенти е помал, поради непознавањето на германскиот јазик, и тоа најчесто тоа се студенти од Бугарија, Полска, Романија, Словенија и Чешка. Мобилноста на студентите меѓу Македонија и Германија исто така се смета за недоволно развиена, според искуството на ТУ од Дрезден.[343]

Интеграција на странските државјани, нивото на прифатеност и интегрираност е 70%, токму поради јазичната бариера, како и специфичниот германски високо образовен систем. Најчесто тие сами треба да се организираат во текот на нивните студии. Програмите за размена на професори, т.е. наставен кадар во Германија, се организираат преку ДААД програмата, како и преку националните агенции. Понатаму истите се подложни на евалуација. Токму затоа и германските универзитети, вклучително и ТУ, Дрезден се едногласни во потребата на надминување на овие недостатоци и предизвици.

Што се однесува до степенот на мобилност на студентите од Р.Македонија, истиот е прилично низок и сеуште стои пред сериозен предизвик за надминување на слабостите и недоследностите. Дел од слабостите се однесуваат на непоседувањето

[343] Andre Höhne, Sachbearbeiter Umstellung Studiensystem, Dezernat Akademische Angelegenheiten, Planung und Controlling SG Studien ind Prüfungsangelegenheiten, ТУ Дрезден, цит.

информации за бројот на меѓународни студенти кои се запишуваат на институциите за високо образование во Република Македонија, или пак бројот на визитинг професори и административен кадар од други европски универзитети кои се вклучени во работата на Универзитетите во Република Македонија, како и непоседувањето на информации за земјите од каде најчесто доаѓаат. Спроведеното истражување покажа дека единствените релеванти податоци во мометов доаѓаат од спроведеното истражување на невладината организација – Младински образовен форум, чии податоци се презентирани во претходните поглавја од овој труд. Истиот заклучок се однесува и на недостатокот од информации за нивото на соработката на Р.Македонија со останатите европски универзитети или пак поседување на информации за евентуални препораки, конкретни мерки и активности до Универзитетите за продлабочување на меѓународната соработка и транспаретност, од страна на МОН, како што е случајот со Германија.

На некои од ВО инситуции во Република Македонија постојат назначени координатори за програмите за мобилност, кои ја играат и улогата на меѓународни соработници, и покрај тоа што еден од предизвиците на универзитетите во Македонија е потребата од зајакнување на меѓународната соработка и размена на искуства и кадар со останатите универзитети низ Европа и светот. Во Германија исто така еден од слабостите во потикнувањето на мобилноста е пропустот во навременото поставувањето на релеванти координатори низ факултетите на германските универзитети.

Освен учеството во образованието, мобилноста за сите граѓани/ученици во сите образовни нивоа (како дел од стратегијата за доживотно учење) е исто така дел од првата клучна статешка цел за развој на високото образование до 2020, од страна на Европската унија.[344] Мобилноста во образованието не само што овозможува личен

[344] Лансирана од страна на Европската комисија во март 2010 година, и усвоена од Европскиот совет во мај истата година, стратегијата **"Европа 2020"** е сеопфатна политичка иницијатива која ги обединува сите области со ЕУ надлежности и активности со цел да се подготви ЕУ економијата за следната деценија. Агендата „Европа 2020", која се состои од седум водечки иницијативи. Имплементацијата на овие иницијативи е заеднички приоритет, и потребна е соодветна акција на сите нивоа, од страна на ЕУ организациите, земјите-членки, како и локалните и регионални власти. Овие иницијативи со јасна поврзаност со високо образование се: "***Унија од иновации***", 6 октомври 2010 година: има за цел да ги подобри условите и пристапот до финансии за истражување и иновации, како и да понуди гаранција дека иновативните идеи може да се претворат во производи и услуги кои создаваат раст и нови работни места. Исто така, се обидува да ги ре-фокусира R & D, со што би станале што порелеванти во денешниот свет, и центри на главните предизвици како што се климатските промени, енергетската ефикасност, здравствената политика, и демографските промени;"***Млади во движење***", 15 септември 2010 година: првата ЕУ стратегија која ги опфаќа и образованието и вработувањето. Има за цел да го подобри квалитетот и меѓународната атрактивноста на високото образование во Европа, како и да ја промовира

развој и прогрес, туку и стекнување на компетенции во однос на учењето нови јазици, интеркултурното разбирање и следствено пораст на можностите за вработување на меѓународниот пазар на труд.[345]

Извештајот на Европската комисија за 2010/2011 година укажува дека степенот на мобилност најдобро е развиен е во оние европски земји кајде е спроведена Еразмус програмата[346], како и билатералните програми. Генерално, подобра база на податоци е понудена за актуелната мобилност на студенти, отколку за акумулираната мобилност на студенти.[347] Република Македонија доби можност за учество во Еразмус програмата во академската 2009/ 2010 (како дел од Програмата за доживотно учење). Во меѓувреме финансиските средства за Македонија беа замрзнати, и повторно одобрени во ноември 2011. Во оваа насока, не изненадуваат податоците приложени подолу во однос на разликите во степенот на мобилност меѓу Македонија и Германија, како долгогодишен учесник во Еразмус програмата.

---

мобилноста за студентот и младите професионална, како средство за подготовка на младите луѓе за современиот пазар на труд; "***Агенда за нови вештини и работни места***" ноември 2010 година: има за цел да ги обедини "работата" и "образованието" во еден интегриран процес за доживотно учење со цел да го подобри степенот на вработувањето и оддржливоста на социјални модели. Инструментите за реализација се во приближувањето на бизнисмените, работодавците, образованието и обуката, со што би се понудиле соодветните вештини, кои одговараат на потребите на пазарот на трудот. Во врска со високото образование, Комисијата има за цел да го прошири пристапот до образованието и да развие, со помош на бизнисмените, квалификации базирани врз исход, т.е. взаемна добивка.

[345] Directorate-General for Education and Culture, Unit A4 (Analysis and studies): Denis Crowley, Head of unit Commission staff working document, PROGRESS TOWARDS THE COMMON EUROPEAN OBJECTIVES IN EDUCATION AND TRAINING, Indicators and benchmarks 2010/2011, SEC(2011)526 Chapter I: *Making lifelong learning and mobility a reality: Mobility in Education,* стр. 36 (6)

[346] Европската Комисија ја лансираше програмата Еразмус во 1987 година, и од тогаш повеќе од 1,5 милиони студенти и професори учествувале во Еразмус размени. Името Еразмус е акроним од "*European Community Action Scheme for the Mobility of University Students*", а програмата се дефинира како програма која ја поттикнува мобилноста на студентите и на наставните кадри и Европската соработка вклучувајќи високо- образовни институции и други клучни актери во економијата базирана на знаење. Од 2007 година програмата Еразмус е вклучена во програмата на Европската Комисија за доживотно учење. Учеството во програмата Еразмус подразбира исполнување на низа критериуми. Најважните критериуми се отворање на Национална Агенција која ќе биде одговорна за децентрализирано управување со програмата на национално ниво, како и отворање на Еразмус канцеларии на универзитетско ниво. Програмата за доживотно учење, односно секторската програма Еразмус е двигател на модернизацијата на високото образование во Европа и го инспирираше воспоставувањето на болоњскиот процес, и има за цел да придонесе за развој на Европа како напредно општество на знаење со одржлив развој, поголема општествена кохезија и подобри работни места за своите граѓани. Со цел постигнување на овие цели, програмата поттикнува размена, соработка и студентска мобилност на подрачјето на Европа.
извор:http://www.fzf.ukim.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=694&Itemid=1308&lang=mk-MK.

[347] Directorate-General for Education and Culture, Unit A4 (Analysis and studies): Denis Crowley, Head of unit Commission staff working document, PROGRESS TOWARDS THE COMMON EUROPEAN OBJECTIVES IN EDUCATION AND TRAINING, Indicators and benchmarks 2010/2011, SEC(2011)526, Chapter I: *Making lifelong learning and mobility a reality: Mobility in Education,* стр. 36 (6)

Прилог бр.6

Меѓународни студенти во %, кои биле вклучени во мобилноста во рамки на ВО (2000-2007)

**Foreign and mobile tertiary students as % of all tertiary students (ISCED levels 5 enrolled in the country (2000-2007)**

| | Foreign tertiary students | | Mobile tertiary students | | Annual growth in number of foreign tertiary students |
|---|---|---|---|---|---|
| | as % of all tertiary students | | | | |
| | 2000 | 2008 | 2007 | 2008 | 2000-2008 |
| EU-27 | 5.0 | 7.8 | : | : | 8.3 |
| Belgium | : | 12.2 | 6.4 | 8.6 | 1.3 |
| Bulgaria | 3.1 | 3.5 | : | 3.5 | 1.8 |
| Czech Rep. | 2.2 | 7.1 | 5.6 | : | 22.5 |
| Denmark | 6.8 | 8.3 | 5.5 | 2.8 | 5.6 |
| Germany | 9.1 | 10.9 | : | 9.3 | 3.6 |
| MK* | 0.7 | 2.0 | 1.5 | 2.0 | : |
| Turkey | 1.7 | 0.8 | : | : | 2.5 |
| Liechtenstein | : | 87.7 | 86.5 | 82.7 | 16.9 |
| Norway | 4.6 | 7.6 | 2.2 | 2.1 | 8.1 |
| United States | 3.6 | 3.4 (07) | 3.4 | 3.4 | : |
| Japan | 1.5 | 3.2 | 2.9 | 2.9 | 10.4 |

Source: UOE data collection (UNESCO, Eurostat, OECD)

Additional notes: DE, SI: Students in advanced research programmes (ISCED level 6) in these countries are excluded.
RO 2000: data exclude ISCED level 6.
Mobile tertiary students: students with residence or prior education in a foreign country
*MK: The former Yugoslav Republic of Macedonia; see Annex 2

Како што може да се забележи од приложеното, степенот на мобилност за надворешни студенти во Германија изнезува 9.1% во 2000, мобилноста на домашни студенти изнесува 10.9 во 2006 и 9.3 во 2008 година. Паралелно, во 2000 година, степенот на мобилност на надворешни студенти во Р.Македонија изнесува 0.7%, 2.0 во 2006, а мобилноста на домашни студенти во странство 1.5% во 2007 и 2.0% во 2008 година. Доколку се земат во предвид: временската рамка во која се спровеле болоњските насоки кои се однесуваат на трансформирањето на студиските (трициклични) системи, спроведувањето на ЕКТС, спроведувањето на националната квалификациона рамка, финансиската поддршка и расположливите општествени ресурси, економска стабилност, постоењето или отсуството на база на податоци од веродостојни информации за степенот на мобилност итн. може да се детектираат разликите во понудените информации во извештајот на Европската комисија. Имено,

Германија како една од предлагачите на Болоњската декларација, дел од овие болоњски препораки, кои директно и индиректни влијаат врз степенот на мобилност, ги спроведува уште од 1999 година, за разлика од Република Македонија, која официјално го прифати спроведувањето на овие реформи во 2003 година. Исто така факторот дека станува збор за земја членка на ЕУ и нон-ЕУ земја резултира со разлики во времето, ефикасноста и подготвеноста на земјата за спроведување на посочените реформи во високото образование. Следствено, може да се изнесе заклучок дека со оглед на овие суштински разлики во општествените рамки, нашата земја покажува волја, посветеност и капацитет да се справи со предизвиците на промените во високото образование на европско и светско ниво, но и да одговори на идните перспективи за развој кои им престојат и на Р.Македонија и на Германија до 2020 година.

### V.5 Промоција на европската соработка во осигурувањето на квалитетот во Германија

Во изминатата декада, осигурувањето на квалитет на европското високо овразование опфаќа широк обем на активности и методи за соодветна имплементација под надлежност на Европската мрежа на агенциите за обезбедување на квалитет (ENQA).[348] Ова тело во изминатата декада соработува со сите надлежни национални агенции за спроведување на квалитет, со цел усвојување на стандарди и насоки за надворешни проценки на квалитетот во предавањето и образувањето. [349]

Процедурите за акредитација во Германија, од потпишувањето на Болоњската декларација ги спроведуваат 8 официјални агенции за акредитации. Во последните години се спроведува процесот на трансферирање во институционално акредитирање, но овој процес сеуште не е спроведен во целост.[350] Сите 8 германски агенции за акредитација се членови на ENQA, а пет од нив се членови на Европскиот регистар за обезбедување на квалитет во високото образование (EQAR)[351] Освен овие државни, постојат уште неколку приватни агенции за акредитирање во рамки на Универзитетите.

---

[348] ENQA - European Network of Quality Assurance Agencies/види: http://www.enqa.eu/

[349] Sigrun Nickel, *Der Bologna-Prozess aus Sicht der Hochschulforschung Analysen und Impulse für die Praxis, Arbeitspapier* Nr. 148 September 2011/ Barbara M. Kehm, *Where does Germany stand in international comparison?* стр. 53

[350] Sigrun Nickel, *Der Bologna-Prozess aus Sicht der Hochschulforschung Analysen und Impulse für die Praxis, Arbeitspapier* Nr. 148 September 2011/ Barbara M. Kehm, *Where does Germany stand in international comparison?* стр. 53

[351] EQAR- European Quality Assurance Register for Higher Education/ види: http://www.eqar.eu/

Централен елемент во поставените цели за обезбедување на квалитет во германскиот образовен систем е развојот, имплементацијата и евалуацијата на националните образовни стандарди. Националните образовни стандарди се базираат на компетентноста на поединецот да ги разбере основните принципи на соодветна тема. Во таа насока, покраините се обврзани постојано да ги евалуираат и модернизираат ВО образовни стандарди, а воедно и да обезбедуваат финанска поддршка за Институтот за образовен напредок (IQB), кој редовно врши релевантни истражувања за степенот на имплементација на образовните стандарди.[352]

Акредитирањето во Германија се смета за прилично ригорозен и скап процес за Во институции, со ограничена, привремена важност.[353] Сите студиски програми мора да се изложуваат на акредитационен процес на секои 5 години. Агенциите се независни и вклучуваат и надворешни екперти. Во случај програмата да не се акредитира, истата не смее да се спроведува и понатаму. Во случај програмата или курсот да добијат ниска оценка на евалуација од студентите, превземањето на соодветни последователни мерки не е карактеристично за секој таков случај.[354].

Надлежно тело кое пак ги координира, регулита и контролира овие 8 агенции за акредитација е Фондацијата за акредитација на студиските програми во Германија : Central Acreditation Foundation[355]. Оваа Фондација ја издава крајната лиценца, односно финалната акредитација. Процесот на акредитација се финализира после 3 семестри и истиот беше спроведен околу 25% до 2009, според добиените резултати од ова истражување.

Националната квалификациона рамка во функција на обезбедувањето на квалитет во Германија е усвоена во 2007 година, за разлика од Република Македонија, каде се усвои на почетокот од 2011 година. Германска квалификациона рамка исто така се усвои со цел да се реализира признавањето на стекнатите квалификаиции во земјата и странство, насочување на студентите кон вистинскиот пат од развојот на својата кариера, значително подобрување на ситуацијата со мобилноста, како и соодветна поддршка на активностите од агендата за доживотно учење. На тој начин, не само што

---

[352] Dr. Georg Hanf; Dr. Volker Rein, *Towards a National Qualifications Framework for Germany*, 2006, стр.2
[353] Sigrun Nickel, *Der Bologna-Prozess aus Sicht der Hochschulforschung Analysen und Impulse für die Praxis. Arbeitspapier* Nr. 148 September 2011/ Barbara M. Kehm, *Where does Germany stand in international comparison?* стр. 54
[354] Sigrun Nickel, *Der Bologna-Prozess aus Sicht der Hochschulforschung Analysen und Impulse für die Praxis. Arbeitspapier* Nr. 148 September 2011/ Barbara M. Kehm, *Where does Germany stand in international comparison?* стр. 54
[355] *Stiftung zur Akkreditierung von Studiengängen in Deutschland* - Foundation for the Accreditation of Study Programmes in Germany (German Accreditation Council)

се зајакнува квалитетот на академската и стручната сила во земјата, туку и се овозможува целокупен прогрес во образовниот, културниот, економскиот и индиструскиот сегмент од општеството.

### V.6 Промоција на европската димензија во високото образование во Германија

Германија во последната декада, се соочува со клучниот предизвик за себепромоција во европскиот простор за високо образование, како стабилна економска, базирана врз знаење, наука и иновации-земја, која подеднакво им конкурира на останатите европски земји, но е и компетитивна на глобалната високо-образовна сцена. Во таа насока, Германија се обидува да ја промовира европската димензија на високото образование во својата земја, но и да придонесе кон промовирање на европската димензија на европскиот простор за високо образование, сред останатите водечки светки земји како САД, Кина, Јапонија и сл.

За таа цел, во Германија постојат неколку значајни федерални тела кои спроведуваат голем број на активности во функција на зајакнување на меѓународната соработка, и промивирање на европската димензија и актрактивноста на германското високо-образование, со цел привлекување на што поголем број странски кадар: студенти, наставен, административен и истражувачки кадар. Тоа се: Германскиот сервис за академска размена ДААД[356], кампања од ¾ години, со која се охрабруваат германските студенти да студираат надвор од својата матична земја; Александар фон Хумболт фондацијата,[357] Германскиот ректорски совет, Федералното министерство за образование и истражување, Германската истражувачка фондација[358] итн. Воедно, особено актуелни се и меѓународната програма за докторски студии на ДААД, како и меѓународната програма Макс-Планк за истражување, со кои се привлекуваат што поголем број на студенти и истражувачи од третиот циклус на студии.

Но, резултатите од ова истражување укажуваат на фактот дека германските универзитети или дел од нив, сеуште се соочуваат со одредени предизвици во спроведувањето на оваа болоњска препорака, како што е случајот и со Република Македонија. Заедничките предизвици се однесуваат на: обезбедување на што повеќе средства за соодветна промоција на високо-образовниот систем и привлекување на што

[356] крат. DAAD-Deutscher Akademischer Austauschdienst
[357] крат. Alexander von Humboldt-Stiftung
[358] крат. DFG-Deutschen Forschungsgemeinschaft

поголем број на странски студенти и наставен кадар. Во Германија тоа може да се реализира со ребаланс на Буџетот на Германија за 2011/2012 и одвојувањето на што повисока финансиска поддршка од федералното Министерството за образование, наука и култура, како надлежно во процесот на имплеменатција на болоњските реформи.

Во оваа насока и Република Македонија и Германија, главните мерки што ги превземаат се промовирање на програмите за мобилност, преку презентации, саеми, информативни центри, па сепак податоците покажуваат дека 90% од студентите се информирани преку лично истражување. Токму затоа взаемната соработка, координација и ангажираност на сите вклучени тела мора да зацврстува и развива во заедничка усогласена насока.

### V.7 Агендата за доживотно учење: искуството во Германија

Во јули 2004 година, германските федерални покраини усвоија заедничка стратегија за доживотно учење во Германија. Стратегијата има за цел да го промовира како во сите фази на животот и да ги поттикне и поддржи сите граѓани од сите возрасти, да се вклучат во истото. Доживотното учење во Германија ги опфаќа сите формални, неформални и информални учење и се нуди преку настава во различни форми.[359] На 23 април 2008 година, федералната влада го одобри концептот за доживотно учење. Концептот ги поврзува сите мерки кои беа воведени во квалификационата иницијатива " Прв напред преку образованието" и вклучува:

- мерки за подобрување на образовните можности за децата под шест години,
- проширување на обемот на мерки за подобрување на обуките;
- олеснување на преодот од училиште во високо образование;
- создавање на повеќе од 90 000 дополнителни места за студенти од прва година на факултет до 2010 година, според рамките на Пактот за високото образование;
- посветување повеќе внимание на технологијата и природните науки, како и подобрување на можностите за жените.

Во јануари 2007 година, германската влада и покраините заедно со вклучените образовни институции и социјалните партнери формира заедничка целна група, со цел да се изготви германската рамка за квалификации за доживотно учење (Deutscher

[359] Bundesministerium für Bildung und Forschung, *Konzeption der Bundesregierung zum Lernen im Lebenslauf, III. Konzeption für das Lernen im Lebenslauf*, стр.3

Qualifikationsrahmen für Lebenslanges Lernen - DQR) со цел да се презентира сеопфатниот профил на вештините стекнати во Германија.[360] Од тогаш, концептот DQR беше испитуван во четири професионални области врз основа на одредени класификации, со цел да се развие класификационен предлог до крајот на 2010 година. Конечната форма на оваа КРДУ е усвоен во март 2011 година.[361] Работната група имше за цел да посвети задолжително внимание на специфичните карактеристики на германскиот образовен систем. Ова уште на почетокот ги опфати сите формални квалификации во германскиот образовен систем, вклучувајќи ги училиштата, стручните обуки, високото образование и продолженото образованието.

Спроведувањето на Агендата за доживотно учење во целост е поддржана и преку усвоените ЕУ легислативи за новата рамка „Европа 2020"[362]. Имено, сите ЕУ препораки и цели за Европа 2020 ја подржуваат целта на спроведувањето на доживотното учење низ целиот животен циклус на човекот. [363]

Според податоците од извештајот на Европската комисија од април, 2011 година, бројот на возрасни (25-64) кои се вклучиле во процесот на образование нараснал за 9.3% од 2000 година, но сепак сеуште е далеку од поставената цел од 15%

---

[360] Bundesministerium für Bildung und Forschung, *Konzeption der Bundesregierung zum Lernen im Lebenslauf: III. Konzeption für das Lernen im Lebenslauf*, стр.3

[361] Deutscher qualifikationsrahmenr für lebenslanges lernen: *The German Qualifications Framework for Lifelong Learning* adopted by the "German Qualifications Framework Working Group" (AK DQR), 22 March 2011, стр.3

[362] Рамката Европа 2020 се усвои во 2009 година и истата ги дефинира петте основни одредници за образование до 2020 година:

- стапката/бројот на ученици кои рано го напуштаат образованието и обуката треба да биде помал од 10% (врз основа на сегашната стапка од 14,4% тоа би значело дека најмалку 1,7 милиони помалку напуштања во училиштата);
- бројот на лица од 30-34 годишна возраст со високо образование треба да биде најмалку 40% (во однос на сегашната стапка од 32,3% тоа би значело дополнителни 2,6 милиони дипломирани студенти);
- бројот на деца на возраст меѓу четири и возраст за почеток на задолжителното основно образование треба да биде најмалку 95% (тоа значи 250 000 повеќе млади деца вклучени во раното образованието, во однос на сегашната стапка од 92,3%);
- учеството на 15-годишните деца со слабо развиени вештини за читање, математиката и наука треба да биде помал од 15% (од околу 20% за сите три во целина, би значело 250 000 помалку деца со слаби постигнувања.);
- просечно најмалку 15% од возрасните (25-64 староснa група) треба да учествуваат во доживотното учење (моментално процентот на учество изнесува 9,3%. Постигнувањето на целта би значело 15 милиони луѓе повеќе, вклучени во образованието и обуката).

Во однос на финансирање, Европската комисија предложи цел со која 2% од БДП треба да бидат потрошени за високото образование.

[363] Directorate-General for Education and Culture, Unit A4 (Analysis and studies): Denis Crowley, Head of unit Commission staff working document, PROGRESS TOWARDS THE COMMON EUROPEAN OBJECTIVES IN EDUCATION AND TRAINING, Indicators and benchmarks 2010/2011, SEC(2011)526, Chapter I: *Making lifelong learning and mobility a reality: Mobility in Education*, стр. 32 (2)

до 2020 година.[364] Образованието за возрасни е една од четирите клучни компонентни од Европската стратегија за вработување и токму затоа нејзиното успешно имплементирање треба да е клучна цел на секоја земја. Податоците укажуваат дека само 8 земји членки оствариле прогрес во однос на ЕУ целите за 2010, а само 5 од нив во однос на целите за 2020. Во оваа смисла постои голема разлика на партиципација меѓу нордиските земји кои бележат континуитет во порастот на учеството на возрасни во продолженото образование, во однос на земјите од источна и југо-источна Европа.

Табела бр.1: Учество на студентите на возраст од (15-24), (2000-2008) во %
Извор: *Еуростат*

Табела бр.2 Учество на возрасни (24-65) во доживотното учење (2009) во %
Извор: *Еуростат*



Figure I.1.4: Students (ISCED 1-6) by sex aged 15-24 years as % of corresponding age population

| | Students enrolled as a % of corresponding age population at the age of... | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 15-24 years | | | 16-18 years | 20 years | 22 years | 24 years |
| | 2000 | 2007 | 2008 | 2008 | 2008 | 2008 | 2008 |
| EU-27 | 54.8 | 59.5 | 59.7 | 86.4 | 51.4 | 36.3 | 23.6 |
| Belgium | 65.3 | 68.6 | 68.2 | 94.4 | 66.0 | 42.7 | 24.5 |
| Bulgaria | 42.5 | 52.4 | 51.9 | 81.0 | 40.4 | 34.1 | 18.2 |
| Czech Republic | 47.9 | 62.1 | 61.6 | 95.1 | 48.8 | 35.3 | 23.4 |
| Denmark | 58.4 | 66.9 | 66.5 | 85.8 | 47.3 | 49.7 | 44.2 |
| Germany | 62.8 (i) | 65.4 | 64.7 (i) | 92.1 | 55.5 | 39.8 | 28.9 (i) |
| Estonia | 60.7 | 62.1 | 60.8 | 91.4 | 51.8 | 38.6 | 21.7 |
| Ireland | 54.3 | 58.1 | 57.9 | 93.2 | 57.9 | 28.4 | 12.6 |
| Greece | 53.6 | 60.1 | 64.2 | 83.0 | 68.5 | 45.5 | 27.9 |
| Spain | 56.2 | 55.4 | 55.4 | 81.9 | 49.5 | 34.7 | 22.4 |
| France | 61.7 | 58.8 | 58.3 | 86.7 | 50.0 | 31.6 | 16.4 |
| Italy | 46.9 (i) | 56.3 | 57.5 (i) | 85.6 | 43.4 | 33.5 | 24.8 (i) |
| Cyprus | 37.0 | 41.2 | 43.6 | 74.2 | 31.9 | 19.5 | 12.0 |
| Latvia | 55.4 | 62.5 | 61.0 | 89.5 | 52.6 | 45.2 | 19.9 |
| Lithuania | 60.1 | 68.7 | 69.0 | 95.1 | 65.8 | 49.4 | 26.4 |
| Luxembourg | 40.8 (i) | 41.8 | 46.3 | 79.1 | 33.5 | 14.5 | 7.1 |
| Hungary | 50.1 | 63.7 | 64.5 | 91.3 | 62.7 | 39.9 | 22.7 |
| Malta | 37.1 | 44.5 | (u) | | (u) | (u) | (u) |
| Netherlands | 62.7 | 67.5 | 68.1 | 91.5 | 65.0 | 45.5 | 27.9 |
| Austria | 50.9 | 53.8 | 54.5 | 84.4 | 36.6 | 31.2 | 24.6 |
| Poland | 61.6 (i) | 70.3 | 70.3 (i) | 96.0 | 69.3 | 52.6 | 30.5 (i) |
| Portugal | 51.1 | 53.0 | 56.2 | 82.6 | 47.5 | 34.3 | 22.1 |
| Romania | 37.3 (i) | 53.6 | 56.9 | 78.7 | 44.0 | 33.3 | 23.9 |
| Slovenia | 59.3 (i) | 70.1 | 71.0 | 94.6 | 84.5 | 50.6 | 35.9 |
| Slovakia | | 56.3 | 56.5 | 89.0 | 43.5 | 33.7 | 16.9 |
| Finland | 67.5 | 70.9 | 70.5 | 94.4 | 50.0 | 57.9 | 49.1 |
| Sweden | 64.5 | 66.6 | 65.0 | 97.9 | 36.3 | 43.8 | 39.2 |
| United Kingdom | 54.2 (i) | 47.7 | 47.9 | 72.9 | 40.5 | 20.9 | 13.4 |
| Croatia | : | 50.8 | 51.5 | 82.2 | 43.1 | 29.6 | 12.0 |
| Iceland | 60.8 | 66.6 | 65.4 | 84.5 | 50.2 | 32.0 | 39.6 |
| MK* | 35.4 (i) | 42.2 | 43.8 | 69.1 | 32.3 | 24.6 | 11.7 |
| Turkey | 18.3 | : | 33.1 | 45.1 | 27.9 | 21.2 | 11.6 |
| Liechtenstein | 8.4 | 54.4 | 55.0 | 90.2 | 33.5 | 46.9 | 22.7 |
| Norway | 62.5 | 66.1 | 65.3 | 91.7 | 50.1 | 27.5 | 30.8 |




Една од мерките кои Република Македонија ќе треба да ја превземе во наредниот период е усвојување на национална квалификациона стратегија за

[364] Directorate-General for Education and Culture, Unit A4 (Analysis and studies): Denis Crowley, Head of unit Commission staff working document, PROGRESS TOWARDS THE COMMON EUROPEAN OBJECTIVES IN EDUCATION AND TRAINING, Indicators and benchmarks 2010/2011, SEC(2011)526, Chapter I: *Making lifelong learning and mobility a reality: Mobility in Education*, стр. 35 (5)

доживотно учење, која ќе ги обедини сите концепти на учење во текот на еден животен циклус. Позитивно искуство во оваа смисла претставува германската квалификациона рамка за доживотно учење усвоена во март, 2011.[365] Германската квалификациона рамка за доживотно учење, за првпат овозможува рамка која ги вклучува сите квалификации од сите сфери на образование во германскиот образовен систем. Со својот капацитет во функција на национална имплементација на европската квалификациона рамка, КРДУ соодејствува со специфичните карактеристики на германскиот образовен систем и придонесува за спроведувањето на соодветна евалуација и споредливост на германските квалификации во Европа.[366] Целта е да се овозможи еквивалентност и диференцијалност меѓу квалификациите, како и поголема транспарентност, со цел истите да се користат како движечка сила за надминување на досегашните пропусти.[367] Клучниот аспект на една ваква рамка е да се постигне веродостојност во однос на обезбедувањето на квалитет, како и да се развие и промовира идејата дека квалификационите процеси треба да бидат засновани врз научни резултати т.н. „ориентација кон исходот".[368] Ова значи дека самата рамка ќе функционира во интерес на овозможување на најдобриот избор на можности преку подршката за промоција на мобилноста на студентите и работниот кадар меѓу земјата (Германија) и Европа.

Република Македонија мора да превземе поконкретни чекори и иницијативи, како во однос на концепирање на најдобрата рамка за спроведување на ЕУ насоките од Европа 2020, така и во однос на подигање на степенот на вклучување на граѓаните, особено групата на возрасни во образовните модели за доживотно учење. За таа цел потребна е размена на искуства, на информации, капацитети и ресурси: човечки, економски и општествени. Но пред се, потребна е комлементарна соработка на ВО институции, МОН, Агенцијата за образовни програми и мобилност, студенскиот сојуз, Стопанската комора на Република Македонија, приватните мали и средни

[365] Deutscher qualifikationsrahmenr für lebenslanges lernen; *The German Qualifications Framework for Lifelong Learning* adopted by the "German Qualifications Framework Working Group" (AK DQR) Status: 22 March 2011, стр. 1

[366] Deutscher qualifikationsrahmenr für lebenslanges lernen, *The German Qualifications Framework for Lifelong Learning* adopted by the "German Qualifications Framework Working Group" (AK DQR) Status: 22 March 2011, стр. 2

[367] Deutscher qualifikationsrahmenr für lebenslanges lernen, *The German Qualifications Framework for Lifelong Learning* adopted by the "German Qualifications Framework Working Group" (AK DQR) Status: 22 March 2011, стр. 2

[368] Deutscher qualifikationsrahmenr für lebenslanges lernen, *The German Qualifications Framework for Lifelong Learning* adopted by the "German Qualifications Framework Working Group" (AK DQR) Status: 22 March 2011, стр. 2

претпријатија и сл. Воедно потребна е и повисока финансиска поддршка, односно ребалансирање на буџетот за образование на Р.Македонија со посебна ставка за агедната за доживотно учење. Единствено преку заедничка и јасна утврдена цел, на која соодветно би одговориле сите вклучени страни, може да се постигне потребниот прогрес.

### V.7.1 Социјална димезија: искуството во Германија

Социјалната димензија е вредност сама по себе и еден од најважните услови за развој на компетитивноста на ЕХЕА. Реализирањето на социјалната димензија во високото образование значи пред овозможување на можности и услови за учество на студентите од сите генерации во сите нивоа на образование, почитувајќи ја разноликоста на национална, културна, верска, социјална и економска основа. Со почитувањето на овие аспекти при спроведувањето на социјалната димензија, секоја земја-потписничка на болоњската декларација, вклучително и Република Македонија дава свој придонес во создавањето на европските вредности во рамките на ЕХЕА, како и во промовирањето на атрактивноста на европското високо образование.

Со цел успешно реализирање на оваа исклучително важна вредност, потребен е пристап кон оддржлива база на податоци заснована врз информации од мониторирање на социјалната димензија во сите земју поединечно. Како што спомнавме во претходните поглавја, една од клучните ЕУ препораки во однос на социјалната димензија е остварување напредок во однос на расположливата база на податоци, како и во однос на спроведувањето евалуации во континуирана и компетентна временска рамка.[369] Оваа препорака е одговорност и обврска на секоја земја, но за жал во Македонија не постојат евидентни расположливи информации во однос на оваа мерка.

Социјалната димензија често е разбрана како превземање на конкретни мерки и активности во однос на непривелегираната оштествена група на граѓани, како оние со понизок степен на образование, имигрантите и сл.[370] Од друга страна, еден особено релевантен податок во контекст на социјалната димензија во високото образование е фактот што поголемиот избов на приватното финансирање на ВО институции доаѓа од

[369] Eurostat' report, 2009: *The Bologna Process in Higher Education in Europe – Key indicators on the social dimension and mobility*, стр. 47
[370] Eurostat' report, 2009: *The Bologna Process in Higher Education in Europe – Key indicators on the social dimension and mobility*, стр. 41

студенските членарини и останато финансиски придонеси.[371] Овој неоспорен факт карактеристичен скоро за сите европски земји, во одредена мера противречи на поддржувањето на социјалната димензија од аспект на финансиската поддршка на сите студенти во текот на своето образование. Ваквата пракса е значителна тешкотија за студентите што сакаат да студираат надвор од својата земја, особено поради високите цени на членарина и невозможноста од покривањето на овие трошоци од домашниот буџет или расположливите грантови и стипендии. На овој начин, не само што се оневозможува мобилноста на студенти и наставен кадар, туку и се придонесува кон создавање на привелегирани класи на студенти, идни академски граѓани и научници, што во голема мера ја загрозува социјалната рамнотежа и еднакво право на образование за сите граѓани. Промовирањето на мобилноста значи и размена и привлекување на студенти со потребни вештини и компетенции за конкурирање и вработување на европскиот пазар на труд, за што од исклучителна важност е осигурувањето на еднакви можности за студирање во странство. Токму затоа, оваа клучна препрека во високото образование останува предизвик за надминување во надлежност на креаторите на националните, регионалните, меѓународните и европските политики. За непречено студирање на студентите, во зависност од нивната економска и социјална позадина, секоја земја потписничка на болоњската декларацијата е обврзана да превзема мерки и активности за поддршка и финансиска поддршка на студентите во текот на студиите. Одговорноста кон своите граѓани сепак е и треба да биде највисоко приоритет на секоја земја.

Во Германија, економските и социјалните услуги на студентите се поддржани од страна на германските одделелнија за студенски прашања, кое им овозможува финансиска поддршка, сместување, ресторани, социјални и психолошки советувања на студентите, културни понуди за меѓународните студенти, понуди за учениците со посебни потреби, служби за вработување, услуги за кариера и др. Во Германија постојат 58 регионални одделенија за студенски прашања надвор од универзитетите, кои своите услуги им ги нудат на повеќе од 350 високо образование институции, на 180 универзитетски локации и на повеќе од 2 милиони студенти.[372] Па сепак, податоците од националната стратегија за социјалната димензија во ВО во Германија,

---

[371] Eurostat' report, 2009: *The Bologna Process in Higher Education in Europe – Key indicators on the social dimension and mobility*, стр. 75

[372] Болоња извештај, Germany - Good practices in Social Dimension implementation in Higher Education Social Dimension – Best Practice Germany

укажуваат на постоење небалансираност во однос на социјалната позадина на студентите кои се вклучени во германското образование.[373]

Дебалансирањето во однос на социјалната димензија најчесто започнува уште од најраните години. Клучен фактор за ваквата ситуација се финансиските прашања и спреченоста на луѓето со пониски примања, и пониското образовно ниво да се вклучат во наредните нивоа на образование.[374] Ова особено се однесува на мигрантите во Германија, па така 41 % од сите мигранти во високото образование доаѓаат од пониските социјални класи, што пак понатаму продолжува со ниско платени вработувања (повеќе од 67%) и оневозможување за прогрес на социјално и економско ниво.[375] Истовремено, помалата актрактивност на алтернативните образовни програми, што пак соодејствуваат и со финансиските бранши, недостатокот од соодветни насоки низ академскиот систем, рамноправна поддршка во текот на студиите и јазичната бариера, резултира со понизок степен на академски успех кај меѓународните студенти, и стекнување послаби квалификации и компетенци.[376] Последователно, тоа резултира со недостиг од контакти со германската популација и намалување на можностите за парична заработка. Токму затоа суштинскиот предизвик на Германија останува во креирањето на релевантна социјална рамка и овозможување на ефективна социјална инфраструктура со цел интегрирање на меѓународните студенти.[377] Имено, резултатите од ова истражување спроведено на ТУ во Дрезден, потврдуваат дека на германските универзитети скоро и да не постојат посебни мерки за интегрирање на миграционите студенти, ниту пак постоење на посебни институции кои ја земаат во предви културната, јазичната, националната, верската, општествената и економската разлика на студентите, кои би превземале различен вид на активности за надминување на предрасудите, недоразбирањата или слабата комуникација. И тие активности што се превземаат за промовирање на различностите и интегрирање во образовните системи, најчесто се на самоиницијативна база,на ниво на група на студенти, или пак на ниво на некоја невладина организација. Поддршката од страна на Универзитетот се состои од

[373] Ministerialdirigent Peter Greisler, BMBF, Ministerialdirigent Dr. Birger Hendriks, Schleswig-Holstein NATIONAL STRATEGIES on THE SOCIAL DIMENSION of THE BOLOGNA PROCESS, стр.1

[374] inisterialdirigent Peter Greisler, BMBF, Ministerialdirigent Dr. Birger Hendriks, Schleswig-Holstein NATIONAL STRATEGIES on THE SOCIAL DIMENSION of THE BOLOGNA PROCESS, стр.3

[375] Ministerialdirigent Peter Greisler, BMBF, Ministerialdirigent Dr. Birger Hendriks, Schleswig-Holstein NATIONAL STRATEGIES on THE SOCIAL DIMENSION of THE BOLOGNA PROCESS, стр.3

[376] Ministerialdirigent Peter Greisler, BMBF, Ministerialdirigent Dr. Birger Hendriks, Schleswig-Holstein NATIONAL STRATEGIES on THE SOCIAL DIMENSION of THE BOLOGNA PROCESS, стр.4

[377] Ministerialdirigent Peter Greisler, BMBF, Ministerialdirigent Dr. Birger Hendriks, Schleswig-Holstein NATIONAL STRATEGIES on THE SOCIAL DIMENSION of THE BOLOGNA PROCESS, стр.4

неспречувањето на оддржување на вакви собири и овозможување да се користат логистичките ресурси на факултетите. (Во оваа насока, акредитирањето на државен универзитет за рамноправно интегрирање на малцинствата, како што е случајот на Република Македонија, е недостижна реалност за турското малцинство во Германија, кое сешуте се доживува и дефинира како миграциона класа.)

Постигнувањето на прогрес со решавањето на овие проблеми во германскиот образовен систем е возможно само со оддржување на одговорноста и на федералната влада, и на покраините и на болоња follow-up групата.[378] За таа цел во 2008 година, во Дрезден беше усвоена квалификационата иницијатива за Германија со наслов „Напредок преку образование"[379] и истата нуди методи и мерки за надминување на дел од гореспоменатите предизвици.

Во Република Македонија, за разлика од Германија, превземените мерки и активности во врска со развојот на социјалната димензија се инкопонирање во неколку усвоени стратегии како: стратегија за намалување на сиромаштијата, стратегија за оддржлив развој итн,, но не и поединечно усвоена стратегија за социјалната димензија. Но клучната разлика меѓу Македонија и Германија сепак не се однесува во правната рамка или усвоените легислативи за справување со социјалните нерамнотежи, туку се однесува на расположливите бази на податоци и континуитетот во нивното евидентирање. Имено, во Германија повеќе од 50 години се спроведуваат социјални студии/анкети т.н."Sozialerhebungen", кои овозможуваат достапност кон веродостојната слика на социјалната и економската ситуација на студентите во Германија.[380] Овие анкети се спроведуваат на редовна база, а стекнатите информации и сознанија, особено од поглавјето за учеството во образованието "Bildungsbeteiligung", се сметаат за едни од најважните индикатори за промените во однос на еднаквите можности за стекнување високо образование. Покрај ваквите истражувања, се спроведуваат и соодветни анализи, како на пр. „Интернационализацијата на студентите/меѓународните студенти во Германија и германските студенти во странство", чии расположливи податоци се користат како основа на Eurostudent: меѓународна компаративна студија

[378] Ministerialdirigent Peter Greisler, BMBF, Ministerialdirigent Dr. Birger Hendriks, Schleswig-Holstein NATIONAL STRATEGIES on THE SOCIAL DIMENSION of THE BOLOGNA PROCESS, стр.15

[379] The Qualification Initiative for Germany, *GETTING AHEAD THROUGH EDUCATION*, Dresden, 22 October 2008

[380] Ministerialdirigent Peter Greisler, BMBF, Ministerialdirigent Dr. Birger Hendriks, Schleswig-Holstein NATIONAL STRATEGIES on THE SOCIAL DIMENSION of THE BOLOGNA PROCESS, стр.11

која обезбедува клучни информации поврзани со идното дизајнирање на социјалната димензија на ЕХЕА.[381]

### V.8 Вклучување на студентите: искуството на германските униврзитети

Местото и гласот на студентите како најрелевантниот фактор во Болоњскиот процес имаат подеднакво значајна улога и во Македонија и во Германија. Во Македонија студентите се вклучени во процесите за обезбедување на квалитет на ВОИ од кои доаѓаат и имаат свои претставничките тела преку студентските сојузи и студентиските парламенти. Но, како што е образложено погоре во трудот, се додека овие здруженија не почнат сериозно да функционираат и во пракса, се дотогаш секој чекор за имплементација на болоњскиот процес ќе биде недоследен, незагарантиран и во крајна линија-неоддржлив на подолг период, што е од клучна важност за одржувањето на квалитет во ВО. Имено, студентите во Македонија, сеуште го немаат стекнато неопходниот респект кон нивните права, потреби и искуства, кои не само што треба да се земат во предвид во донесувањето на сите промени или стратегии во однос на ВО, туку и се задолжителни, релеванти и клучни во пронаоѓањето на најдобрите алатки и инструменти за надминување на предизвиците при спроведувањето на промените. За оваа состојба, одговорни се надлежните институции, како и последиците од застарениот ВО систем, но клучната одговорност пред се ја носат студентите и неможноста да се солидизираат при превземањето потребни иницијативи.

Од друга страна пак, ситуацијата во Германија не е многу поразлична од Македонија, со таа разлика што претставниците на студенските сојузи, редовно и континуирано присуствуваат на важните средби кои ги организира Ректоратот, кој мора, (законски), да ги состане претставниците на различните факултети, студентите како рамноправни членови, претставниците на администрацијата и понекогаш и претставници на работните групи кои ги подготвуваат испитите. Разликата е во ефикасноста и посветеноста.

[381] Ministerialdirigent Peter Greisler, BMBF, Ministerialdirigent Dr. Birger Hendriks, Schleswig-Holstein NATIONAL STRATEGIES on THE SOCIAL DIMENSION of THE BOLOGNA PROCESS, стр.11

## V.9 Зголемување на атрактивноста и компетитивноста на европскиот простор на високото образование во Германија

Степенот на мобилност е најблиску поврзан со степенот на атрактивност и компетитивност на високото образование на една земја. Во оваа смисла, Германија, заедно со Б.Британија и Франција, продолжува да биде т.н „златен триаголник“ на европски земји кои да привлекуваат најголем број на меѓународни студенти. [382] Германија важи за една од водечките ЕУ земји во привлекувањето на голем број на студенти како од земјите на ЕХЕА, така и на студенти од земји надвор од ЕХЕА, во рамката на мобилност.[383] Ваквата ситуација не се должи исклучиво на степенот на имплементација на болоњските насоки и цели, ниту пак на обврските кон ЕХЕА, туку поради националната високо посветеност на фактите и бројките во однос на демонстрирањето актрактивност и компетитивност.[384] Високото образование во Германија во добар дел добра репутација, и следтвено не изненадува фактот што Германија има јасна тенденција да поседува конкурентна предност во однос на другите земји, без оглед на тоа што не постои јасна вертикална стратификација[385] или пак евидентно пониска школарина во однос на другите европски универзитети.[386]

Во генерална смисла, еден од клучните фактори за успешно промовирање на атрактивноста на ВО систем на земјата е зајакнување на меѓународната и регионалната

---

[382] Sigrun Nickel, *Der Bologna-Prozess aus Sicht der Hochschulforschung Analysen und Impulse für die Praxis, Arbeitspapier* Nr. 148 September 2011/ Barbara M. Kehm, *Where does Germany stand in international comparison?* стр. 52

[383] Податоците се превзементи од независните агенции за оценување CHEPS, INCHER-Kassel, ECOTEC 2010, стр.52

[384] Sigrun Nickel, *Der Bologna-Prozess aus Sicht der Hochschulforschung Analysen und Impulse für die Praxis, Arbeitspapier* Nr. 148 September 2011/ Barbara M. Kehm, *Where does Germany stand in international comparison?* стр. 52

[385] Општествена стратификација или т.н. општествената подвижност е степенот до кој се менува статусот на семејството на кое било лице или група во текот на животот преку системот на општествена хиерархија. Општествената подвижност исто така е и нивото кое може или не може да се достигне во класниот систем од страна на потомците на некое лице или група. Одредено лице или цело семејство може да достигне високо ниво во општествените класи или пак може да достигне многу ниско ниво во општествените класи, врз основа на достигнувањата или факторите кои се во рамките на нивната контрола. Структурната подвижност е еден вид на присилена *вертикална подвижност* која резултира од промената во однос на општествената положба. Се случува кога побарувачката на одредена професија го достигнува својот максимум и се потребни повеќе луѓе да помогнат во пополнувањето на местата. Подвижноста на размена е онаа која не е е структурна. Клучниот збор "размена" подразбира рамнотежа. Ова значи дека за разлика од празните места кои максимално се пополнуваат и каде има голема потреба од нови луѓе, во овој случај местата се намалуваат и некој друг мора да го пополни местото. Подвижноста на размена не се случува ако во игра е наследениот статус.

[386] Sigrun Nickel, *Der Bologna-Prozess aus Sicht der Hochschulforschung Analysen und Impulse für die Praxis, Arbeitspapier* Nr. 148 September 2011/ Barbara M. Kehm, *Where does Germany stand in international comparison?* стр. 52

соработка, односно меѓународното признавање на дипломите, квалификациите и комптенециите стекнати во земјата и странство, што пак е клучот за успехот на целата идеја за Болоњскиот процес, кој подразбира создавање на единствен ВО европски простор каде размената на човечкиот потенцијал е клучен во создавање на конкурентност. Доколку признавањето на стекнатите квалификации во текот на студиите, не се признаат меѓународно, тогаш и самата мобилност не само што е неуспешна, туку и во одредена мера и бескорисна. Токму затоа, главниот инструмент со кои може да се овозможи напредок во овој сегмент не е само националната рамка за квалификации, која меѓу другото треба да го зајакне и процесот на меѓународно признавање на стекнатите квалификации на студенти во и вон нашата земја, туку од особена важност е сите инволвирани страни, универзитети и релеванти институции целосно да се посветат кон обезбедување на услови за развој на меѓународната соработка, како што е на пример: назначувањето на координатори за меѓународна соработка на секој факултет, чии обврски нема да бидат само информирање за актуелните европски програми за размена, туку и зајакнување на меѓународната соработка на повеќе нивоа: промоција на факултетот, т.е. ВО институција, привлекување на што поголем број на меѓународни студенти, визитинг професори, т.е. размена на наставен кадар, размена на административен кадар, како и нудење на насоки за што поголемо искористување на ЕУ фонодвите за стипендирање на студентите при престојот во друга ЕУ земја, за студии или за пракса.

### V.10 Имплементацијата на третиот степен – докторски студии на германските универзитети

Во поглед на спроведувањето на третиот циклус-докторските студии во Германија, универзитетите се едногласни дека е потребна што поголема и поквалитетна промоција на истите, со цел успешно имплементирање и постигнување на саканите резултати до 2020 година, т.е, пораст на бројот на ВО квалитетни кадри, и конкуренти академски професионалци/истражувачи на глобалниот светски пазар. При промоцијата на третиот циклус, особено важна е работната квалификација која мора да биде во согласност по потребите на пазарот и економијата.

Во Република Македонија, со новите измени и дополнувања на законот за високо образование од февруари 2011 година, предвидени се измени во третиот степен-докторските студии, чии имплементација е во тек и соодветните резултати

допрва ќе треба да се евалуираат. Претходно, спроведувањето на истите започна во 2010 година, на што претходеа голем број на организирани работилници каде со помош на експерти од ЕУ се дискутираа успешните примери на спроведени модели.

Во 2011 година, федералната влада и покраините во Германија усвоија национална програма за спроведување на реформи, меѓу кои е усвоена е посебна инвестициона програма за високо образование и истражување.[387] Програмата се состои од три пакети мерки кои треба да овозможат финансиска подршка за високото образование и истражувачките организации. Според програмата вкупната инвестиција изнесува 18 милијарди евра, за период до 2015 година.[388] Овој висок износ на инвестиција се однесува на порастот на бројот на студенти во високото образование (26.000 евра за секој нов студент, со вкупен број од 275.000 нови студенти), како и серијата од иницијативи за зајакнување на истражувањето и иновациите во германските високо образовани институции и вон-универзитетски истражувачки институции.[389]

На почетокот на светската финансиска криза во 2008 година, изгледите дека ќе биде зафатен и високо-образовниот сектор беа многу мали, но во последните три години се поголем број на земји бележат кратење на јавното финансирање, односно државните буџети во однос на високото образование и истражување.[390] Со оглед на фактот што поголемиот број европски универзитети сметаат на јавното финансирање, врз основа на државните приходи, т.е. приливи на средства, не изненадува фактот што голем број на земји се одлучија за превземање рестриктивни мерки токму во областа на високо образование. Во однос на ова прашање, Република Македонија спаѓа во групата на земји каде кратењето на јавното финансирање во однос на образованието и истражувањето е до 5%, како и во останатите земји од Југо-источна Европа, како Хрватска, Чешка, Полска и Србија.[391] Постојат земји како Б.Британија, Естонија, Ирска, Италија, Литванија и Романија, каде што буџетските „кратења“ се движат меѓу 5 и 10%, што е значителен износ на финасиски средства. За разлика од овие земји, вклучително и нашата, Германија, како што видовме и погоре во текстот, бележи пораст

[387] Germany, National Reform Programme 2011, Berlin, 6 April 2011 *Around Europe: German Government pledges 18 billion Euros to higher education and research*, стр. 1
[388] Germany, National Reform Programme 2011, Berlin, 6 April 2011 *Around Europe: German Government pledges 18 billion Euros to higher education and research*, стр. 16
[389] Germany, National Reform Programme 2011, Berlin, 6 April 2011 *Around Europe: German Government pledges 18 billion Euros to higher education and research*, стр. 16
[390] Aisha Labi, *Report Assesses the Recession's Toll on Higher Education in Europe*, мај 2010, стр. 1
[391] Aisha Labi, *Report Assesses the Recession's Toll on Higher Education in Europe*, мај 2010, стр. 1

во финансиската поддршка за високото образование и истражувачките институции, пред се поради специфичниот федерален систем, и различната економска состојба кај сите 16 покраини на Германија.[392] Во финансиска смисла, тешко е да се направат компаративни споредби меѓу Германија и Македонија[393], но во однос на зајакнувањето на регионалната и меѓународната соработка на ниво на универзитети, државни институции и човечки ресурси, Македонија мора и треба да направи поконкретни и поодржливи чекори, со цел зајакнување на размената на информации, практики, иновации и човечки потенцијал. Затоа што токму навременото и поткрепено врз знаење детектирање, прецизирање и дефинирање на потребите, промените и условите во високото образование и истражувачката област, а кои ги создава брзото глобално општество, и овозможува на земјата не само да биде конкуретна и рамноправна сред другите земји, туку и да овозможи предност на национално, економско, политичко, општествено и меѓународно ниво.

---

[392] Aisha Labi, *Report Assesses the Recession's Toll on Higher Education in Europe*, мај 2010, стр. 2

[393] Врз основа на Меморандумот за разбирање за Седмата рамковна програма за истражување, потпишан на 13 јуни 2007 година од страна на министерот за образование и наука Сулејман Рушити и европскиот комесар за наука и истражување Јанез Поточник, Република Македонија доби можност за полноправно учество во Седмата рамковна програма за истражување на Европската унија. Седмата рамковна програма за истражување претставува основен финансиски инструмент на Европската комисија за поддршка на истражувањето и технолошкиот развој и е една од главните иницијативи директно поврзани со Лисабонската агенда – ЕУ да стане најдинамична и најконкурентна економија во светот базирана на знаење. Оваа програма има буџет од 50,5 милијарди евра со времетраење од 2007 до 2013 година. Главните цели на програмата се групирани во четири категории: соработка, идеи, луѓе и капацитети. За секој тип на цели постојат специфични програми што одговараат на главните области на истражувачката политика на ЕУ. Програмата покрива девет одделни области. За секоја област е предвидено номинирање на национални лица за контакт. Деветте области покриени со програмата се: Здравје Храна, земјоделство и биотехнологија, Информатички и комуникациски технологии, Нанонаука, нанотехнологија, материјали и нови производствени технологии, Енергија, Промени во околина и клима, Транспорт и аеронаутика, Социо-економски и хуманитарни науки, Вселена и безбедност. Национална партнерска институција одговорна за спроведување и координирање на активностите поврзани со програмата е Министерството за образование и наука. Во функција на успешно учество во Програмата, од страна на Министерството за образование и наука е номиниран национален координатор за програмата, како и национални лица за контакт за сите области што ги опфаќа оваа програма. Улогата на националните лица за контакт е со своето знаење и услуги да го помогнат успешното подготвување на проектите. Учеството на Република Македонија и на македонските истражувачи, институти, компании е на конкурентна основа. Може да се повлекуваат средства во зависност од квалитетот на предложените проекти. Со вклучување во оваа програма, за првпат се отвораат можности за македонските истражувачи да станат носители и координатори на проектите.
Извор: http://www.sep.gov.mk/default.aspx?ContentID=44

### V.11 Заклучоци и Препораки:

Спроведувањето на болоњските препораки во Република Македонија и Германија во изминатата декада, се соочи со низа тешкотии и предизвици, но и со реализирање на успех особено во неколку клучни реформи, карактеристични и за двете земји. Според одговорите од спроведеното истражување во оваа студија, клучните реформи во кои двете земји бележат успех се:

- Воведувањето на ЕКТС;
- Зајакнување на процесот за обезбедување на квалитет;
- Хармонизација на студиските програми со вдахнување на европска димензија со што се зајакнува процесот на приближување на образовниот систем кон ЕНЕА и интензивирање на мобилноста;
- Организирање на третиот циклус на студии согласно болоњските препораки;
- Промена на фокусот во процесот на високо образование ex catedra со студентот во центарот на внимание, методологијата и времетраењето на студиите.

Во однос на законските реформи - конкретно во Република Македонија, тоа се:

- Донесување на Законот за високо образование усогласен со препораките и обврските кои произлегуваат од Болоњскиот процес;
- Усогласување на правилниците и статутите на сите високообразовни институции согласно новиот закон.

Во Република Македонија вкупниот број на ВОИ во Република Македонија е 23, од кои 5 се државни и 18 приватни. Во 2010 академска година бројот на вкупно запишани студенти на сите ВО акредитирани институции изнесува 19 874. Една од стратешките цели и во Македонија и во Германија е овој број да се зголеми за 30% до 2015 година, според новата Болоњска агенда „Европа 2020“. Во Германија структурата на ВО систем е поразличен и поспецифичен за разлика од Македонија, и воедно финасирањето на овие институции се одвива преку други фази. Повеќе информации во однос на ова прашање се понудени во поглавјето погоре.

Министерството за образование и наука во Р.Македонија како надлежна институција сосема одговорно ја разбира потребата од изготвување на студиски програми кои ќе одговараат на потребите на пазарот на труд,[394] но реализацијата на

[394] НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДЕЛ I /II (2009 - 2030), стр. 18-19/ Високото образование е во корелациона врска со бизнис заедницата, со цел

истата е скоро минимална. Искуството покажува дека пристапот кој Германија го има во однос на ова прашање доведува до конкретни резултати и следствено - јакнење на економијата во земјата, особено со стратегијата на федералната влада која ги вклучува се поинтензивно малите и средни претпријатија, во подготовката на студиските програми, поради обостраниот бенефит и за студентите и за претпријатијата. Еден од начините е да се ангажираат претставници на фирмите (т.е. ваквите мали и средни претпријатија и во нашата земја), кои ќе ја вршат улогата на советници и аналитичари на студиските програми и кои ќе нудат конкретни информации и за потребите за пазарот на трудот, но и насоки за спроведување на пракса, особено за ново-дипломираните студенти. Искуството од ваков тип е повеќе од потребно, со цел студентите што полесно да се интегрираат во системот, а не само да поминат краток период на пракса, без задоволителни резултати.

Од друга страна пак, токму структурата на ВО систем во Германија, на научна насока и насочено образование, се повеќе создава т.н. елитни или привелегирани групи, кои за разлика од стручно-образованите студенти (или т.н. работничка класа), креираат група од граѓани кои ги користат општествените бенефици на германскиот образовен и социјален систем. Ова во одредена мера го нарушува концептот на Болоњскиот процес за создавање квалитетно високо образование, достапно за сите граѓани. Очигледно, под оваа дефиниција стои уште еден клучен подадок, или т.н. невидлива поддефиниција-дека квалитетното ВО образование станува достапно за богатата класа на граѓани, односно се повеќе прераснува во бизниз стратегија достапна за економски оддржливите општествени класи.

---

вложување средства за подобрување на квалитетот на високото образование, како и продуцирање и регрутирање на квалитетни кадри кои би биле со високо ниво на квалификуваност, откако ќе излезат на пазарот на труд. Треба да се подобри правната рамка и деловната клима за **малите и средни претпријатија**. Заради тоа, напорите треба да се фокусираат на брзи и едноставни процедури на одобрување. Сегашната државна политика за инвестирање речиси целосно е насочена кон придобивање на странски директни инвестиции (СДИ), додека се запоставува домашниот потенцијал. Стимулирањето на домашни инвестиции ќе даде добри ефекти бидејќи би ја направила земјата поатрактивна и за странски инвестиции. Највисок потенцијал за мали и средни претпријатија постои во следните сектори: туризам, индустрија (текстилна, машинска, автомобилска, енергетска и транспортна, ИКТ), земјоделство (примарно производство и биогорива) и производство на храна (конзервирање, вино, сирење, тутун, храна-стари рецепти, билки итн.) и занаетчиство (уметнички занаети, дрворезба, културни услуги ). Во тој смисол неопходно е да се негува и да се поддржи претприемништвото; имплементација на стратегиите за електронски комуникации и информатичко општество како и користењето на придобивките на информациската и комуникациската технологија; експлоатирањето на современиот технолошки развој и истражување и развој; обезбедување на рационално користење на енергијата и другите суровини и зајакнување на човечките ресурси и реализирање на нивниот потенцијал.

Според сегашната поделба на студиската структура, Мастерот овозможува reach knowledge, а крајната цел на имплементацијата на болоњските реформи е создавање на реално влијание во општеството – Impact the society. Во оваа смисла, болоњскиот процес има големо влијание врз поголем број на општествени сегменти и токму затоа потребна е оддржлива стратегија за успешна имплементација на подолг рок, со конретизирани цели, превземени чекори и очекувани резултати.

Овој труд воедно го обработува и прашањето дали во крајна линија е возможна реализација на првично предвидената цел на Болоњскиот процес – создавање на единствен оддржлив европски ВО систем и дали е тоа возможно да се очекува до 2020, според новата стратегија на Болоња?! Одговорите стекнати на ТУ во Дрезден е дека според досегашното искуство на германските универзитети, стандардизирање на студиските програми во различни ЕУ/нон ЕУ земји е скоро невозможно (освен во одредени случаи како примерот меѓу Германија и Франција). Кога би се земале во предвид сите аспекти на секое поединечно демократско општество и различните околности на функционирање, како што се: различен годишен буџет, различни стапки за финасирање на ВО, за развојот на науката, технологијата и истражувањето, понатаму различниот историски контекст на развој на ВО, па следствено различниот степен на културно наследство, колективна едукација, економска стабилност, финансиски можности и сл. се чини дека е невозможно да се очекува стандардизирање на еден единствен висок простор за европско образование, или пак имплементација на зададените задачи за модернизирање на образованието, со ист интезитет или пак со ист квалитет. Се чини дека општествените, социјалните, економските и културно-историските карактеристики на секоја ЕУ земја, во голема мера треба да се земат во предвид во понатамошната стратегија за постигнување на посакуваните цели според Болоњската декларација.

Според добиените одговори од спроведеното истражување, имплеметацијата на болоњскиот процес е тесно поврзана со политичката клима во државата, иако тоа не би требало да е случај, особено поради фактот што секоја поединечна влада поставува различни приоритети и има различен пристап во креирањето на образовната политика и спроведувањето на истата, а од друга страна автономноста на универзитетите треба да го гарантира квалитетот на високото образование.

Како резултат на сето погоре изложено се наметна и прашањето дали процесот на реформирање од „стари“ во „нов“ наставен систем е завршен или се уште трае, за што се добива одговор дека и покрај досегашната имплементација, сеуште постојат

слабости во спроведувањето на новиот студиски систем во ВО, за тоа што како што стои и во одговорот даден од Андре Хоне, координатор за студиската програма и планирање на Техничкиот Универзитет во Дрезден: „*Новиот систем е формално стариот систем со неколку измени/регулативи, имплементирани поради насоките од Болоња процесот, без претходна анализа за исходот односно резулатите. Промените беа брзи и останува во иднина да се надоместат празнините и негативните резулатити од брзите реформи. Контекстот останал ист! Потребни се нови проверки за да се увиди/надгледува контекстот во кој се спроведуваат болоњските реформи за високо образование*„.

Во однос на агендата за доживотно учење и осигурувањето на порастот на степенот на вработување на граѓаните во Р.Македонија и Германија, истата треба да биде огранизирана и дизајнирана со детален осврт на макро-целите кои овозможуваат квалификациите да бидат што потранспарентни, флексибилни и конкуретно ориентирани.[395] Во таа смисла, и образовната политика и политиката за вработување мора да осигураат споредливост и компатибилност на стекнатите квалификации во Република Македонија, со оние од другите европски земји. Клучна улога во реализирањето на оваа цел има националната рамка за квалификации која е движечка сила и на национално и на меѓународно ниво, интегрирајќи ја работата на сите релевантни страни одговорни за успешното спроведување на болоњските реформи.

Токму затоа високо образовните установи, како и истражувачките институции мора да ја продлабочат соработката со бизнис сектор и обострано да ги дефинираат клучните цели и мерки за обезбедувањето на квалитет во студиите и наставата. Обезбедување на квалитет во рамките на студиите и наставата е од централно значење за успехот на студиските реформи. Оддржливоста на идната конкурентност на нашата земја, пред се зависи од влијанието на ригорозните критеируми за квалитет спроведени на универзитети, како и на компаниите за кои работаат.

Универзитетите се на оние кои ги организираат и спроведуваат студиските програми, и истите кои обезбедуваат и користат надворешни и внатрешни алатки за обезбедување на квалитетот. Системите за обезбедување на квалитет, мора бидат конструирани на оддржлив начин, во сите универзитетити подеднакво, и да стане лајтмотив на наставниот процес. Во моментот кога ќе бидат етаблирани потребните структури за обезбедување на квалитет, студентите би профитирале од ВО квалитетна

[395] Види: http://www.cedefop.europa.eu/EN/Information-services/guidance-and-counselling-for-learning-career-and-employment.aspx

насока, на подолгорочен план. Целта е, за разлика од конкуренцијата во истражувањето, да се зајакне наставата во севкупниот универзитетски систем кој треба да промовира квалитет со меѓународни стандарди. Истовремено, целите, стратегиите и мерките мора да се приспособат на разновидноста од предмети и нивните специфични култури и мора да вклучуваат и други области како што се студентските советодавни услуги или центри за кариера.

Во прилог на зајакнување на структурите за промовирање на квалитетот и професионализам на инструкторите на универзитетите, одредени минимални политички и финансиски услови мора да бидат исполнети за спроведување на високо квалитетна и високо-вреднувана настава.

Со цел да се подобри соодносот меѓу студентите и наставниот кадар и со тоа да се зајакне и улогата на студентите во одлучувачките процеси, потребно е да се спроведат промени на правилата и прописите за функционирање на студенските тела, односно Сојузот на студенти, како релеванто државно тело. Ваквите промени и реформи, се во интерес на компаниите на кои итно им се потребни високо квалификувани студенти. Покрај тоа, постои потреба за модернизација на законот за вработување и договорот за плати кои овозможуваат пофлексибилни барања за наставата. Во модерната економија на знаење, или т.е. научна економија, добрата настава е подеднакво важна како и доброто истражување, затоа што добрата настава се заснова пред се на добро истражување и обратно. На сличен начин, успехот на студиската реформа, исто зависи од емпириското втемелување во редовните истражувања на студентите и дипломците на универзитетите. Во согласност со Болоњскиот процес, студиските реформи значат зголемување на квалитетот на студирање, и следствено нивното имплементирање, значи спроведување и успех на болоњските реформи во високото образование.

## VI. БОЛОЊА ПРОЦЕСОТ 2010 - 2020: СЕГАШНИ И ИДНИ ПРЕДИЗВИЦИ: Високото образование и светската глобализација

Целта на европската образовна политика е да придонесе кон квалитетно општо и стручно образование, да го унапреди пристапот до образованието и да постигне највисоко можно ниво на знаење по пат на постојано усовршување.[396] Соочувајќи се брзо растечката и движечка глобална економија, во која универзитетската популација во последната декада го зголеми својот број за два пати, со што ги победува конкуретните развиени земји на пазарот на трудот, земјите од стариот европски континент се соочија со потребата од нова агилна и иновативна економија. На тој начин образованата политика се соочи со повеќе предизвици: како да се продлабочи соработката меѓу државите членки на Европскиот простор за високо образование (EHEA), кој е најдобриот начин да се стимулира европската димензија на високото образование, како да се поттикне мобилноста на европско и меѓународно ниво, како да се усогласат и признаат правните и различните национални квалификациони рамки и сл. Паралено со овие конкретни предизвици, образваната политика се соочува со предизвикот да прерасне во светски лидер во глобалната економија на знаење и во таа смисла, високото образование игра суштинска улога во остварувањето на амбициите на Европа.

Стратегијата на Европа 2020 има за цел да го поддржи понатамошното модернизирање на европските системи на високо образование, и да им овозможи на високообразовните институции да го достигнат својот целосен потенцијал како предводници на развојот на човечкиот капитал и иновации.[397] Со цел да одговори на барањата на модерната економија базирана на знаење, на Европа и треба повеќе високо квалификувани дипломирани студенти, опремени не само со одредени знаења, туку и со видови на систем од вештини - како што се комуникација, флексибилност и претприемачки дух - што ќе им овозможат успех на пазарот на труд, во современото општество.[398] Во исто време, високообразовните институции мора да бидат способни

[396] Ingo Linsenmann, „Европа од А до Ш", Образовна политика, стр. 94

[397] Directorate-General for Education and Culture, Unit A4 (Analysis and studies): Denis Crowley, Head of unit Commission staff working document, PROGRESS TOWARDS THE COMMON EUROPEAN OBJECTIVES IN EDUCATION AND TRAINING, Indicators and benchmarks 2010/2011, SEC(2011)526, Chapter I: *Making lifelong learning and mobility a reality: Mobility in Education,* стр. 30

[398] Directorate-General for Education and Culture, Unit A4 (Analysis and studies): Denis Crowley, Head of unit Commission staff working document, PROGRESS TOWARDS THE COMMON EUROPEAN OBJECTIVES IN EDUCATION AND TRAINING, Indicators and benchmarks 2010/2011, SEC(2011)526, Chapter I: *Making lifelong learning and mobility a reality: Mobility in Education,* стр. 30

да ја одиграат својата целосна улога во т.н. "знаење-триаголник", во која образованието, истражувањето и иновациите „комуницираат" меѓу себе.[399]

Во обидот да се постигнат сите овие предизвици и цели, занемарувањето на подлабоки анализи и евалуации на досега постигнатите цели, го отвори прашањето за ефикасноста на спроведувањето на Болоња процесот, во чии рамки се спроведува европската образовна политика во претходната и оваа декада. Во таа смисла се надоврзува и прашањето за ефикасноста на Лисабонската стратегија која имаше за цел да создаде најконкуретно и динамично знаење, пазарно засновано и светски компатибилно образование преку горенаведените инстументи и насоки.

Спроведувањето на образовната политика, како суштинска вредност на ЕУ, заштитена со принципот на супсидијарност, е возможно само доколку секоја земја-членка понесе одговорност за националната стратегија во обликувањето и спроведувањето на образовните системи за општо и стручно образование, нивната културна и јазична разновидност, како и одговорноста за содржината на наставниот материјал. [400]

Предизвиците со кои се соочува Република Македонија при планирањето и спроведувањето на својата образовната политика, врз основа на податоците од анализата во овој труд, пред се се однесува на усогласувањето на образовниот систем со пазарната економија, т.е. потребите на пазарот на труд и отворениот политички систем. Рационализирањето на финансиите/инвестициите наменети за модернизирање на образовниот систем во согласност со потребите на домашниот и странскиот пазар на труд, како и предизвикот да се оддржи квалитетот на образовни кадри е клучен чекор со кој се соочува Република Македонија.

Во рамки на воспоставувањето и почитувањето на демократските вредности и принципи, интензивирањето на соработката меѓу државните и јавни институции, невладини институции, локални власти и сите релевантни субјекти кои се дел од образовниот систем во земјата е исто така од особена важност. На тој начин би се зголемил степенот на транспаретноста при спроведувањето на националната образовна политика и би се овозможила поголема ефикасност при процесот на нејзиното спроведување.

---

[399] Directorate-General for Education and Culture, Unit A4 (Analysis and studies): Denis Crowley, Head of unit Commission staff working document, PROGRESS TOWARDS THE COMMON EUROPEAN OBJECTIVES IN EDUCATION AND TRAINING, Indicators and benchmarks 2010/2011, SEC(2011)526, Chapter 1: *Making lifelong learning and mobility a reality: Mobility in Education*, стр. 30

[400] Договор од Лисабон, образование, стручно образование, млади и спорт, стр. 160

Креирањето на националната образована политика подразбира креирање на наставни програми кои би биле изработени во согласност со потребите и целите на студентите, Универзитетите и бизнис/индустрискиот сектор кои треба да одговорат и на оштествените потреби, но и на индивидуалната човекова потреба од знаење во согласност со своите интереси и квалитетити, а не во согласност со економско-политичките и социјалните услови кои се наментнати од страна. Но, одговорноста е обострана. Од една страна јавниот образовниот кадар треба да поседува одговорност и способност да ги регулира и управува со националните интереси и цели на образовната политика. Од друга страна, децентрализацијата треба да се води од образовни, а не политички интереси, придружена со адекватна финансиска автономија на Универзитетите, преку призмата и гласот на студентите базиран врз квалитетни демократски принципи и вредности.

Усогласувањето при креирањето на националната образовна политика не само што може да ги зајакне внатрешните економски, социјални и политички капацитети на земјата, туку може да овозможи пораст на еден научно конкурентен и образовно квалитетен и стабилен кадар кој не само што би можел да одговори рамноправно на сите предизвици во време на глобализација и потреба од економско-политичка надмоќ, туку и би понудил свој огромен придонес кон заврстување на националниот идендитет и интегритет на европската и светската сцена.

### VI.1 Предизвиците во високото образование на Република Македонија до 2020

Комплексноста на болоњските реформи бара постојано ажурирање на правна основа, со цел развивање на задолжителен регулаторен контекст за реформите во високото образование. Со донесувањето на Законот за високо образование во 2008 година, и понатамошните континуирани измени и дополнувања, се создаде правна рамка за надградба и промена на подзаконските акти и други правни инструменти во областа на високото образование, како и соодветни законски регулативи и стратегии кои се однесуваат на следните предизвици:

- ✓ Пораст на бројот на граѓани со завршено високо образование;
- ✓ Целосно спроведување на болоњските реформи;
- ✓ Зголемување на процентот на граѓани запишани во високото образование;
- ✓ Овозможување еднаков пристап до високото образование;

- ✓ Пораст на ефикасноста на високото образование;
- ✓ Зајакнување на формите за доживотно учење;
- ✓ Поддршка и обука за примена на информатичката технологија во универзитети;
- ✓ Поддршка на науката и истражувачките активности;
- ✓ Поддршка за обука на наставниот кадар за подобрување на квалитетот на студиите;
- ✓ Поддршка на проекти кои придонесуваат за имплементација на Болоњскиот Процес.[401]

Во таа смисла, поширокиот обем на цели кои треба да се постигнат, а се во согласност со европските усвоени препораки и цели се:

1. **зголемување на бројот на мобилност** на студенти и наставен кадар за секоја земја, вклучително и третиот циклус (докторските студии) до 2020 година до 25% како еден од најзначајните аспекти на Болоњскиот после 2010; [402]

2. Студиските програми да се дизајнираат на начин со кој би се интегрирале т.н. **„прозорци за мобилност"** Под „прозорци за мобилност" се подразбира планирање на семестри во кои сите предмети се изборни, што пак би овозможило токму тие семестри да се искористат за мобилност на друг универзитет.[403]

3.**Заедничките студиски програми да станат вообичаена пракса.**[404] Заеднички студиски програми се оние студиски програми во чие дизајнирање и спроведување учествуваат два или повеќе универзитета. После завршувањето на овие студии може да се издаваат двојни дипломи, посебна диплома од секој вклучен универзитет, или заедничка диплома, диплома на која стојат ознаките на двата универзитета и двата ректора кои можат да бидат на англиски јазик или двата јазика на соодветните институции.[405]Предноста на овие програми се состои во тоа што студентот уште при запишувањето знае дека еден дел од студиите ќе ги помине во партнерската институција, но и во фактот што со добивање на двојна или зедничка

[401] Национален извештај на Република Македонија, 2008/BOLOGNA PROCESS TEMPLATE FOR NATIONAL REPORTS: 2007-2009 стр.47,

[402] проф. д-р Елена Думова-ЈованоскаУниверзитет, проректор за настава на УКИМ /Болоња гласник: http://www.tempus.gov.mk/Documents/Bologna%20Newsletter_MAK.pdf, стр.7, цит.

[403] проф. д-р Елена Думова-ЈованоскаУниверзитет, проректор за настава на УКИМ /Болоња гласник: http://www.tempus.gov.mk/Documents/Bologna%20Newsletter_MAK.pdf, стр.7, цит.

[404] проф. д-р Елена Думова-ЈованоскаУниверзитет, проректор за настава на УКИМ /Болоња гласник: http://www.tempus.gov.mk/Documents/Bologna%20Newsletter_MAK.pdf, стр.7, цит.

[405] проф. д-р Елена Думова-ЈованоскаУниверзитет, проректор за настава на УКИМ /Болоња гласник: http://www.tempus.gov.mk/Documents/Bologna%20Newsletter_MAK.pdf, стр.7, цит.

диплома не му е потребна нострификација на добиената диплома во партнерските земји. Заслужува да се посочи дека во ваквите програми може да учествуваат и универзитети од повеќе земји.[406]

Овие три приоритети се однесуваат директно на пораст на мобилноста, а спроведувањето на соодтвентите препораки во однос на социјалната димензија, доживотното учење и препознатливоста на степените на образование, т.е оддржливо спроведување на навионалната рамка рамка на квалификации, се однесуваат на механизми за реализација на мобилноста.[407] Имајќи го наум основниот мотив да се обезбеди мобилност на студентите од трите циклуса на високо образование, со цел тие да бидат воспитани во духот на прифаќање на Европа како единствен, иако композитен пазар на трудот, сите други мерки од Болоњскиот процес стануваат јасни.[408]

Од друга страна, за да биде мобилноста спроведлива неопходно е престојот на друг универзитет, т.е. во друга земја да биде мерлив и споредлив и по обем и по квалитет. И токму тука клучно значење има Европскиот Кредит Трансфер Систем (ЕКТС) кој нуди јасно разработена процедура за документирање на сработеното на партнерскиот универзитет и препознавање на тоа на матичниот универзитет.[409] За оваа постапка да биде максимално унифицирана и транспарентна уште во 2004 година беше издаден прирачникот за користење на ЕКТС, кој според резултатите добиени од ова истражување, денес се користи и е достапен до сите студентите, на сите Универзитети во нашата земја. Вториот суштествен елемент потребен за остварување на мобилноста е обезбедување на компатибилен систем на работа на вклучените институции, кој подразбира: систем на оформување на наставен кадар, режим на студирање, методолошки пристап во наставата, систем на оценување, и клучно - вклучување на студентите во управувањето на образовниот процес.[410] Оваа цел се постигнува преку системот на евалуација и акредитација на институциите вклучени во високото образование. На ниво на Европската Унија постои Асоцијација на национални агенции за акредитација на високобразовни институции, во која особено значаен елемент е

[406] проф. д-р Елена Думова-ЈованоскаУниверзитет, проректор за настава на УКИМ /Болоња гласник: http://www.tempus.gov.mk/Documents/Bologna%20Newsletter_MAK.pdf, стр.8, цит.
[407] проф. д-р Елена Думова-ЈованоскаУниверзитет, проректор за настава на УКИМ /Болоња гласник: http://www.tempus.gov.mk/Documents/Bologna%20Newsletter_MAK.pdf, стр.8, цит.
[408] проф. д-р Елена Думова-ЈованоскаУниверзитет, проректор за настава на УКИМ /Болоња гласник: http://www.tempus.gov.mk/Documents/Bologna%20Newsletter_MAK.pdf, стр.8, цит.
[409] проф. д-р Елена Думова-ЈованоскаУниверзитет, проректор за настава на УКИМ /Болоња гласник: http://www.tempus.gov.mk/Documents/Bologna%20Newsletter_MAK.pdf, стр.8, цит.
[410] проф. д-р Елена Думова-ЈованоскаУниверзитет, проректор за настава на УКИМ /Болоња гласник: http://www.tempus.gov.mk/Documents/Bologna%20Newsletter_MAK.pdf, стр.8, цит.

интернационализација на овој процес со цел да се избегне субјективизмот и конфликтот на интереси особено во мали земји каде академскиот потенцијал и бројот на високобразовни институции природно е ограничен.[411]

Секако, реализацијата на мобилноста преку ЕКТС како клучен механизам, и обезбедувањето на институционалната компатибилност преку системот на акредитација е невозможна без доволна и достапна финансиска поддршка која треба ја осигура мобилноста на студентите и наставниот кадар. Во нашата земја, фондовите за мобилност сеуште не се користат во полн интезитет, од повеќе причини и услови, наведени погоре низ текстот, иако технички се достапни за сите заинтересирани субјекти.

Во однос на имплементација на третиот степен на студии, односно докторските студии постои „сериозна временска задршка во однос на другите така наречени „базични активности“: воведување на ЕКТС, обезбедување мобилност на студентите, препознатливост на степените на образование и организирање на студиите во циклуси итн.“[412], со оглед на фактот што во моментов само три универзитети во Р.Македонија ја имаат добиено потребната акредитација за спроведување на истите и тоа: УКИМ, Битолскиот и Штипскиот универзитет. Дел од приватните факултети, како ФОН е во очекување на потребната акредитација, иако веќе програмите се подготвени и спремни за спроведување од 2012 година.[413] Во однос на спроведувањето на докторските студии во престојниот период, очекуваните пречки кои би можело да произлезат се однесуваат пред се на ново дефинираните студиски програми за докторски студии, кои произлегуваат од новите измени во Законот за ВО од 2011 година, а се однесува на преголемиот број на планирани испити во текот на семестрите, и секако превисоката членарина за прием на истите[414], која воедно е и различна и неунифицирана од страна на универзитетите. Спроведувањето на докторските студии како процес, и во нашата земја дополнително во иднина ќе треба да биде надгледуван, анализиран и евалуиран, особено што во повеќето европски земји сеуште е дискутабилно прашањето дали е исклучиво истражувачка дејност и не треба да подложи на дополнителни промени и дали е возможно активноста на докторско ниво да се изразува во ЕКТС, и во таа

[411] проф. д-р Елена Думова-ЈованоскаУниверзитет, проректор за настава на УКИМ /Болоња гласник: http://www.tempus.gov.mk/Documents/Bologna%20Newsletter_MAK.pdf, стр.8, цит.
[412] проф. д-р Елена Думова-ЈованоскаУниверзитет, проректор за настава на УКИМ /Болоња гласник: http://www.tempus.gov.mk/Documents/Bologna%20Newsletter_MAK.pdf, стр.8, цит.
[413] Проф. д-р Ѓорѓи Тоновски, проректор за настава на приватниот универзитет ФОН, Скопје, цит.
[414] проф. д-р Зоран Велковски, редовен професор на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет при УКИМ и поранешен проректор за настава на УКИМ, цит.

смисла да се очекуваат соодветни резулати од мобилноста на докторантите.[415] Но, клучниот аргумент за спроведување на третиот степен на студии е воспоставување систематизирана релација на високото образование со истражувањето, а преку него со економскиот развој кој е суштинската база на сите европски процеси, вклучувајќи го и Болоњскиот процес.[416] Следствено клучните прашања се однесуваат на начинот и методите, односно квалитетот и системот за спроведување на овој тип на студии, а не на неефикасноста од истите. Но, единствениот начин да се обезбеди квалитет и на оваа основа е поттикнување и мотивирање на личните компетенции на индивидуата во комуникација со реалното опкружување, индустријата, економијата и општеството при процесот на стекнување знаење, низ сите три степени на стекнување знаење, вештини и компетенции.

Болоња процесот е токму онаа потребна алка која нуди стимулирачка соработка меѓу универзитетите и работодавците. Универзитети навистина се главните носители на одговорноста во обезбедувањето на квалитет, разновидност и избор при стекнувањето на знаење и вештини на дипломирани студенти од својата кариера. Но, неоспорно дека им се се потребни и импулси од бизнис секторот, кој не само што може да воспостави релевантни и динамични партнерства со универзитетите, туку и да им овозможи стекнување поголема автономност при процесите на креирањето и спроведувањето на образовните политики, со помала надлежност од страна на државните институции.

Искуствата во Германија укажуваат дека особено малите и средни претпријатија во околниот регион имаат можност и им обезбедуваат значајна поддршка и совети на универзитетите особено врска со создавањето на нови студиски програми и подобрување на можностите за вработување.[417] Така на пример, дека голем број од претставниците на компаниите во Германија, вршат функции на консултанти во Универзитетските совети и Агенциите за акредитација, поддржувајќи го развојот на „сервисните центри за кариера", и наставните курсеви на универзитетите, нудејќи им на студентите и наставниот кадар увид во деловна практика и оспособување на

[415] проф. д-р Елена Думова-ЈованоскаУниверзитет, проректор за настава на УКИМ /Болоња гласник: http://www.tempus.gov.mk/Documents/Bologna%20Newsletter_MAK.pdf, стр.8
[416] проф. д-р Елена Думова-ЈованоскаУниверзитет, проректор за настава на УКИМ /Болоња гласник: http://www.tempus.gov.mk/Documents/Bologna%20Newsletter_MAK.pdf, стр.8
[417] Dr. Peter Zervakis, Head of the Bologna Centre of the German Rectors' Conference / "Implementing Bologna in Germany: The universities in search for new business alliances"/ European University / Business Forum Education and Culture DG - Lifelong Learning Programme, Brussels, 28th – 29th February 2008, стр. 2

студентите со потребните вештини и практики со цел олеснување низ развојниот пат на својата кариера.[418]

За разлика пак од Германија, во Република Македонија сеуште не е усвоена ни правна рамка која не само што би ги дефинирила правата и обврските на бизнис заедницата кон универзитетите и обратно во однос на заедничкиот бенефит и придонеси, туку и би овозможила сериозен напредок во решавањето на неколку клучни предизвици со кои веќе долго време се соочува и ќе се соочува нашата земја. Овие клучни предизвици се однесуваат пред се на: високата стапка на невработеност на младиот дипломиран кадар, несоодветно вработување, отсуство на потребни вештини и компетенции во согласност со потребите на претпријатијата и работодавачите. Од друга страна самите работодавачи не само што ретко им нуди правна, економска и социјална сигурност на вработениот кадар, туку и често го злоупотребува потенцијалот на младите кадри, особено поради нивната лесна заменливост на широката понуда на пазарот на трудот. На крај сите овие суштински проблеми не само што водат кон развој на неефикасен, трул и принуден економски пазар, туку и во голема мера развој на општествен систем базиран на погрешни вредности и принципи кој резултира со немотивирани студенти, немотивиран наставен и административен кадар и следствено со висок степен на одлив на интелектуален кадар од нашата земја во странските земји, во потрага по поквалитетно и поценето образование, економска стабилност и социјална вредност.

Искуството на останатите европски земји укажува дека за успешна имплементација на Болоња реформите потребна е голема доза на публицитет и информативна работа, но и голема доза на ангажираност од сите релеванти субјекти, и секако повисоки инвестиции во високото образование, кои пак би биле искористени исклучиво на ефикасен, аргументиран, ангажиран и оддржлив начин од страна на универзитетите, во корист на студентите како сржта и движечката сила на болоња процесот.

---

[418] Dr. Peter Zervakis, Head of the Bologna Centre of the German Rectors' Conference / "Implementing Bologna in Germany: The universities in search for new business alliances"/ European University / Business Forum Education and Culture DG - Lifelong Learning Programme, Brussels, 28th – 29th February 2008, стр. 2

# VII. ЗАКЛУЧОК

Успехот на имплементацијата на болоњските насоки, задачи и цели во високото образование во Република Македонија, зависи од целосната координација и комуникација на сите високообразовни институции, државни надлежни институции, студентите и бизнис заедница. Прилагодувањето на нашите национални специфики кон барањата на европските стратегии, со цел обезбедување на што поквалитетно високо образование е од клучен приоритет на нашата земја, пред се поради несомнениот придонес во создавањето на здрава, демократска, стабилна и оддржлива конкурентност во сите економски, научно-образовни и политички подрачја на општеството.

Она што може да се заклучи врз основа на спроведеното истражување е дека Република Македонија својот примарен прогрес во однос на спроведувањето на болоњските реформи е усвојувањето на правните рамки, т.е.закони за дефинирање на задачите, одговорностите и активностите на сите вклучени субјекти во процесот на спроведување. И тоа секако е од исклучително значење при дефинирањето на првата фаза од процесот. Но, во обидот да се применат истите во пракса, односно при обидот да се спроведат правните регулативи, закони, акти и стратегии во наредните фази од процесот, тогаш произлегуваат вистинските проблеми и пречки на патот кон создавањето на квалитетно оддржливо високо образование за сите граѓани во оваа земја. Причините за ваквите предизвици може да се согледаат пред се во погрешно поставената база на усвојување на правните рамки, т.е. законите кои за да ја„ третираат проблематиката на високото образование мора да бидат прилагодени на националната стратегија, а не обратно, со што ќе се оневозможат постојаните турбуленци кои произлегуваат од колизијата меѓу политичките аспирации и реалниот контекст во високообразовната сфера“.[419] Вака погрешно поставените основи на законите, на кои им недостига суштински анализа и транспарентност при усвојувањето на истите, не само што ја влошуваат моментантална состојба во високото образование, туку и може на долгорочен план да го нарушат углед на нашата земја пред ЕУ во однос на ефикасноста во спроведувањето на болоњските реформи.

---

[419] д-р Емилија Симоска, член на Извршниот одбор на Советот и поранешен министер за образование во Владата на Република Македонија. / Високообразовните политики во регионот- експеримент или стратегија“,/http://cgc.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=30%3Aadasdasd&catid=4%3Aaktivnosti&Itemid=2&lang=mk

Носењето на брзи и неаргументирани решенија, стратегии и насоки за спроведување на болоњските насоки, не само што отвараат низа недоследности, нерегуларности и можности за манупулирање, туку отвораат и простор за погрешно толкување, интерпретирање и спроведување на истите, без можност за исправување на веќе направените грешки. И токму од овие причини, потребно е да се подигне свеста на што повисоко ниво за сериозни промени во начинот и методот во поставувањето на базичната образовна политика, т.е. агенда која понатаму се применува од страна на Универзитетите, студентите и во одреден дел и претставниците на бизнис заедницата.

Резултатите од ова истражување укажуваат на постоење токму на ваков тип на слабости кои не се мерливи или очигледни, а сепак оставаат сериозни последици врз научно-образовните аспетки во нашето високо образование. Имено, доколку при изработката на наставни програми или насоки за спроведување на нови промени во ВО, не се вклучуваат најрелевантите субјекти кои треба да понудат конкретни информации кои се соодветни на фактичките состојби, тогаш залудно е да се зборува за квалитет во соработка, комуникација, работата и во крајна фаза, за квалитет во областа која била подложена на рефомирање.

Одбегнувањето во постигнување на унифицираност, усогласеност и заедничко дејствување на повеќе нивоа од сите засегнати страни во високото образование, укажува на постоење на сериозни проблеми во скоро сите општествени сфери на дејствување, почнувајќи од врвот на пирамидата па надолу, и обратно. Но, со цел да се надминат потребено е да се разграни одговорноста и контекстот на дејствување. Па така, отсуството на заедничко транспарентно усвојување на планови, политики, стратегии и закони на државно ниво, првенствено ги усложнува работите на внатрешно секторско ниво, па понатаму го нарушува квалитетот на работа и соработка со универзитетите, тие пак понатаму со наставниот кадар, за на крај фактичкиот негативен ефект во најголема мера да го почуствуваат студентите како последна алка од општествениот синџир на трансферирање на погрешно интерпретирани одлуки, дејствија и задолженија. Од друга пак страна, ако студентите се гласот и суштината која ги придвижува реформите во високото образование, тогаш истите треба темелно и сериозно да се вклучат во одбраната на своите права и потреби, надминувајќи ја притоа традиционалната пасивност, колективната неспособност за обединување и одбегнувањето на обврски при конретното соочување и запознавање со она што им е понудено како готов производ, во случајот болоњските насоки и реформи. Поврзувањето на сите овие сегменти во една нераскинлива врска која е комлементарна

една со друга, која ги разбира, почитува и ги спроведува на дело принципите и вредностите на едно функционално, ефикасно, прогресивно, стабилно и одржливо општество, треба да биде клучна цел на нашата земја, затоа што тоа е единствениот пат кон успехот и развојот на човечкиот потенцијал, како суштина на образованието. Токму затоа одговорноста на сите субјекти е обострана.

Имено, за да се спроведе потребната научна авнономност на универзитетите, потребно е да управувањето, одлучувањето и финансирањето во високообразовните институции да се базираат на модел кој нема да ја стимулира политизацијата да државните универзитети, ниту злоупотребите или уцените на кои се изложени приватните универзитети. [420] Во оваа смисла, истата би можела да се реализира само соодветни закони базирани на осмислена стратегија, модели на финансирање и управување кои не го деградираат академскиот кадар, [421] Од друга страна тоа само по себе не може да гарантира квалитетот во образовнието и прогресивен успех во спроведувањето на болоњските насоки и цели, затоа што Универзитетите треба да ги понудат и своите заложби и отстапки во постигнувањето на заеднички усогласени рамки на функционирање. Невозможно е да се зборува само за еднострана одговорност, кога не постои усогласеност и унифицираност ни меѓу факултетите на еден Универзитет, ниту пак на ниво на Универзитети, особено во поглед на различните износи на финансирање од страна на студените, или пак во однос на задничките стратегии за зголемување на атрактивноста на ЕХЕА, зајакнување на европската димензија на високото образование, европската агенда за доживотно учење, спроведување на социјалната димензија и сл. Во оваа насока се и препораките од ова истражувања што побрзо да се усвои предложениот Совет за развој и финансирање на високото образование, кој сеуште не е регулиран и да се одржуваат почести јавни дебати за програмите за ВО кој треба да ги/ги усвојува Собранието на Република Македонија со учество на сите релеванти страни, а кои во моментов недостигаат, затоа што место програмите  кои се усвојуваат на секои 4 години, се Стратегијата за развој на образованието 2006-2015., што е секако непрописно и погрешно. Од друга страна, за

[420] д-р Емилија Симоска, член на Извршниот одбор на Советот и поранешен министер за образование во Владата на Република Македонија. / Високообразовните политики во регионот- експеримент или стратегија",/http://cgc.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=30%3Aadasdasd&catid=4%3Aaktivnosti&Itemid=2&lang=mk

[421] д-р Емилија Симоска, член на Извршниот одбор на Советот и поранешен министер за образование во Владата на Република Македонија. / Високообразовните политики во регионот- експеримент или стратегија",/http://cgc.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=30%3Aadasdasd&catid=4%3Aaktivnosti&Itemid=2&lang=mk

да се зајакне работата на Универзитетите и нивните факултетити на интерно ниво, потребно е:

- да се следеат импулсите на пазарот и потребите на студентите со цел зајакнување и продлабочување на практичната страна од болоњските насоки;
- да се зајакне на научно-истражувачката дејност, односно попрецизно да се регулираат насоките за реализација во пракса;
- да се зајакне мобилноста на студентите и наставниот кадар;
- да се активиираат што побрзо и поодговорно студентите во процесите на болоњските реформи, со цел секогаш да се има во предвид најопипливиот и најрелане импулс на тековните промени преку праксата на студентите.

За да се постигне напредок и прогрес во разбирањето на овие промени потребно е да се разбере болоњскиот процес како инструмент кој нуди насоки и методи како да се подобри квалитетот на високото образование во нашата земја, но не и резултати и готови решенија кои треба брзо да се усвојуваат или да им се нуди правна рамка, за да може да се оправда нивното спроведување пред напорите на нашата земја во својата евро-атланска аспирација. Позитивните искуства на туѓите земји се секогаш добредојдени, како што се и понудените информации во однос на Германија, но брзото прифаќање на истите без претходна анализа, отворена дискусија, размена на мислења, на информации и практики, можат да доведат само до нови замки на погрешно разбирање и применување. Токму затоа е потребно да се утврдат сопствените традиционални квалитети на високо-образовниот систем и врз основа на истите, како и врз основа на искуствата на расположливи наставните, научни и надлежни кадри, да се дефинираат суштинските слабости на стариот и новиот систем, да се дефинираат насоките за нивно подобрување и надминување, и да се унифицира универзитетската и државната стратегија во однос на рамката на прифаќање на болоњските насоки на европско ниво, се со цел да се направи детален увид во она што е корисно за нашиот високо-образовен систем, и кој е најдобриот начин да го постигнеме посакуваниот квалитет со нашите расположливи ресурси, како и културно-историско и социјално-економско наследство. На овој начин ми можело да се потикне мотивацијата и одговорноста на сите чинители да дадат свој придонес во разбирањето, толкувањето и применувањето на болоњските реформи, како принципи на европското образование, кои ги потикнуваат мирните демократски општества и ја зајакнуваат социјалната кохезија меѓу граѓаните, високо-образовните институции и државата.

# VIII. ПРИЛОЗИ

## ПРАШАЛНИК

Подготвениот прашалник има за цел да даде информации за текот на планираните интервјуа со: 4 проректори за настава од државниот УКИМ (поранешен и сегашен про-ректор за настава), приватниот универзитет ФОН и Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, како и 3 одговорни лица од Министерството за образование и наука во Република Македонија, активно вклучени во спроведувањето на болоњските насоки во нашата земја. Концептот на прашања соодејствува со задачите на ова истражување на тема:
***Болоња процесот: предизвици и перспективи: Имплементацијата во Република Македонија***

Студент: Емилија Туџаровска-Ѓорѓиевска,
Постдипломски студии: Менаџмент во образование
Институт за педагогија, Филозофски факултет
Универзитет "Кирил и Методиј"
02.11.2011 Скопје, Република Македонија
etudzarovska@yahoo.com/ 070 506 355

**Прашалник:**

**ДА/НЕ Прашања бр.1**
**Понудени одговори а)Да; б)Не; в)Не знам/ Делумно/ Потребен е напредок; (или по Ваш избор)**

1. Дали постои универзитетско тело кое го мониторира и евалуира спроведувањето на болоњските насоки?
2. Дали студиските програми соодејствуваат со потребите на пазарот на трудот?
3. Дали постојат редовни средби меѓу студентите, менаџерските тимови и претставниците на индустријата со цел усовршување и развој на студиските програми?
4. Дали додатокот на дипломата се издава на Универзитетот?
5. Дали Министерството за образование и наука ги обезбедува потребните информации што треба да се содржат во додатокот на дипломата?
6. Дали постојат расположливи податоци за степенот на признавање на стекнатите квалификации на македонските студентите во европските земји?
7. Дали постојат слабости во спроведувањето на ЕКТС и дали стекнатите кредити се лесно преносливи и признаени на странските универзитети?
8. Дали на Универзитетот се издаваат информативни пакети за ЕКТС, односно можностите и условите за студирање на студентите?

9. Дали сеуште се користат двојни модели на кредитирање, (европскиот и американскиот), и дали ова го отежнува процесот на признавање на кредитите во странство?

10. Дали националната политика за промовирање на мобилноста подеднакво го застапува и привлекувањето на странски студенти во својата земја и промовирање на привлечноста за студирањето на други европски универзитети?

11. Дали сте задоволни од степенот на мобилност на студентите на вашиот Универзитет?

12. Дали програмите за мобилност нудат позитивни резултати и дали се подеднакво достапни до сите студенти?

13. Дали постои универзитетско тело кое нуди информации, насоки и упаства за правилно користење на програмите за мобилност од страна на студентите?

14. Дали постои начин за мониторирање на резултатите од мобилноста?

15. Дали сметате дека е неопходен воспоставување на мониториг систем за следење на резултатите од мобилноста во надлежност на ВО установа или МОН?

16. Дали се спроведуваат програми за размена на наставниот и административниот кадар?

17. Дали сте задоволни од степенот на мобилност на наставниот и административниот кадар на вашиот Универзитет?

18. Дали постои размена на информации меѓу МОН и Универзитетот во врска со мобилноста на студентите, наставниот и административниот кадар?

19. Дали МОН одвојува доволно финансиска средства за промовирање и спроведување на мобилноста?

20. Дали националната рамка за квалификации е успешно дефинирана и дали може да ги оправда поставените цели?

21. Дали постои транспаретност и соработка меѓу сите релевантни учесници во рамки на НРК: Универзитети, студенти и агенции за спроведување на евалуциите?

22. Дали расположливите информациите од подготвените годишни универзитетски извештаи на база на внатрешна евалуација се користат во понатамошното креирање на образовни политики?

23. Дали редовно се спроведуваат анкети за студентите при подготовката на Универзитетскиот годишен извештај, со цел детектирање на слабостите и надминување на истите?

24. Дали соработка меѓу Универзитетот и МОН во смисла на размена на информации во однос на болоњските препораки е на задоволително ниво?

25. Дали регионалната и меѓународната меѓу ВО институции во смисла на размена на информации во однос на болоњските препораки е на задоволително ниво?

26. Дали постојат меѓународни соработки меѓу индивидуи и институции со цел

промовирање на европската димензија на ВО?

27. Дали спроведувањето на Агендата за доживотно учење во нашата земја е во задоволителна фаза и е во согласност со болоњските препораки?

28. Дали постои посебна ставка во буџетот за поддршка на спроведувањето на агендата за доживотно учење и дали треба да постои?

29. Дали е потребна стратегија за спроведување на социјалната димензија во високото образование на Република Македонија?

30. Дали постои тело кое спроведува мониторинг на степенот на спроведливост на социјалната димензија и дали е потребна расположлива, веродостојна и споредлива база на податоци во однос на стекнатите сознанија?

31. Дали степенот на ангажираност на студентите во спроведувањето на болоњските насоки е задоволителен?

32. Дали постојат чести средби меѓу менаџерските структури на универзитетите и претставниците на студентите со цел оценување на квалитетот на образовниот процес, и дали треба да се посвети повеќе внимание на ваквите средби?

33. Дали третиот циклус докторски студии е успешно спроведен на Вашиот универзитет?

34. Дали програмите за докторски студии се изработуваат врз основа на соработка со претставници од бизнис секторот, т.е. индустријата?

35. Дали е потребна стратегија за развој на научно-истражувачката дејност во Република Македонија?

36. Дали сметате дека е потребна подобра промоција на актрактивноста на ЕХЕА во нашата земја?

37. Дали сметате дека болоњските насоки во Република Македонија се солидно промовирани и разбрани од студентите/ граѓаните?

38. Дали академската слобода и автономноста на Универзитетот/те функционира во пракса?

39. Дали сте задоволни од одвоениот буџет за високо образование во Република Македонија?

40. Дали е потреба поголема финансиска поддршка за спроведување на болоњските насоки?

41. Дали светската економска криза го погоди ВО сектор во смисла на расположливост со финансиски ресурси за спроведување на болоските препораки?

42. Дали се потребни анализи и евалуации на досегашната имплементација на болоњските насоки во нашата земја?

**ПРАШАЊА бр. 2:**
**Ве молам за описен одговор на следните прашања:**

1. Кои се главните предизвици со кои се соочува Република Македонија при имплементацијата на болоњските насоки во високото образование?

2. Која соработка меѓу сите чинители на болоњските реформи: ВО инситуции, МОН, наставниот кадар, студентите и претставниците од бизнис заедницата треба дополнително да се подобри?

3. Кои мерки ги превзема универзитетот/ Министерството за пораст на мобилноста на студентите, наставниот и административниот кадар?

4. На кој начин може да се подобри промовирањето на европската димензија во Република Македонија?

5. На кој начин се спроведува агендата за доживотно учење на вашиот Универзитет?

6. На кој начин се финансира доживотното учење во Република Македонија и дали постојат и приватни начини на финансирање преку бизниз заедницата/индустријата?

7. На кој начин се вклучени мислењата и ставовите на студентите во креирањето на образованата политика на Универзитетот?

8. На кој начин се интегрираат информациите од бизниз секторот/индустријата во однос на нивните барања и потреби согласност условите на пазарот на труд?

9. На кој начин може да се подобри комуникацијата меѓу образовната институција и релевантните партнети од индустријата?

10. Кои мерки треба да се превземат за надминување на пречките во спроведувањето на третиот циклус докторски студии?

11. Како би ја опишале научно-истражувачката структура во Македонија?

12. Кои мерки треба дополнително да се превземаат за промовирање на атрактивноста на европскиот простор за високо образование?

13. Кои мерки ги препорачувате за зголемување на степенот на академската слобода и автономност?

14. Ваши препораки за иден одржлив развој на високото образование во нашата земја, врз база на Вашето досегашно искуство?

**Ви благодарам на вниманието и одвоеното време!**

# IX. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Ана Паваловска-Данева, доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје/ Глобус бр. 96
2. Аналитика, *Како да се постигне квалитетно високо образование во Македонија - Преглед на реформите во високо-образовниот процес во Македонија*, Декември 2008
3. Александра Синадиновска-Шумар,/*По повод 10 години Болоњска декларација*, Број 9 ноември/2009
4. Andre Höhne, Sachbearbeiter Umstellung Studiensystem, Dezernat Akademische Angelegenheiten, Planung und Controlling SG Studien ind Prüfungsangelegenheiten, ТУ Дрезден, мај 2010
5. Aisha Labi, *Report Assesses the Recession's Toll on Higher Education in Europe*, мај 2010
6. Budapest-Vienna Declaration on the European Higher Education Area, March 12, 2010
7. БУОВА, Елизабета/Иван Додовски, *Неформалното образование во Република Македонија: состојби и перспективи* / Младински културен центар- Битола, 2009
8. Berlin communiqué/ "*Realising the European Higher Education Area*" Communiqué of the Conference of Ministers responsible for Higher Education in Berlin on 19 September 2003
9. Berlin communiqué, *Higher education institutions and students*, стр. 5Barbara Weitgruber, Austria, Chair of the Working Group EHEA in a Global Setting (2007–2009); *1999- 2010 Achievements, Challenges and Perspectives: Europe's role in the global higher education setting*, стр. 29
10. Bundesministerium für Bildung und Forschung, *Konzeption der Bundesregierung zum Lernen im Lebenslauf, III. Konzeption für das Lernen im Lebenslauf*
11. Болоња извештај, Germany - *Good practices in Social Dimension implementation in Higher Education Social Dimension – Best Practice Germany*
12. Germany, National Reform Programme 2011, Berlin, 6 April 2011 Around Europe: German Government pledges 18 billion Euros to higher education and research
13. Declan Kennedy, Áine Hyland, Norma Ryan, Writing and Using Learning Outcomes: *a Practical Guide/ Implementing Bologna in your institution*, 2010
14. Договор од Лисабон, Фондација Конрад Аденауер/СЕП: Образование, стручно образование, млади и спорт, 2010 Скопје
15. David Crosier, Simon Dalferth, Teodora Parveva/ *Focus on higher education in Europe 2010: The Impact of the Bologna process/* Eurydice: European Commission, 2010
16. Deutscher qualifikationsrahmenr für lebenslanges lernen: *The German Qualifications Framework for Lifelong Learning* adopted by the "German Qualifications Framework Working Group" (AK DQR), 22 March 2011, стр.3
17. Directorate-General for Education and Culture, Unit A4 (Analysis and studies): Denis Crowley, Head of unit Commission staff working document, PROGRESS TOWARDS THE COMMON EUROPEAN OBJECTIVES IN EDUCATION AND TRAINING, Indicators and benchmarks 2010/2011, SEC(2011)526 Chapter I: *Making lifelong learning and mobility a reality: Mobility in Education*

18. Dr. Georg Hanf; Dr. Volker Rein, *Towards a National Qualifications Framework for Germany,* 2006
19. Dr. Peter A. Zervakis, Head Bologna Centre, German Rectors' Conference, Germany/ *The dilemma of proposing common standards for implementing learning outcomes in decentralized curricular develop*
20. Dr. Peter Zervakis, Head of the Bologna Centre of the German Rectors' Conference / "Implementing Bologna in Germany: *The universities in search for new business alliances"*/ European University / Business Forum Education and Culture DG - Lifelong Learning Programme, Brussels, 28th – 29th February 2008
21. E. Stephen Hunt, U.S. Network for Education Information Manager, U.S Department of Education, United States, *Improving recognition across systems*
22. Efstathios Michael, Cyprus, Chair of the Social Dimension Coordination Group (2007–2009) first Working Group on Social Dimension (2005–2007), *1999–2010 Achievements, Challenges and Perspectives: Widening access and participation to European higher education*, 2010
23. Eurostat' report, 2009: *The Bologna Process in Higher Education in Europe – Key indicators on the social dimension and mobility*
24. д-р Емилија Симоска, член на Извршниот одбор на Советот и поранешен министер за образование во Владата на Република Македонија, *Високообразовните политики во регионот- експеримент или стратегија*
25. Извештај на Е4 групата (ENQA-EUA-EURASHE-ESU), *1999–2010 Achievements, Challenges and Perspectives,* стр.35 Е4 групата има клучна улога во донесувањето на сите одлуки, стратегии и извештаи поврзани со болоњските препораки.
26. International Strategy of the German Rectors' Conference (HRK) - *Principles and Guidelines*
27. Ingo Linsenmann, „*Европа од А до Ш*", Образовна политика, 2009 Скопје
28. Juan Ramon de la Fuente, 1999- 2010 Achievements, Challenges and Perspectives: Europe's role in the global higher education setting
29. Carita Blomqvist, Chair of the Lisbon Recognition Committee, *1999–2010 Achievements, Challenges and Perspectives, Fostering mobility for lifelong learning*
30. Katharina Schuster, Frank Hees, Sabina Jeschke: *Dipl-Ing Rest in Peace? The Implementation of the Bologna Process in Germany's Engineering Education*
31. Kerstin Kruse TU Dresden International Office/Akademisches Auslandsamt, Технички универзитет, Дрезден мај 2010
32. Конвенцијата за признавање на квалификациите од високото образование во европскиот регион е усвоена 11 април, 1997 г. Во Лисабон, од страна на Советот на Европа и УНЕСКО
33. Convention on the Recognition of Qualifications concerning Higher Education in the European Region/Lisbon, 11.IV.1997
34. Communiqué of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education, Leuven and Louvain-la-Neuve, 28-29 April 2009
35. Cristina Bojan, THE EUROPEAN DIMENSION OF HIGHER EDUCATION BETWEEN THE LISBON STRATEGY AND THE BOLOGNA PROCESS
36. Ländergemeinsame Strukturvorgaben für die Akkreditierung von Bachelorund Masterstudiengängen (Beschluss der Kultusministerkonferenz vom 10.10.2003 i.d.F. vom 04.02.2010
37. London Communiqué Towards the European Higher Education Area: responding to challenges in a globalised world, 2007

38. Lesley Wilson, Secretary General, European University Association (EUA), 1999–2010 Achievements, Challenges and Perspectives: *The bridge between European higher education and research*
39. Министерство за образование и наука/Национална стратегија за развој на образованието во Р.Македонија, 2006-2015, Скопје 2006
40. Министерство за образование и наука на Р.Македонија/ Дополнување на законот за високо образование, член 69, февруари 2011
41. Министерството за животна средина и просторно планирање, национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија дел I/II (2009 - 2030), *Подобра иднина преку Промени - користење на нашето богато општествено, културно и природно наследство на урамнотежен начин: 3.6. Социјални прашања- невработеноста како главен проблем*, Скопје 2009
42. Marc Kaulisch/Jeroen Huisman - Higher education in GERMANY/Country report, October 2007
43. Ministerialdirigent Peter Greisler, BMBF, Ministerialdirigent Dr. Birger Hendriks, Schleswig-Holstein NATIONAL STRATEGIES on THE SOCIAL DIMENSION of THE BOLOGNA PROCESS
44. Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2006-2015
45. Национален извештај на Република Македонија, BOLOGNA PROCESS TEMPLATE FOR NATIONAL REPORTS: 2007-2009, Скопје 2009
46. Национална стратегијата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020, Скопје 2010
47. НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
48. Петар Поп Арсов, Собрание на Република Македонија, Комисија за европски прашања, Извештај Бр. 14- 764/2, 9 февруари 2011 година, Скопје
49. Peter Gaehtgens, HRK President, *Introduce credit points quickly at all higher education institutions*
50. ПОП Иванов, Лазар, Младински образовен форум ЕКТС - *Реалност или илузија во високото образование: анализа преку алатката пристап до информации од јавен карактер*, Скопје-јануари 2010
51. Поп Иванов, Лазар, Младински образовен форум; *Сонуваме да патуваме: анализа на академската и студентската мобилност преку алатката – пристап до информации од јавен карактер,* Скопје 2011
52. Prague communiqué/ *TOWARDS THE EUROPEAN HIGHER EDUCATION AREA* Communiqué of the meeting of European Ministers in charge of Higher Education in Prague on May 19th 2001
53. Prague communiqué, *FURTHER ACTIONS FOLLOWING THE SIX OBJECTIVES OF THE BOLOGNA PROCESS*, Prague on May 19th 2001
54. проф. Д-р Елизабета Бахтовска, Универзитет "Св. Климент Охридски"- Битола, *Болоња гласник: Реформа на студиските програми согласно Болоња,* Национална Темпус канцеларија Министерсво за образование и наука,
55. проф. д-р Замир Дика Универзитет на Југоисточна Европа, *Обезбедување квалитет-Краток ретроспективен осврт, трендови и национални насоки,* Болоња гласник/ Национална Темпус канцеларија Министерсво за образование и наука
56. проф. д-р Ленче Милошева, Универзитет "Гоце Делчев", *Штип Болоњски гласник: ЕКТС и Европскиот високо образовен простор,* Национална Темпус канцеларија Министерсво за образование и наука,

57. проф.д-р Љубомир Кекеновски и Тони Масевски, *Европското високо образование низ призмата на Болоњскиот процес*
58. проф. Д-р Марика Башеска – Ѓорѓиеска УКЛО, Економски факултет-Прилеп, *Докторските студии -трет циклус во високото образование на РМ*, ппп
59. проф. д-р Елена Думова-Јованоска, Универзитет "Св. Кирил и Методиј"/ *Болоњски процес: Мобилност на студентите*, Национална Темпус канцеларија Министерсво за образование и наука,
60. проф. д-р Трајан Гоцевски, УКИМ „Ekonomika na obrazovanieto"; Скопје 2005
61. Службен весник на Република Македонија, бр.47 од 30.06.2002 година
62. Sigrun Nickel, Der Bologna-Prozess aus Sicht der Hochschulforschung Analysen und Impulse für die Praxis, Arbeitspapier Barbara M. Kehm, Where does Germany stand in international comparison Nr. 148 September 2011
63. The Bologna Declaration of 19 June 1999, Joint declaration of the European Ministers of Education, стр
64. The Bologna Process 2020 - The European Higher Education Area in the new decade, Communiqué of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education, Leuven and Louvain-la-Neuve, 28-29 April 2009
65. The European Higher Education Area - Achieving the Goals, Communiqué of the Conference of uropean Ministers Responsible for Higher Education, Bergen, 19-20 May 2005
66. The European Students' Union/ Alessia Cacciagrano, Bruno Carapinha, Inge Gielis, Liam Burns, Ligia Deca, Mark Sciriha, Olav Oye and Viorel Proteasa, *Bologna With Stu dent Eyes 2009*
67. The Qualification Initiative for Germany, *GETTING AHEAD THROUGH EDUCATION*, Dresden, 22 October 2008
68. TOWARDS THE EUROPEAN HIGHER EDUCATION AREA Communiqué of the meeting of European Ministers in charge of Higher Education in Prague on May 19th 2001
69. УРЕДБА за Националната рамка на високообразовните квалификации, член 99 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09 и 115/10), 17. 11. 2010 година
70. Универзитетски весник, февруари, 2011, „Подготовски за втора надворешна последователна евалуација на УКИМ"
71. УКИМ, ПРАВИЛНИК за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, февруари 2010: IV. Структура на студиските програми
72. ФИИОМ Извештај, *Анализа на капацитетите за добро управување во образованието*, Скопје декември 2007
73. Hartwig Lydia, Bavarian State Institute for Higher Education Research and Planning, Munich, Germany, *Recent developments in higher education funding in Germany and the role of marketisation (0259)*
74. HRK: International Strategy of the German Rectors' Conference (HRK) - *Principles and Guidelines*
75. HRK, Prize „Outstanding Achievements in International Higher Education Cooperation"
76. HRK: National higher education system: Germany
77. Центар за истражување и креирање политики; *Како до поквалитетно високо образование,* Скопје 2009

**Линкови:**


1. http://europa.eu/int/comm/education/recognition/diploma.html
2. http://ec.europa.eu/education/lifelong-learning-policy/doc1239_en.htm
3. http://europa.eu/int/comm/education/recognition/diploma.html
4. http://mon.gov.mk/novosti/696-2011-01-13-13-10-11
5. http://www.lisica.mk/statija/12058, Никола Тодоров, министерот за образование и наука, цит.
6. http://www.esib.org/index.php/issues/Academic%20Issues/83-european-credit-transfer-system.html
7. http://ec.europa.eu/education/lifelong-learning-policy/doc48_en.htm
8. http://www.tempus.gov.mk/Documents/Bologna%20Newsletter_MAK.pdf
9. http://www.ond.vlaanderen.be/hogeronderwijs/bologna/actionlines/QA.htm
10. http://www.ehea.info/article-details.aspx?ArticleId=24
11. http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=11511840267&id=9&prilog=0&setIzdanie=22182
12. http://mail.tocka.com.mk/index12.php?ID=44137, Изјава на ректорот на Универзитетот, проф. Д-р Велимир Стојковски
13. http://www.no.net.mk/nefob/neformobr/strategija
14. http://www.bmbf.de/en/3336.php
15. http://www.bolognanet.hrk.de/
16. http://eu.daad.de/eu/bologna/06970.html
17. http://www.bmbf.de/en/15553.php
18. http://www.kmk.org/fileadmin/veroeffentlichungen_beschluesse/2003/2003_10_10
19. http://www.kmk.org/fileadmin/veroeffentlichungen_beschluesse/2003/2003_10_10 Laendergemeinsame-Strukturvorgaben.pdf
20. http://www.bmbf.de/en/15945.php
21. http://www.das-neue-bafoeg.de
22. http://www.cedefop.europa.eu/EN/Information-services/guidance-and-counselling-for-learning-career-and-employment.aspx
23. http://cgc.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=30%3Aadasdasd&catid=4%3Aaktivnosti&Itemid=2&lang=mk
24. http://www.fzf.ukim.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=694&Itemid=1308&lang=mk-MK,
25. http://mon.gov.mk/novosti/702-zakonvisoko
26. http://www.hrk-bologna.de/bologna/de/home/3222_4003.php
27. http://www.mondialisations.org/php/public/art.php?id=32002&lan=EN
28. http://conventions.coe.int/Treaty/EN/Treaties/Html/165.htm
29. http://www.makdenes.org/content/article/1475023.html
30. http://www.sep.gov.mk/default.aspx?ContentID=44